**FRIEDRICH EBERT STIFTUNG**
**&**
**ДРУШТВО НА АГРОЕКОНОМИСТИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

---

**НАУЧЕН СОБИР**
Скопје, 06.02.1998 год.

Skopje

Dolgoročen razvoj na agrokompleksot vo

# ДОЛГОРОЧЕН РАЗВОЈ НА АГРОКОМПЛЕКСОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

- РЕФЕРАТИ И ДИСКУСИИ -

republika Makedonija

referati i diskusii

**Фондација “Фридрих Еберт”**
**Канцеларија Скопје**
**Скопје, март 1999 год.**

A 99 - 05074

Friedrich-Ebert-Stiftung Bonn Bibliothek

**Издавач:**
Фондација "ФРИДРИХ ЕБЕРТ"
Канцеларија Скопје

**За издавачот:**
Милинка Трајковска

**Стручна редакција:**
д-р Јорде Јакимовски
д-р Борис Анакиев

**Лектор:**
Марија Станкова

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека " Св. Климент Охридски", Скопје

338.43(497.7)(063)

ДОЛГОРОЧЕН развој на агрокомплексот во Република Македонија: реферати и дискусии / Научен собир, Скопје, 06.02.1998 г. - Скопје: Фондација "Фридрих Еберт" Канцеларија Скопје, 1999. - 158 стр.: табели ; 20 см.

"... Научен собир "Долгорочен развој на агрокомплексот во Република Македонија" --- > предговор. - Фусноти кон текстот. Summary

ISBN 9989-9988-5-X

а) Агростопанство - Македонија - Собири

Jorde Jakimovski

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР** ........ 5

**I. РЕФЕРАТИ**

1. **Проф. д-р Тодор Галев**
ЕЛЕМЕНТИ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ДОЛГОРОЧНИОТ РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 9

2. **Љубица Нури, дипл. правник**
ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА И ПРОИЗВОДСТВОТО ОД АГРОКОМПЛЕКСОТ КОН БАРАЊАТА НА ЕВРОПСКИОТ И СВЕТСКИОТ ПАЗАР ........ 38

3. **Проф. д-р Јорде Јакимовски**
СОСТОЈБА И РАЗВОЈ НА СЕЛОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 57

4. **Доц. д-р Драган Ѓошевски**
КРЕДИТИРАЊЕТО НА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА АГРОКОМПЛЕКСОТ ........ 72

**II. ДИСКУСИИ**

1. **м-р Киро Докузовски**
НЕКОИ АСПЕКТИ НА АГРАРНАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 93

2. **м-р Санде Џамбазовски**
СОРАБОТКАТА МЕЃУ НАУКАТА И ПРАКТИКАТА ........ 101

3. **м-р Вангел Гагачев**
ПОТРЕБА ОД КАПИТАЛ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ........ 108

4. **Проф. д-р Борис Анакиев**
КОМПЛЕКСНОСТ МЕЃУ СТОЧАРСТВОТО
И ДРУГИТЕ ГРАНКИ ........ 112

5. **Стојмирка Тасевска**
ПАЗАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ........ 114

6. **д-р Душан Бубевски**
ТРЕБА ДА СЕ ИСКОРИСТАТ ПРЕДНОСТИТЕ
НА СЕКОЕ ПОДРАЧЈЕ ........ 118

7. **Проф. д-р Видоја Трпески**
АПЛИЦИРАЊЕ НА АГРОМЕРКИТЕ
ВО ПРАКТИКАТА ........ 121

8. **Проф. д-р Владо Крстевски**
НЕКОИ ПРОБЛЕМИ ВО ЛОЗАРСКОТО И
ОВОШТАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ........ 125

9. **Доц. д-р Симеон Карајанков**
ПРОБЛЕМИ ВО ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО ........ 135

10. **м-р Христо Халески**
КРЕДИТИРАЊЕТО ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ........ 138

11. **Доц. д-р Цане Пејковски**
ВЕТЕРИНАРСТВОТО И РАЗВОЈОТ
НА СТОЧАРСТВОТО ........ 142

12. **Ристо Волчевски**
КРЕДИТИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ........ 144

13. **Проф. д-р Тодор Галев**
ДИЛЕМИТЕ ПО ОДНОС НА ПЛАНОТ И СТРАТЕГИЈАТА
ЗА ПОИНТЕНЗИВЕН РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО
ДО 2020-та ГОДИНА ........ 147

14. **Проф. д-р Стефан Костовски**
СТРАТЕГИЈА, ПОЛИТИКА И УПРАВУВАЊЕ СО
РАЗВОЈОТ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 150

**SUMMARY** ........ 156

## ПРЕДГОВОР

Во рамките на својата програмска ориентација, Друштвото на агроекономистите на Република Македонија и Фондацијата Фридрих Еберет - Канцеларија Скопје, во соработка со Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и Стопанската комора на Република Македонија, организираа научен собир на тема: **"Долгорочен развој на агрокомплексот во Република Македонија"**, кој се одржа во Скопје на 06.02.1998 година. На крајот на научниот собир се одржа и Годишното собрание на Друштвото.

Организаторите се определија за една од значајните теми во сегашниот и идниот економски развој, со оглед на тоа дека аграрниот сектор е значаен носител на економскиот развој и дека во него се наоѓаат големи резерви во стопанството. Научниот собир имаше за цел да го дефинира патот, да се пронајдат решенија за активирање на производните потенцијали во агрокомплексот и оспособување на субјектот во земјоделството за ефикасно извршување на својата функција во процесот на репродукцијата.

Нагласените динамични промени не овозможуваат достапен временски простор (поради интензитетот) за разрешување на низа проблеми, а во одделни делови се нарушува нормалното одвивање на земјоделското производство (селото полека старее, се напушта обработливата површина и слично).

Тежината на одделните проблеми кои не ретко се манифестираат во заострени форми, како последица на длабоките економски и политички промени во општеството а особено во агрокомплексот, често видливи и без подлабоки научни истражувања, упатуваат на низа парцијални решенија во аграрната политика.

Покрај позитивното влијание, дел од овие мерки-решенија во агрокомплексот и на село подолго создаваат определени несигурности и неизвесности во поглед на структуирањето на производството, пласманот и слично.

Сите овие стојалишта за агрокомплексот и селото, презентирани индискретно во јавноста, со или без некој повод, не придонесуваа за разјаснување на неговата суштина во сегашни услови, а уште помалку помагаат да се согледаат контурите на концептот на аграрната политика.

Целта на организаторите на овој научен собир беше да се актуелизира прашањето за развојот на агрокомплексот, мошне значајно за нашиот понатамошен развој, и преку еден интердисциплинарен пристап да се укаже на елементите-факторите за изработка на модел за развој на агрокомплексот и селото.

Таквата цел се обидовме да ја операционализираме преку понудените теми за научната расправа, поаѓајќи од искуството на развиените земји, како и од сопствените економски и политички специфики, и да дадеме придонес за изградбата на еден конзистентен концепт на аграрната и руралната политика во Република Македонија.

Како учесници на собирот се поканети научни работници од Република Македонија и тоа: агроекономисти, економисти, социолози и агрономи, со што е обезбеден интердисциплинарен пристап на расправата, потоа претставници од Владата и некои невладини организации кои се блиски до оваа проблематика, сѐ со цел да се согледаат и искуствата од практиката.

Фондација<br>Фридрих Еберт<br>Директор<br>Михаел Вајхерт

Друштво на агроекономисти на<br>Република Македонија - Скопје<br>Претседател<br>Проф. д-р Тодор Галев



# РЕФЕРАТИ

*Проф. д-р* ***Тодор Галев***
*Земјоделски факултет - Скопје*

# ЕЛЕМЕНТИ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ДОЛГОРОЧНИОТ РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во поново време, насловената тема е предмет на повеќе истражувања и написи (лит.1, 2, 4 и 5). Во трудов целта е повеќе да се подвлече значењето и улогата на земјоделството во севкупниот економски развој на стопанството, минатите трендови во користењето на потенцијалите, факторите и резултатите во досегашниот развој кои со можно пренасочување кон поинтензивен развој, послужија како основа за креирање програма на стратегија за поинтензивен долгорочен развој на земјоделството на Македонија.

## 1. Значењето и улогата на земјоделството во стопанството на Македонија

### 1.1. Директниот придонес на земјоделството во стопанството

Покрај големото значење на земјоделството во ангажирањето на работната сила и животот на село (каде сега сѐ уште живее 39% од населението, вработени се 12% активно земјоделско население), во последните 25 години во формирањето на општестсве-

ниот производ на стопанството учествува, во периодот 1971-1975 г. со 21,3%, во подолг период (1975-1990) со 17% и по осамостојувањето на Македонија (1991-1995) со 23,35%. Покачувањето на учеството на земјоделството во последните години (во 1996 г. дури на 27%) повеќе е резултат на енормното опаѓање на учеството на индустријата во остварување на општествен производ отколку што е тоа и во земјоделството. Меѓутоа, и понатаму земјоделството заедно со индустријата имаат најголемо учество во формирањето на општествениот производ во стопанството на Македонија (перманентно заедно со 70%).

### 1.2. Вкупниот придонес во остварувањето на општествениот бруто производот на стопанството

Значењето и улогата на земјоделството во стопанството не може да се разгледува само според учеството во општествениот производ. Земјоделството сé повеќе станува составен дел и на индустријата и услужните дејности на стопанството, односно има влијание во формирањето на бруто производот и во тие сектори - и обратно. За таа цел најдобро ќе послужат показателите за директните, индиректните и вкупните придонеси на земјоделството во трансакционите односи со останатите сектори на едногените и егзогените сектори на стопанството во Македонија.[1)]

Во Табела 1. се забележува дека во 1988 година земјоделството директно дава (продава) производи и услуги на ендогените сектори (40%), а во надворешните 60% од вкупната бруто вредност на производ-

[1)] Резултати од анализа на и/а табела за производство и распределбата на групи на гранки и дејности по цени на производители - 1988 г. СГ/РМ/94. Скопје.



ството. Или, на внатрешните сектори, тоа распоредува: во прехранбената индустрија 14%, во себе 21%, трговијата 1,2 %, угостителството со туризмот 2,5%. Додека во надворешните сектори остава финална потрошувачка: во залихи 12%, дава за инвестиции 2%, за лична, општа и заедничка потрошувачка 32%, извоз во други земји 2,1% и во други републики на поранешна Југославија 12,6% (односно учеството во вкупниот извоз на Македонија главно учество имале тие 86%).

Од друга страна, земјоделството треба да плати, односно да користи како директни инпути од внатрешните сектори: од хемиската индустрија 5,2%, прехранбената и тутунската 6,7% и останати дејности на индустријата 10,7%, од себе 20,8% и трговијата 2,1%. Додека од надворешните сектори: за амортизација 3,8%, нето лични доходи 24%, вишок на производство 8,7%, увоз од други земји 6,4% и од други републики на поранешна Југославија 9,9% (односно во вкупниот увоз тие учествуваат со 39%). И на крај, во вкупниот бруто производ на земјоделството директните инпути од надворешните сектори на стопанството на Македонија учествуваат со 52,8%, а внатрешните 47,2%.

За да се видат квантитативно, покрај наведените директни и индиректните, односно вкупните придонеси што ги има земјоделството кон другите сектори на стопанството, најдобро служат коефициентите од т.н. инверезна матрица (изведена од инпут/аутпут табелата). Од коефициентите на вкупниот придонес се дознава колку за 100 денари (или во %) финална побарувачка од земјоделството, тоа мора да произведе производство и услуги и ги продаде на внатрешните сектори на стопанството, коешто во случајот е 160 денари бруто вредност (по сектори: хем. и прехр. со тутун. инд. 21%, самото земјоделство 128%).

Или, за да се зголеми вредноста на финалното земјоделско производство, коефициентите на вкупни-

***Табела 1.** Директен, индиректен и вкупен придонес на земјоделството во стопанството на Република Македонија (по цени на производители - 1988) - во проценти од вкупната вредност на земјоделското производство-*

| Сектори | Земјоделство давател на сектор | | | Земјоделство примател на сектор | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Директни | Вкупно | Индиректни | Директни | Вкупно | Индиректни |
| **I. Ендогени** | | | | | | |
| 1. Хемиска | 0,1 | 0,2 | 0,1 | 5,2 | 9,8 | 4,6 |
| 2. Прехрамбена и тутун | 14,3 | 20,9 | 6,7 | 6,7 | 9,9 | 3,3 |
| 3. Останата индустрија | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 10,1 | 20,3 | 10,2 |
| 4. Земјоделство | 20,8 | 128,2 | 107,1 | 20,8 | 128,2 | 107,4 |
| **Услужни дејности** | | | | | | |
| 5. Градежништво | 0,0 | 0,2 | 0,2 | 0,1 | 0,4 | 0,3 |
| 6. Сообраќај | 0,0 | 0,1 | 0,1 | 0,8 | 1,7 | 0,9 |
| 7. Трговија | 1,2 | 1,8 | 0,6 | 2,1 | 3,4 | 1,3 |
| 8. Угостител. и туризам | 2,5 | 7,3 | 4,8 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| 9. Занаетчиски услуги | 0,7 | 1,4 | 0,7 | 0,9 | 1,5 | 0,6 |
| 10. Останати дејности | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,5 | 1,2 | 0,7 |
| Вкупно: | 39,8 | 160,0 | 120,2 | 47,2 | 176,3 | 129,0 |
| **II. Егзогени** | | | | | | |
| **Сектори даватели** | 60,2 | | | | | |
| 1. Залихи | 11,5 | | | | | |
| 2. Инвестиции | 1,9 | | | | | |
| 3. ЛОЗ потрошувачка | 32,1 | | | | | |
| 4. Извоз во други земји | 2,1 | | | | | |
| 5. Извоз во реп. на СФРЈ | 12,6 | | | | | |
| **Сектори приматели** | | | | 52,8 | | |
| 1. Амортизација | | | | 3,8 | | |
| 2. Нето лични доходи | | | | 24,0 | | |
| 3. Вишок на производст. | | | | 8,7 | | |
| 4. Увоз од други земји | | | | 6,4 | | |
| 5. Увоз од реп. на СФРЈ | | | | 9,9 | | |
| **Вкупна вредност на земјодел. производство** | 100,0 | | | 100,0 | | |

от придонес покажуваат дека, за секој 100 денари внатрешните сектори на стопанството треба да произведат и понудат инпути на земјоделството - 176 денари (по сектори: хемиската и прехранбената со тутунската по 10%, останатата индустрија 20%, самото земјоделство 128%, и сообраќајот и трговијата 5%).

Со одземање на директните од вкупните коефициенти, се дознава колкави се и индиректните придонеси на земјоделството кон другите сектори на стопанството, и обратно - нивниот придонес врз развојот на земјоделството. Коефициентите на вкупниот придонес, се познати уште и како мултипликатори на развојот. Тие можат корисно да послужат за предвидување долгорочен развој на агрокомплексот, коегзистентно со развојот на другите сектори на стопанството во Македонија.[2)]

## 2. Трендовите во користењето на потенцијалите, факторите и резултатите во досегашниот развој на земјоделството

При конципирањето на стратегиите за долгорочен развој на земјоделството, по правило се тргнува од анализа на трендовите, како на страната на побарувачката така и понудата од земјоделски производи, и тоа за толкав временски период, за колку што се сака предвидување (проектирање) на идниот развој. Во нашиот случај, тоа е периодот до 2020 година, односно за 25 годишен период. Меѓутоа, притоа треба да се имаат предвид и колапсите што произлегуваат од економски или воени потреси, како оние што се случија кај нас во последните неколку години. На тоа треба да се додаде и потребниот транзиционен период заради премин од поранешниот договорен во пазарен систем на стопанството и стабилизирање на внатрешните и надворешните состојби на државата.

---

2) Ова е изводливо ако за таа цел се располага со резултати од и/а табели за повеќе претходни години и егзогена прогноза за побарувачката во целната година на идниот развој.

## 2.1. Домашната потрошувачка, извозот и увозот на земјоделските производи

**Домашна потрошувачка.** Зголемувањето на земјоделското производство мора да го следи задоволувањето на потребите на населението со земјоделски производи. Според движењето на неселението во Македонија во последните 25 години, ќе се забележи дека немаме голем растеж (со помала стапка и од 1%). Во исто време, ако се погледне трендот на годишната потрошувачка на земјоделски производи по жител за истиот период, ќе се забележи дека од триесетина артикли, само кај потрошувачката на леб (но не и на брашно), јаболки, кравјо млеко и шекер, има тенденција на слабо опаѓање (1-2% годишно). Додека потрошувачката на компир, домати, пиперки и јагнешко месо бележи слабо покачување (1-2% годишно). Кај останатите земјоделски производи не се забележува поголема промена. Меѓутоа, мора да се забележи дека намалувањето на потрошувачката на лебот е позитивен тренд, додека на кравјото млеко, негативен - од аспект на квалитетот на исхраната на населението.

**Увоз-извоз.** Во вкупниот обем на размената, агроиндустрискиот комплекс (земјоделство, прехранбена индустрија, пијалоци и тутун) доста избилансирано учествува, со околу 10%, како на страната на увозот така и на извозот во однос на вкупниот увоз и извоз на Македонија. Само замјоделството, во вкупниот извоз на агрокомплексот учествува со 20%, а во увозот со 30%. Инаку, во вкупниот извоз и увоз на Македонија, како примарна стопанска гранка, директно учествува само со околу 2-3%.

Агроиндустрискиот комплекс увозот го покрива со извоз со позитивен тренд (100%), а самото земјоделство, на пример во 1996, го покри дури за седум пати. Секако, ова се должи повеќе на одредена стагнација во развојот поради немање доволно финансиски средства за употреба на инпути за повеќе производство. Или, општо земено, имаме тренд на слабо производство и увоз за поголем извоз.



Како главни вишоци на земјоделски производи за извоз се: јагнешко (просечно годишно 10 илј.тони), ориз (35 илј.т.), домати (10-12 илј.т.), јаболки (10-13 илј.т.), грозје (50-85 ил.т.), вино (120-180 илј.т.) и тутун (10-20 илј. т.). Тоа се и оние производи чие производство треба да биде главната стратегија во извозот за идниот развој.

Како главни увозни земјоделско прехранбени производи чие поголемо домашно производство во иднина ќе треба повеќе да го покрива нивниот недостиг се: пченица (90-100 илј.д.), пченка (130-140 илј.т.), говедско месо (2.7 илј.т.), живина (7-9 илј.т.), кравјо млеко (14-20 мил.л.), сирење (2-6 илј.т.), суровина или масло за јадење (10-20 илј.т.) и суров и рафиниран шекер (17-36 илј.т.).

## 2.2. Земјоделско население и работната сила

Земјоделското население во последните 25 години забележува негативен тренд. Меѓутоа, изразита деаграризација поради миграција село-град и одење во странство е забележана во периодот 1971-1981 година, со просечна стапка од 1,83%. Потоа опаѓа, така што во периодот 1981-94 год. се смирува на стапка од 1,2%. Оттука, земјоделското население во овие подпериоди се намалува од 22% на 12% од вкупното население во републиката, кое инаку сé уште живее на село (39%). Притоа, од вкупното земјоделско население, во 1981 година 55% било активно и 45% издржувано, а во 1994 година активното опаѓа на 40% а издржуваното, се качува на 60%.

## 2.3. Работна сила во земјоделството

Движењето на работната сила во земјоделството мора да се разгледува вкупно, на ниво на индивидуални земјоделски стопанства и земјоделски претпријатија.

Разгледувајки го трендот на вработеноста во земјоделските претпријатија и задруги, се доаѓа до заклучок дека врвното вработување се случило во 1981 г. (44 илјади лица или 10% од вкупно вработените во претпријатијата на стопанството на Македонија), а до крајот на 1996 г. бројот на вработените опаѓа по стапка од 0,28%, и сега се вработени само 22 илјади лица (што претставува 8,5% од вкупно вработените во стопанството).

Работната сила во земјоделството на индивидуалнаите земјоделски стопанства обично се оценува врз основа на движењето на бројот на активното земјоделско население. Па така, тоа во периодот помеѓу двата последни пописа (1981-1994) опаѓа од 216 илјади на 91 илјади лица, или 11,7% од вкупното активно население во стопанството (опаѓање со стапка од 10,5% годишно). Меѓутоа, сега, после извршената анкета за работната сила (за прв пат во 1996 година)[3], работната сила се цени на 72.847 лица активно земјоделско население (што претставува 80% од тоа) кое е вработено во производството, па во споредба со вкупно утврденото вработено население во стопанството, индивидуалните земјоделски стопанства сега учествуваат со 16,7% или со уште 8,5% во земјоделските претпријатија и задруги и 9,6% вработени во агроиндустријата. Значи во агрокомплексот на Македонија ангажирана е вкупно работна сила со учество од 34,8% во вкупната работна сила во стопанството на Македонија. Работната сила во земјоделството и понатаму ќе опаѓа, но нема да биде ограничувачки фактор за развојот на земјоделството, само ќе мора постепено и сè повеќе да се ангажира помладата популација како бизнис фармери со поголеми имоти специјализирани според регионалните компаративни предности.

[3] СГ/РМ/97, Скопје



## 2.4. Земјоделското земјиште и аграрната структура

Просторно, земјоделското земјиште, како главен ресурс за земјоделското производство, се наоѓа во многу разновидни природни услови, па оттука има можности и за многу разновидно земјоделско производство.

Користењето на земјоделското земјиште, особено обработливото земјиште, во последните 25 години значително е намалено од страна на индивидуалните стопанства. Ваквата состојба е прикажана во табелата 2.

*Табела 2. Искористување на обработливото земјиште во последните 25 години (во 000 ha)*

| | 1975 г. | 1996 г. | површина | % |
|---|---|---|---|---|
| Индивидуални земјо. стопанства | 491 | 461 | -30 | -6,5 |
| Земјод. претпријатија | 122 | 140 | 18 | 12,9 |
| ВКУПНО: | 613 | 601 | -7,2 | -2,0 |

Меѓутоа, кај индивидуалните стопанства, според пописите на населението, се покажува уште помало користење на обработливата површина. Табелата 3 јасно говори за наведената состојба.

Така, во споредба со претходните податоци, произлегува дека индивидуалните земјоделски стопанства сега користат не 461 илјади ha, туку само 229 илјади ha, или намалување за уште 232 илјади ha обработлива површина. Па оттука и големото намалува-

ње на просечната големина на индивидуалните земјоделски стопанства во 1994 г. на 1,29 ha (така по катастар тие ги располагаат површините но не ги користат,

***Табела 3.*** *Користење на обработливата површина кај индивидуалните стопанства (во 000 ha)*

| | 1969 г. | 1981 г. | 1994 г. |
|---|---|---|---|
| Користено обработливо земјиште | 413 | 359 | 229 |
| Број на земјодел. стопанства (000) | 161 | 176 | 177 |
| ha / стопанство | 2,56 | 2,04 | 1,29 |

нивите ги оставаат како угари и необработени). Оттука, во 1996 година од вкупно 601 илјади хектари обработливи површини се користат само 229 илјади ha од индивидуалните земјоделски стопанства и 140 илјади ha од земјоделски претпријатија, така што сега приватните учествуваат не со 70%, туку со 62% во вкупно користеното обработливо земјиште.

Од друга страна, земјоделските претпријатија (167) и задруги (24) официјално користат без промени 30%, но со горната корекција сега учествуваат со 46% од обработливата површина. Со просечна големина 1.200 ha и 200 ha, респективно, големини кои овозможуваат поефикасно земјоделско производство. Оттука, за долгорочниот развој на земјоделството во Републиката треба да се смета на таква земјишна трансформација помеѓу индивидуалните земјоделски стопанства и земјоделските претпријатија, што при првите нивната големина да се зголемува, а при вторите да се сочува како комасирани окрупнети имоти[4)] на приватни претпријатија за примарно земјоделско производство.

[4)] Спротивно, странски експерти во својата студија (лит. 8) врз основа на анкета на индивидуални земјоделски стопанства "утврдиле", како кај нив на парцелки од 0,14 ha производството на пченица е поекономично одошто кај агрокомбинатите, на парцели од 10-20 ха, и оттука заклучок и препорака за нивна приватизација преку распродажба или закуп на мали парцели од страна на секој заинтересиран граѓанин.



## 2.5. Трендови на приносите и резултатите во врска со промените во примената на техничко-технолошките фактори

Еден од главните елементи за конципирање на стратегии за развој на земјоделството се и досегашните трендови во однос на приносите и резултатите во производството, кои се постигале со текот на времето и примената на техничко-технолошките фактори во земјоделството. И тоа поодделно за двата облика на земјоделски стопанства.

Не случајно се разгледуваат трендови по овие два сектори на стопанства, зашто после формалната приватизација на земјоделските претпријатија, тие треба да се третираат приватни исто, како и индивидуалнаите стопанства, и да добиваат секаква поддршка во нивниот постсприватизационен развој, како крупни земјоделски стопанства. Не треба да се заборава дека тие се сé уште главни пазарни производители на земјоделски производи (со учество од 65% во вкупниот откуп).

За да се оценат промените кои настанале во земјоделското производство, корисно ќе послужат промените на трендовите во производството, приносите и користените фактори.

## 2.6. Структура во производството, пазарните вишоци и приносите

Така, ако се земат трендовите за последните 25 години кај позначајните земјоделски производи, ќе се забележи како во производството на пченица земјоделските претпријатија перманентно учествуваат со 40% а семејните стопанства со 60% од вкупното производство, и има мало намалување на приносите кај првите и мало зголемување кај вторите стопанства, така што сега тие се изедначени (нешто под 3.000 кг/ha). Меѓутоа, во пазарните вишоци учествуваат помалку, (40%).

Во случајот со производстовто на пченка, семејните стопанства доминантно учестуваат со 90% од вкупното производство (но во пазарните вишоци само со 20%), со тренд на благо покачување на приносите (до 5.000 кг./ha), но позначајно кај земјоделските претпријатија (кои постигаат 72% повисоки приноси и се движат нешто под 6.000 кг./ha).

Во случајот со вкупното производство на ориз, па и со пазарните вишоци, исто така семејните стопанства се доминантни (учествуваат со 90%), а и по однос на приносите (постигаат 20% повисоки приноси). Во производстовто и пазарните вишоци на шеќерната репа и сончоглед, и двете групи на стопанства речиси подеднакво учествуваат (50-60%) и имаат слични приноси, без поголеми промени кај сончогледот (околу 1.300 кг/ha). Кај шеќерната репка, земјоделските претпријатија остваруваат 45% повисоки приноси (40.000 кг/ha).

Производството на тутунот е речиси исклучиво пазарно производство на семејните стопанства (учествуваат со 98%), и имаат доста стабилни приноси (1.200 кг/ha).



Во производството на доматите и пиперките главно учество имаат семејните стопанства (90%), но и кај двете групи на стопанства се забележува благо опаѓање на приносите. Семејните стопанства, како главни производители на домати постигаат 18.000 кг/ha, а на пиперки 12.000 кг/ha.

Приносите кај јаболката се идентични кај двете групи на стопанства, со тоа што семејните учествуваат со 80% во вкупното производство, а во пазарното со 20%. Кај производството на грозје, речиси по половина го делат двете групи на стопанства (но во пазарните вишоци семејните стопанства учествуваат само со 20%), а во однос на приносите, кај претпријатијата опаѓаат (кои порано имале повисоки приноси) а кај семејните благо растат, така што сега се изедначени со тие кај претпријатијата (6.500 кг/ha)

Од сточарското производство, кравјото млеко од претпријатијата учествува само со 14%, но во пазарните вишоци со 40%, со значајно повисоки приноси, 4.300 l/крава од тие кај семејните стопанства, 1.000 l/крава. Во производството на овчјо млеко, семејните учествуват со 90% во вкупното производство, а со 80% во пазарните вишоци, и имаат повисок принос во производството на млеко (43 l/м. овца) за 20%. Во производството на јајца доминираат претпријатијата (со учество од 70-80%), а во пазарните вишоци 100% и значајно повисоки приноси, 230 јајца по носилка или за 64% повеќе.

Во однос на застапеноста на жив добиток (изразен во условни грла) се забележува дека сè уште семејните стопанства одгледуваат без значајни промени во изминатите 25 години, или се паѓа 0,65 условни грла по 1 ha обработива површина. Земјоделските претпријатија, пак, го дуплирале вкупниот број, но по 1 ha обработлива површина останува без промени (0,20 условни грла).

Со овој кус преглед за поважните земјоделски производи во однос на трендовите на учеството во производството, пазарните вишоци и приносите, споредбено кај семејните земјоделски стопанства и земјоделските претпријатија, се сака да се нагласи дека за поинтезивен долгорочен развој на земјоделството мора да се смета на одредени промени во нивната производствена структура и приносите според претпоставени промени во технологијата на производството.

## 2.7. Промени во користењето на техничко-технолошки фактори

Значајните осцилации во трендовите на приносите и вкупното производство се должат, покрај промените во природните услови, и на различното ниво на користењето на техничко-технолошките фактори.

***Табела 4.** Влијание на техничко-технолошките фактори врз големината на приносите*

| | 1971 | | 1996 | |
|---|---|---|---|---|
| | Σ земјод. | земјодел. претприја. | Σ земјод. | земјодел. претприја. |
| Обработлива површина / стручњак | 31.800 | 80 | 3.070 | 67 |
| Процент наводнувана обработлива површина | 9 | 9 | 8 | 11 |
| Вештачко ѓубре kg./ha | 102 | 318 | 45 | 72 |
| Обработлива површина / трактор | 179 | 87 | 12 | 72 |

| Остварени инвестиции вк. во земјоделството | 1991 г. | 1996 г. |
|---|---|---|
| Индекс 1981 = 100 | 37 | 25 |
| % во општествен производ | 14 | 4 |



Трендовите на нивното користење за последните 25 години покажуваат (Табела 4.) дека во последната половина на овој период, приносите кај многу производи опаѓаат и се во тесна врска со техничко-технолошките фактори чие користење е во опаѓање (како што е тоа случај со примената на вештачките ѓубриња, наводнувањето и инвестирањето).

Наводнувањето на земјоделските култури е огромен фактор за зголемување на приносите во Македонија, но во споредба со 1971 година. (кога се наводнувале 59 илјади ha обработлива површина) во 1996 година, тоа опаѓа на 52 илјади хектари, што во % претставува воопшто мало користење на изградените капацитети на хидромелиоративни системи. Сега се наводнува само 8-10% од обработливата површина во Македонија.[5] После наводнувањето треба да се спомене дека употребата на минерални ѓубрива е крајно намалена. Не е подобар и трендот на учеството на остварени инвестирања; наместо да се движи од 15-20% во општествениот производ, тоа опаднало на само 4%.[6] Позитивни се трендовите во однос на односите обработливата површина по трактор и земјоделски стручњак[7], иако кај тракторите има проблеми

[5] Со изградените ХМС треба да се наводнуваат 123 илјади ha, но поради недоизградена канална мрежа и друго овие површини се користат само околу 50%. Затоа крајно време е да се превземаат мерки за ревитализација на ХМС, чие целосно користење ке биде главен фактор во долгорочниот развој на земјоделството.

[6] За реализација на било каква алтернатива на долгорочниот развој мора да се развива одредена финансиска институција, која ќе обезбедува поволни кредити за развој и на двете групи стопанства - семејните и земјоделските претпријатија и земјоделските задруги.

[7] Со реализација на проектот за поттикнување на развојот на семејните земјоделски стопанства, финансирани од СБ особено со програмата за подобро организирање на службите за унапредување (сега Агенција) и програмата за применети прилаго-

со нивната дотраеност и потреба од набавување на нови. Според опаѓањето на потрошувачката на гориво, во периодот 1986-96 г., тракторите се користат два пати помалку.

## 2.8. Вредносни показатели за структурата и стапките на порастот во земјоделското производство

Имајќи ги предвид претходните трендови, во натуралното производство и пресметувањето по постојани цени, може да се видат и трендовите на реалното движење на вредносната структура на земјоделското производство вкупно по гранки и групи на стопанства. За таа цел ќе се послужиме со податоците во табела 5.

Значи, во последната деценија просечната реална стапка на порастот на земјоделството во Македонија била 1%. Во тоа, најмногу за зголемување на порастот придонело поледелството, а за намалување овоштарството и сточарството. А тоа најмногу доаѓа од намалувањето на вредноста на производството од овоштарството, лозарството и сточарството кај земјоделскитe претпријатија. Во однос на структурното учество, се забележува дека најзначајна гранка во формирањето на вкупната вредност на земјоделското производство е поледелството, 51%/49% (преломно за 1984/94), потоа сточарството (32%/34%), овоштарството 5%/4% и лозарството (12/13%).

---

дени земјоделски истражувања, многу ќе се придонесе за примена на економски поефикасни технологии во нивниот развој. Меѓутоа, и за развојот на земјоделските претпријатија ќе треба да се организира Агенција или здружение, односно деловен совет за разрешување на посебните проблеми во нивниот развој.



***Табела 5.*** *Просечни стапки на порастот и структурата на вредноста на земјоделството*

| | Вкупно земјодел. производство | Поледелство | Овоштарство | Лозарство | Сточарство |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечна стапка на пораст (1984 - 1995) | | | | | |
| Вкупно | 1,00 | 3,00 | 0,28 | 1,18 | 0,36 |
| Земјоделски претпријатија | -3,64 | 2,45 | -8,37 | -1,82 | -3,82 |
| Семејни стопанства | 2,10 | 3,18 | 2,45 | 4,82 | 2,45 |
| Структура | | | | | |
| Вкупно '84/'94 | 100 | 51/49 | 5/4 | 12/13 | 32/34 |
| Земјоделски претпријатија 1984/1994 | 29/23 | 21/22 | 37/16 | 53/40 | 34/25 |
| Семејни стопанства 1984/1994 | 71/77 | 79/78 | 63/84 | 47/60 | 65/75 |

***Извор:*** *Статистички преглед 274/96, РЗС-Скопје*

Земјоделските претпријатија во вкупната вредност учествуваат со 29%/21%, во поледелството 21%/22%, сточарството 34%/25%, во оштарството 37%/16% и лозарството 53%/40%.

## 3. Аграрната политика и субвенциите

Од претходните односи и трендови се забележува дека, поради економскиот колапс предизвикан од познатите причини во финансискиот и банкарски систем, почнувајќи од 1991 година наваму, земјоделските претпријатија во своето работење завршуваат со сè поголеми загуби.

На пример: во 1989 г. загубите учествувале, во однос на доходот, само со 5%, во 1992 со 13%, во 1993 со 118%, а во 1995 се паѓа по 735 денари загуба, и во 1996 година 1.467 денари на еден денар нето личен доход. Ова би бил и главниот одговор, зошто семејните стопанства покажале поголема "издржливост" на рецесионите промени во стопанството, во споредба со земјоделсктите претпријатија, кои максимално се најдоа на тој удар. Семејните стопанства сé уште не се задолжуваат кај банките за повисоко производство.

## 3.1. Аграрната политика во развојот на земјоделството

**Цените и субвенциите.** Во минатото, особено по осамостојувањето на Македонија, со макроекономската политика не се води сметка за соодветна аграрна политика во однос на цените и разните видови субвенции за создавање на профитабилен амбиент во производството на земјоделски производи и исплатливоста во ангажирање на инвестиции за развој на земјоделското производство од страна на производителите.

**Цени.** И без да се навлезе во поопширна анализа на проблемот со цените на земјоделските производи, доволно е да се проследат верижните индекси

***Табела 6.*** *Верижни индекси на цените на земјоделските производители дефлацирани со верижните индекси на цените на мало*

| Година | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Верижен индекс | 105 | 82 | 88 | 68 | 65 | 57 | 55 |

на цените на земјоделските производители, дефлацирани со верижните индекси на цените на мало во периодот 1990-1996 година (Табела 6.), па да се види



колкав е расчекорот помеѓу овие цени во корист на трговијата и преработувачите.

Индексите покажуваат еден тренд на сé поголема маржа во корист на преработувачите и на трговијата, така што во 1996 година потрошувачот ги добива земјоделсктие производи за двојно повисоки цени одошто добиле производителите.[8] Оттука, и на домашниот пазар недостига соодветна регулатива за цените од монополски однесувања на трговијата и преработувачите на земјоделски производи.

Втора работа е несоодветната заштитна политика на земјоделските производи во однос на нелојалната конкуренција на надворешниот пазар при увозот и извозот на извозно ориентираните земјоделски производи и преработки. За таа цел може да послужат податоците за реализираните субвенции во земјоделството пред (1991) и по осамостојувањето на Република Македонија.

***Табела 7.*** *Субвенции во земјоделството*

| | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 план |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Структура (вкупно) | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Премии | 11,5 | 29,4 | 31,1 | 42,2 | 64,4 | 48,8 | 16,5 | / |
| Регреси за инпути | 14,3 | 42,1 | 28,8 | 8,4 | 15,5 | 22,2 | / | / |
| Регреси на кредити | 63,6 | 23,5 | 36,1 | 45,5 | 12,2 | / | / | / |
| Програма за поттикнување на развојот | 10,6 | 4,9 | 4,0 | 3,6 | 8,0 | 29,0 | 83,5 | 100 |
| Вкупно илјади $ (US) | 179363 | 19984 | 35628 | 48366 | 31068 | 17205 | 9000 | 4087 |
| Индекс | 100 | 11 | 20 | 27 | 17 | 10 | 5 | 2 |

***Извор:*** *Од завршните сметки на МЗШВ во буџетот на РМ*

На горните податоци треба да се додадат уште и износи дадени за извозни стимулации (кои за некои

8) Со слична тенденција, односно цените на импутите растат побрзо од тие на земјоделските производители.

производи започнале од 1994 г.), со што не се менува заклучокот дека со досегашната политика на заштита на земјоделските производители се оди кон драстично намалување, па дури и сосем на укинување на секакви субвенции во земјоделството. Во таа насока се поставува и прашањето за постоење на дирекцијата за материјалните резерви, чија функција е незаменлива во борбата против монополите на земјоделскиот пазар и нелојалната конкуренција на домашниот и странскиот пазар (барем во периодот на транзицијата на стопанството).

Долгорочниот развој мора да го поддржува соодветна флексибилна аграрна политика, така што ќе го штити земјоделството во чекор со секоја промена на пазарните услови кои не се резултат на слободните законитости на пазарот, туку се повеќе на некои непазарни влијанија. Според правилата на Светската трговска организација (лит.7), субвенциите во земјоделството не се укинуваат, туку се намалуваат во периодот од 10 години, и тоа за земјите во развој само 13,3% во однос на базниот период 1986-88 во однос на ниво на субвенции во развиените земји. Исто така, и извозните стимулации за секој производ може да се намалуваат по количина 14%, а по вредност 24% во однос на истиот базен период и услови. Оттука, до 2004 години никој не ја обврзува Македонија да ги укинува оправданите субвенции во земјоделството, а тоа не го бара ни ЕУ со склучената трговска спогодба.

За наши услови мора да се разработи посебна стратегија со макроекономската политика за соодветна динамична аграрна политика, во однос на разните форми на субвенции и изворите на нивното финансирање. Тоа би се реализирало преку буџетот или со постоење на посебни фондови, кои првенствено би се напојувале од средствата што се собираат на име



увозната царина за земјоделско-прехранбените производи дефицитарни на домашниот пазар и др.

Со тековната аграрна политика мора да се води сметка за користите и загубите од соодветното пазарно прилагодување на земјоделското производство и преработките, селективно согласно одредбите и стандардите според спогодбата за соработка со ЕУ и договорите за слободна трговија со останатите земји.[9]

## 4. Елементи и алтернативи на стратегијата за развој на земјоделството

Со кусата анализа на елементите со кои треба да се тргне при креирањето на стратегиите за долгорочниот развој на земјоделството, се дадоа оценки во однос на тенденциите во досегашниот развој на агрокомплексот и ограничувачките ресурси и фактори кои влијаат врз развојот, како и за нивно можно пренасочување кон поинтезивен долгорочен развој на земјоделството во Македонија.

### 4.1. Цели и сценарија

Во случајов сметавме дека е потребно да се дефинираат основните цели на развојот, и да се разработи глобална квантификација барем на две сценарија (алтернативи) во стратегијата за долгорочниот развој до 2020 година. Едното сценарио - Проекција, претставува развој според досегашните трендови во развојот и недоволната макроекономска поддршка за развој на земјоделството, и второто сценарио - Програма, со едно умерено поинтензивно и оптимално ангажирање

9) Во нив треба да има поконкретни одредби со кои ќе се штити домашното производство од нелојалната пазарна конкуренција на странските земји.

на расположивите фактори за развој и макроекономска политика со поагресивна поддршка на таквиот развој.

Со така предложената Програма за развој до 2020 година може да се остварат следните цели:

- Искористување на потенцијалите на човечките и природните ресурси со средна интензивност и поголема ориентација на микро план кон поконкурентно земјоделско производство од страна на производителите;
- Поцелосно задоволување на домашната побарувачка и извозот на свежи земјоделски производи и нивни преработки преку прехранбената индустрија;
- Обезбедување на подобар и постабилен економски и социјален статус на земјоделските производители.

Вкрстувањето на насоките и мерките и очекуваните резултати со реализацијата на разработените сценарија посликовито може да се види од шема 1.

Деталната квантификација на проекцијата и стратешките определби на Програмата за долгорочниот развој на земјоделството до 2020 година на Република Македонија дадена е во наведената литература под реден број 2 и 4.

Очекуваните резултати од двете сценарија се даваат во табела 8.

Споредбата во однос на користењето на земоделското земјиште покажува, дека со Програмата ќе може поцелосно и поинтезивно да се користат нивите, бавчите и пасиштата, и може да се очекува задоволителен пораст на физичкиот обем на земјоделското производство, со просечна стапка од 3,3%. Додека, пак, со Проекцијата таа ќе се задржи на досегашното ниво во развојот (1%). Покрај тоа, со Програмата се



***Шема 1.*** *Споредба на насоките, мерките и очекуваните резултати зависно од степенот на макроекономската и микроекономската поддршка во земјоделството*

| Насоки | Мерки | Очекувани резултати |
|---|---|---|
| 1. Сценарио на рзвојот според поновите трендови и без субвенции во земјоделството.<br><br>- Обработка на земјоделското земјиште со подобар квалитет (напуштање на ридско-планински површини)<br><br>- Продолжување на досегашните трендови во начинот на користење на земјоделското земјиште<br><br>- Интензивност: Според досегашните трендови (ниска) | Заштита само од дампинг цени при увозот<br><br>- Интервентен откуп<br><br>- Активна надворешно трговска заштита од увоз на земјоделски производи | Недоволно користење на земјоделско земјиште, ХМС и намалување на земјоделското производство.<br><br>- Продолжување или само ублажување на деаграризацијата на селото.<br><br>- Цените на храната релативно пониски<br><br>- Негарантиран паритетен доход за земјоделските производители |
| 2. Сценарио - концепт од интерес за производителите и државата пошироко, со умерена политика на субвенции во земјоделството.<br><br>- Тенденција да се обработува земјоделското земјиште за што попрофитабилно растително и сточарско производство<br><br>- Интензивност: Умерена (средна) | Мерки за зголемен интерес за населеност на руралните подрачја.<br><br>- Субвенции во рамките на СТО<br><br>- Мерки за умерена интензивност<br><br>- Мерки за зголемување на растително и сточарско производство<br><br>- Интервентен откуп<br><br>- Активна надворешно трговска заштита од увоз | Целото погодно земјоделско земјиште ќе се обработува, поефикасно со користење на ХМС и значајно зголемување на земјоделското производство<br><br>- Обезбеден интерес за одржување на населеноста на руралните подрачја<br><br>- Умерено ускладен прехранбен биланс<br><br>- Цените на храната релативно повисоки<br><br>- Паритетен доход за земјоделските производители |

***Табела 8.*** *Очекувани резултати од развојот до 2020 година*

| | 1994 | Сценарио 1 (проекција) | Сценарио 2 (програма) |
|---|---|---|---|
| 1.Користење на земјоделско земјиште (000) ha[10)] | 1298 (1116) | 1295 (928) | 1295 (1245) |
| Ниви и бавчи | 553 (383) | 544 (330) | 540 (490) |
| Овоштарници | 20 | 21 | 30 |
| Лозја | 32 | 33 | 40 |
| Пасишта | 635 (625) | 632 (479) | 625 (625) |
| 2.Интензивност на производството | Ниска | Ниска | Средна |
| Просечен број говеда 000) | 281 | 292 | 327 |
| Просечен број крави (000) | 166 | 175 | 197 |
| Просечен број молзни крави (000) | 89 | 109 | 147 |
| 3.Вредност (физички обем) на земјоделското производство (1994 = 100) | 100 | 119 | 186 |
| Поледелство | 100 | 153 | 201 |
| Градинарство | 100 | 119 | 150 |
| Овоштарство | 100 | 108 | 182 |
| Лозарство | 100 | 110 | 167 |
| Говедарство | 100 | 117 | 356 |
| Овчарство | 100 | 113 | 115 |
| Свињарство | 100 | 105 | 145 |
| Живинарство | 100 | 87 | 158 |
| 4.Степен на самозадоволување, односно увоз (под 100) или извоз (над 100) на поважни земјоделски производи | | | |
| Пченица | 81 | 72 | 82 |
| Ориз | 42 | 124 | 178 |
| Домати | 314 | 303 | 303 |
| Пиперки | 309 | 229 | 362 |
| Јаболки | 210 | 175 | 219 |
| Грозје (трпезно) | 166 | 203 | 318 |
| Говедско месо | 58 | 34 | 100 |
| Свинско месо | 79 | 46 | 63 |
| Јагнешко месо | 234 | 230 | 230 |
| Живинско месо | 28 | 14 | 63 |
| Слатко млеко | 53 | 67 | 100 |
| Сирење | 72 | 79 | 79 |
| Јајца | 126 | 98 | 124 |
| Шеќер | 22 | 48 | 78 |
| Масло за јадење | 17 | 19 | 32 |
| Грозје преработка | 621 | 626 | 975 |
| Тутун | 788 | 545 | 847 |

10) Површините во загради претставуваат вистински користени и можни за производство (а пред нив е расположивата површина)



определија и стратешките насоки по обем и структура во долгорочниот развој на одделни земјоделски гранки. Така, физичкиот обем на поледелството до 2020 година треба да се зголеми за 2, градинарството за 1,5, овоштарството1,8, лозарството 1,7, говедарството 3,6, овчарството 1,2, свињарството 1,5 и живинарството за 1,6 пати во споредба со сегашната состојба (Табела 8. )

Глобалните биланси помеѓу производството и домашната побарувачка (како за производи во свежа потрошувачка, така и преку преработувачката индустрија) на дефицитарни производи, со Програмата во голема мерка ќе се покријат, а кај поголем број земјоделски производи проиозводството на вишоци за извоз, максимално ќе се зголеми. Со реализацијата на Програмата тоа треба да се случи со производството на доматите, пиперките, оризот, грозјето, виното и тутунот. А од сточарските производи главниот извоз и понатаму останува во јагнешко месо и јајца.

Очевидно е дека Проекцијата на развојот врз база на досегашните трендови не може да биде цел на Република Македонија, туку треба да се мобилизираат сите субјекти за пренасочување на досегашниот развој според разработената стратегија во Програмата за развој до 2020 година.

## 4.2. Претпоставки за остварување на Програмата за развој

За да може да се реализира Програмата треба да се имаат предвид следните поглавни претпоставки и активности:

- Ревитализација на ХМС за наводнување и поддршка од постимулативна аграрна политика од страна на државата за користење на земјоделското земјиште и водата за мо-

тивација и поттикнување на поголемо и економски ефикасно земјоделско производство од страна на производителите. За тоа ќе треба да се организира современо следење на промените на домашниот и странскиот пазар и резултатите од работењето на ниво на земјоделските стопанства (семејни и земјоделски претпријатија) и преработувачите во агрокомплексот;[11)]

- Воспоставување на финансиска институција (Аграрна банка и инвестиционен фонд) заради обезбедување поволни краткорочни, среднорочни и долгорочни кредити за развој и нормално тековно работење на земјоделските стопанства (семејни, претпријатија и задруги);
- Постприватизационо доршување на преструктуирањето на земјоделските претпријатија и нивно организирање во посебна асоцијација - комора (деловен совет) и сл., заради решавање на нивните посебни проблеми во развојот;
- Организирање на нови облици на задругарство со индивидуалните земјоделски производители;
- Организационо и кадровско оспособување на службата (Агенцијата) за унапредување на земјоделството за помош на семејните земјоделски стопанства за остварување економски поефикасно производство;

[11)] За наведените цели експертите на FAO (лит.6) предложија формирање на: Агроберза (формирана како јавно претпријатие), Агро бизнис институт за агроменаџмент, маркетинг и Агрокниговодствен центар каско и организирање на агроекономска насока во редовните студии на Земјоделскиот факултет.



- Остварување на реформи во образовниот систем соодветно на пазарната економија во агрокомплексот и Фонд за перманентни применети истражувања на техничко-технолошки иновации во процесот на производството за земјоделските производители. Критичка примена на искуствата од западните земји во наши услови, како во образованието, истражувањата така и модерниот менаџмент и маркетинг одделно за семејните земјоделски стопанства и земјоделски претпријатија како главни субјекти во развојот на земјоделството.

Предложената програма врз основа на кусата анализа на елементите за креирање стратегија на долгорочен развој на земјоделството во Макеоднија, сепак, претставува само една глобална насока во развојот. Меѓутоа, секоја глобална програма заради операционализација бара повеќе секторски, по гранки и регионални студии преточени во одделни проекти кои треба да бидат реализирани регионално-просторно и по одделни типови на земјоделски стопанства во руралните средини. Така ќе може да се постигне вкупен порамномерен регионален оптимален развој на земјоделството во Македонија.

* * *

**Литература:**


1. ***Анакиев. Б., Галев Т., Лозановски Р., Пешевски М. и Георгиев Н.:*** *"Досегашниот развој и перспективата на агрокомплексот на Македонија" - Јубилеен Годишен зборник на Земјоделскиот факултет*, 1997, Скопје

2. ***Галев Т., Анакиев Б. и Лозановски Р.:*** *"Состојба и стратегија на развојот на земјоделството во Република Македонија" - МАНУ*, 1996, Скопје

3. ***Галев Т.:*** *"Методи и модели на операционите истражу-вања во економиката и организацијата на земјо-делството"- Наша книга*, 1973, Скопје

4. *"**Национална** стратегија за економскиот развој на Република Македонија" - МАНУ, 1997, Скопје*

5. *"**Стратегија** на развојот на земјоделството, шумарството и водостопанството во Република Македонија" - МЗШВ*, 1996, Скопје

6. *"**Private** Farm Support Project" - Republic of Macedonia Investment Center FAO*, Rome, 1993

7. *"**Agricultural** Subsiddies and Protection for Selected Commodities in the FYR of Macedonia", Abt Associates inc.*,1996, Bethesda, USA

8. *"**Project** for the Analysis of Macedonian Land Tenure and Agricultural Productivity". Land Tanure Center*, Un.of Wisconsin, USA, 1996





9. *"**The Agricultural** Situation and Project in the Central and Eastern Eurepean Countries" - European Commission*, Brussels, 1995.

10. *"**The Agricultural** Situation in the European Union" 1994, Report*, Brussels, 1995.

*Љубица Нури, дипл. правник,*
*координатор во Секторот за економски односи со странство во Стопанска комора на Република Македонија*

## ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА И ПРОИЗВОДСТВОТО ОД АГРОКОМПЛЕКСОТ КОН БАРАЊАТА НА ЕВРОПСКИОТ И СВЕТСКИОТ ПАЗАР

### 1. Вовед

ЕУ е најголема трговска сила во светот на која и припаѓа 20% од светската трговска размена. Со малку природни ресурси, нејзиното економско здравје зависи од слободната трговија во светот и заради тоа секогаш ги следи либералните трговски политики.

Во однос на трети земји, Европската унија има диференциран и селективен приод, којшто се огледа во институционализираниот развој на нејзиниот однос со одделни земји или групи на земји. Согласно Римскиот договор за основање на ЕЗ, покрај пристапувањето во полноправно членство, се предвидува можност да се заклучи спогодба за асоцијативно членство (Европски Договор), спогодба за соработка и трговска спогодба, како и секторски спогодби. Спогодбите можат да бидат реципрочно или нереципрочно преференцијални. Условите да се стане членка се географски (европска земја), политички (повеќепартиски систем од западноевропскиот вид, почитување на човековите права ...) и економски (приближно сличен степен на развој). Асоцијативното членство подразбира реципрочни права и обврски, заеднички акции и посебна процедура. Крај на преговарањето е заедничко воспоставување на царинска унија, односно создавање зона на слободна трговија со ЕУ. Исто така, се подразбираат и спогодби за слободни зони на трговија, квази асоцијации коишто имаат за цел експанзија на трговијата, некогаш и на одредени стоки, но од политички причини немаат за цел пристапување кон членството на ЕУ.



Историски гледано, ЕУ стратешки ги користи преференцијалните спогодби, особено со соседите, за преку економската димензија да достигне добра општа соработка (Грција, Турција, Малта, Кипар, земјите на ЕФТА, земјите на Северна Африка, земјите на Блискиот Исток, поранешната СФРЈ). Во иста смисла, во најново време, ЕУ ги развива преференцијалните договори со земјите на Централна и Источна Европа. Договорите претставуваат инструмент на развојот, преку кои се поттикнуваат и обезбедуваат економски, социјални и политички реформи, со што се придонесува кон подготовките на овие земји за можна интеграција - членство во Унијата. Важно е да се забележи дека преференцијалните спогодби на ЕУ, имаат за цел, покрај постигнување на транзицијата и развојот, да ги отворат пазарите на овие земји, залагајќи се за отстранување на тарифните бариери и помагајќи им да се оспособат за понатамошна мултилатерална либерализација.

Глобализацијата на економските простори е неизбежен тренд во светската економија. Република Македонија, со оглед на минатото и со оглед на географската дефинираност, без сомнение е упатена на надворешно-трговска размена со земјите од Југоисточна Европа, земјите-членки на ЕУ, Источно-европските

земји, како и земјите од Црноморската област. Со овие простори во блиското минато се остваруваше и најголем обем на размена. Оттука, надворешно-трговските односи меѓу земјите-членки на ЕУ и Република Македонија се од витално значење за нашето стопанство. Неговото оспособување за пазарна конкуренција и вклучување во единствениот европски пазар е предодредена реалност и се поставува како стратешка цел на Република Македонија.

## 2. Развој на односите меѓу Р Македонија и ЕЗ

Првите форми на институционализирање на односите меѓу Република Македонија и ЕЕЗ (ЕУ) датираат од 1970 година кога, во рамките на поранешната СФРЈ, е потпишана **Спогодбата за преференцијали**, понатаму **Трговската спогодба** (1973), **Привремената спогодба за трговска размена** (1980) за во 1983 да се ратификува **Спогодба за соработка СФРЈ - ЕЕЗ**. Основна цел на Спогодбата, склучена на неопределено време, беше да се продлабочи сестраната меѓусебна соработка, за да се поттикне развојот на југословенското стопанство, имајќи ги предвид различните нивоа на стопанската развиеност. За таа цел, со Спогодбата се предвидени мерки во областа на економската, техничката и финансиската соработка, додека трговските односи се развиваат во рамките на Привремената спогодба за трговска соработка од 1980 година. Во наредните години, врз оваа Спогодба се донесуваат повеќе Протоколи и договори за соработка. Ваквата соработка тече сè до 1991 година, кога со усвојувањето на **Декларацијата за Југославија** се суспендира примената на Спогодбата за соработка, а тоа значи укинување на комерцијалните концесии предвидени со Спогодбата, а потоа таа и се откажува.



На крајот на 1991 и почетокот на 1992 година, Комисијата на ЕУ ја донесува Одлуката со која повторно се воспоставуваат трговски преференцијали за увозот на производи од Хрватска, Македонија, Словенија и Босна и Херцеговина, и се дефинира концептот за производи со потекло и методите на административна соработка при увозот. Со тоа, всушност, поблиску се уредува селективната примена на мерките на ЕУ кон одделни - кооперативни - поранешни ЈУ-републики, додека кај самиот режим и големината на квотите нема промени. Квотите се кумулативни, за сите четири републики. Преференцијалното ниво на годишните Одлуки беше еднакво на она, обезбедено со **Спогодбата за соработка СФРЈ - ЕЕЗ (ЕУ).**

До промена доаѓа во 1992 и 1993 година, кога Македонија, по барањето, добива сопствена квота за извоз, прво за јагнешко, а потоа и за јунешко месо, и кога за Словенија се издвојува посебна квота за текстилните производи, како резултат на потпишувањето на посебна Кооперативна спогодба ЕУ-Словенија. Сè до 1 јануари 1998, размената на Република Македонија со ЕУ се одвиваше врз унилатерално, годишно обновување на Одлуката на Комисијата на ЕУ за повторно воспоставување на трговски преференцијали при увозот.

**Спогодбата за соработка помеѓу Европската Унија и Поранешната југословенска Република Македонија** е во примена од 1 јануари 1998 година. Целта на оваа Спогодба е да ја промовира сеопфатната соработка меѓу Договорните страни, за да се придонесе за економскиот развој на Република Македонија, особено за развојот на пазарната економија, и да се продлабочат меѓусебните врски. Соработката и помошта на Унијата за Република Македонија, исто така треба да придонесат за унапредување на добрососедските односи и за развој на регионалната сора-

ботка и трговија. За постигнување на овие цели, ќе бидат усвоени и реализирани одредби и мерки во областите на економската, техничката и финансиската соработка и во трговијата.

Со стапувањето на сила на оваа Спогодба се смета дека е основан **Советот за соработка**. Ова мешовито тело ќе го следи спроведувањето на Спогодбата и ќе има овластување да донесува одлуки во случаи предвидени со Спогодбата.

**Главните цели на соработката во областа на земјоделството** меѓу Унијата и Република Македонија, согласно Спогодбата, се :

- поттикнување на научната и техничката соработка во проекти од заеднички интерес, вклучувајќи проекти и во трети земји;
- особено промовирањето на заеднички приоритетни инвестициони проекти, и во врска со тоа охрабрување на напорите за постигнување на комплементарност.

За таа цел, Унијата и Република Македонија ќе ја унапредат размената на информации за насоките на нивните земјоделски политики, вклучувајќи го производството на краток и среден рок, потрошувачката и трговските предвидувања. Договорните страни ќе ја овозможат и ќе ја поттикнат изработката на студија на конкретни проекти за соработка од обостран интерес. Исто така, ќе го охрабрат подобрувањето и ширењето на контакти меѓу економските субјекти.

На полето на **трговијата**, предмет на Спогодбата е унапредување на трговијата меѓу Договорните страни, земајќи ги предвид нивните нивоа на развој и потребата да се обезбеди поголема урамнотеженост во нивната размена, со цел, да се подобрат условите за пристап на производите од Република Македонија на пазарот на Унијата.



На Република Македонија, Унијата ќе и додели третман што не е понеповолен од третманот на најповластена нација. Сепак, за да се унапреди регионалната размена, Република Македонија ќе има право, во текот на транзициониот период кој истекува по 5 години од стапувањето на сила на оваа Спогодба, да му даде преференцијален третман на увозот на производи по потекло од другите земји кои настанаа од поранешна Југославија или од други околни земји. Советот за соработка може да одлучи да го продолжи тој период.

Согласно изјавата за намера на договорните страни за трговските аранжмани помеѓу Република Македонија и другите земји од Југоисточна Европа, договорните страни сметат дека е битно економската и трговската соработка со овие земји да биде воспоставена што е можно побрзо. Штом бидат воспоставени условите за административната соработка кои се неопходни за работа врз кумулација, Унијата е подготвена да дозволи кумулација на потекло од одделни држави во регионот кои повторно воспоставиле нормална економска и трговска размена.

Во принцип, согласно Спогодбата, сите производи со македонско потекло, вон оние што се набројани во **Анекс II** на Договорот за основањето Европската заедница (ЕУ) и во **Анекс А** на оваа Спогодба, при увозот во Унијата, се ослободени од квантитавни рестрикции и од мерки со ист ефект, како и од царини и давачки со ист ефект. Анексите кон Спогодбата претставува всушност преглед на рестриктивни режими за одделни стоки при увозот во Унијата, по однос на количество и во однос на царинското оптоварување.

**Земјоделските и прехранбените производи** со потекло од Република Македонија кои се со рестриктивен режим при увозот во Унијата се содржани во **Анексите Б, Д** и **Е** на оваа Спогодба.

Производите набројани во **Анексот Б**, при увозот во Унијата подлежат на царинските правила и аранжмани назначени на секој од нив во тој Анекс. Тоа значи дека дел од производите, при увозот ќе бидат оптоварени само со максимална **додатна царина** според целокупните износи на **земјоделските елементи - ЗЕ (agricultural component - ЕА)**, дел од производите ќе бидат оптоварени со царината чиј износ е наведен во самиот Анекс и таа е намалена, а дел од производите од овој Анекс нема да имаат никакво царинско оптоварување (царина + додатна царина). Додатно царинско оптоварување, на производите, според ЗЕ значи дека се пропишува апсолутен износ на додатна царина изразен во ECU на 100 кг., согласно процентуалното учество на млечните масти и млечните протеини во производот. Пандан на додатна царина по основ на ЗЕ, се **и додатната царина според учеството на шеќер во увозните производи** (според учеството на цукроза, инвертен шеќер и изоглукоза) - **AD S/Z** и **додатната царина според учеството на брашното во увозните производи** (скроб и глукоза) - **AD F/M**.

Увозот во Унијата на производите набројани во **Анексот Д** ќе биде ослободен од плаќање на царинските давачки целосно, а производите од **Анексот Е** ќе бидат оптоварени со само 20% од пропишаната царинска давачка. Увозот во Унијата на производите набројани во овие Анекси ќе бидат подложни на плафони, референтните количества или годишни тарифни контингенти (квоти), наведени покрај секој производ.

**Плафон** е режим којшто овозможува увоз на определени производи без царинско оптоварување до висината на количински определен плафон. Штом биде достигнат утврдениот плафон, до крајот на календарската година, **може да бидат воведени** царинските давачки што вообичаено се наплатуваат за трети



земји. Во Анексот Д, на производите од тарифниот број 0809 (вишни) се практикува исклучок само над ad-valorem делови од царина. За другите глобални плафони од овој Анекс, предмет на ослободување е минимум увозна цена одредена годишно од Комисијата на ЕУ.

**Референтно количество** е режим којшто овозможува, во случај на надминување на тоа количество, Унијата, согласно утврдената процедура, да одлучи тој производ да го стави под плафон еднаков на референтното количество, земајќи го предвид годишниот трговски биланс на Унијата за тој производ. Што значи дека на овие производи, согласно процедурата, има можност за физички пристап во Унијата и по надминувањето на утврденото количество.

**Годишни тарифни контингенти (квоти)** е режим којшто овозможува, во текот на календарска година, увоз на одредени производи без царинско оптоварување во определено количество. Штом ќе се достигне тарифниот контингент, до крајот на календарската година **се воведуваат** царинските давачки што вообичаено се наплатуваат за трети земји.

Увозот на алкохол од сливи и на тутун од типот "Прилеп" мора да биде придружен со потврда за автентичност, издадена од компетентниот орган на Република Македонија согласно пропишаниот терк.

Трговските аранжмани што ќе се применуваат за трговијата со вино ќе бидат утврдени со посебна спогодба за вино и алкохолни пијалоци. Но до тогаш, во 1998 година трговските аранжмани со вино ќе се реализираат во условите од 1997 година: кумулативна тарифна квота во вредност од 545000 hl за БиХ, Хрватска, Македонија и Словенија.

За некои производи што ги смета за чувствителни, Унијата го задржува правото да бара од Советот за соработка, да утврди такви специјални услови

за пристап на нејзиниот пазар, до колку се тие неопходни.

**Потеклото на стоки** е срцевина на секоја преференцијална трговска спогодба. Тоа значи дека производите што ги исполнуваат, со Спогодбата пропишаните правила (Протокол 2 за дефиниција на концептот на правилата на потекло и методите за административна соработка), за стекнување на статусот "со потекло од Република Македонија" се предмет на преференцијалниот увоз во Унијата. Потеклото се докажува со документ - сертификатот за движење ЕУР.1.

Производи целосно произведени во Република Македонија, како и производи во кои се вклучени материјали кои не се целосно произведени во земјата, под услов таквите материјали да биле предмет на доволна обработка или преработка во Република Македонија, ќе се сметат како **производи кои потекнуваат од Република Македонија** и ќе бидат предмет на спроведувањето на Спогодбата. Со Спогодбата се овозможува користење на **билатерално кумулирање на потеклото** - материјалите што потекнуваат од Унијата, следени со документот ЕУР.1 и се вградени во производи произведени во Република Македонија, ќе се сметат како македонски и без да минат низ доволна обработка или преработка - и обратно.

Во областа на земјоделството, **целосно произведени производи** во Република Македонија ќе се сметат растителните производи произведени тука, живи животни родени и одгледувани тука, производи од живи животни одгледани тука, како и производи добиени од лов и риболов. Производите што не се целосно произведени во Република Македонија, ќе се сметат како производи со потекло до колку се доволно обработени или преработени согласно пропишаните услови во Анекс II - списокот за обработка или преработка што треба да се изврши врз материјали кои не се од



домашното потекло, со цел производот да се здобие со статус на домашен производ. Но и покрај горе наведените услови, сепак се толерира учеството на странските материјали, но нивната вкупна вредност не смее да надмине 10% од фабричката вредност на тој производ. Било кој од процентите дадени во листата за минимални вредности на странски материјали да не е надминат со примената на овој став.

Операции кои ќе се сметат како **недоволен степен на обработка или преработка** за да се добие статус на домашен производ, се операции за обезбедување услови за одржување на производите во добра состојба во текот на транспортирањето; едноставни операции на сортирање, класифицирање, сечење, миење; пакување, препакување, ставање во шишиња, сандаци, торби, ...; означување на производите или амбалажата; просто мешање или спојување на производи; колење на животни.

Енергија, гориво, фабрика, опрема, машини и алати се сметат како **неутрални елементи** и нема потреба од одредување на нивното потекло.

Конститутивен елемент на поимот "потекло" се **територијалниот принцип** (извезена стока, вратена во земјата на потекло, го задржува статусот "со потекло" доколку се докаже дека била извезена и дека не била предмет на каква и да е дополнителна операција) и **директен транспорт** (стоките при извозот во Унијата треба директно да се транспортираат). Транспорт преку други територии е дозволен ако за тоа постои потреба. Стоките не смеат да бидат предмет на каква и да е операција, освен растовар или претовар, и тоа под обезбеден царински надзор.

Согласно Спогодбата, странските материјали користени во производството на производи што потекнуваат од Република Македонија, а за кои е издаден доказ за потеклото (ЕУР.1), нема да подлежат на

враќање или ослободување од царина од каков и да е вид освен производите од Главите 25 и 64-97 доколку царинските стапки се 5 или пониски како и за производите од Главите 50-63 доколку се царински стапки 10 или пониски. Оваа одредба нема да претставува пречка за примена на **рефундирање на извозот на земјоделските производи**.

### 3. Европската Унија и земјоделската политика како патоказ за соодветно прилагодување на Република Македонија

**Одредбите за земјоделството** се поставени на истакнато место во **Државниот закон на ЕУ**, во делот **Два** на овој Закон ("Основање на Заедницата"). Развојот на земјоделството на земјите членки се одвиваше во три главни фази: **првата**, опаѓање на производните дефицити (1960-тите), **втората**, преод кон самообезбедување и кон нето извезување на голем број основни артикли (1970-тите), и **трета**, извоз на вишоци и решавање на тешкотии кои се последица на нерамнотежата меѓу понудата и ефективната побарувачка (1980-тите и понатаму).

Повеќе од 80% од земјоделското производство на ЕУ е предмет на организацијата на Заедничкиот пазар. Најголем дел од производството се покрива со механизмот на интервенциите, кој се базира на внатрешната помош на цената потпомогната со разни променливи увозни прописи и извозни стимулации. На овој систем се додаваат мерките на контрола на набавките. Во последните години, за главните земјоделски производи како што се житариците, млекарските производи и говедското месо, субвенционираните извози ги заменија интервентното складирање како главен начин на регулацијата на пазарите на ЕУ и рефундирање на регионално насочениот извоз. Од друга



страна, границите на ЕУ се бранат со прописите за пакување, етикетирање, стандарди, санитарни и фитосанитарни одредби, инспекции за здравјето на животните од трети земји, инспекции на овластените кланици за извоз во ЕУ, извозните самоограничувања во однос на трети земји спрема ЕУ, воведување на увозните режими, пропишување на референтни цени и тн.

Согласно документот **Општа земјоделска политика - Common Agricultural Policy (CAP)**, 1992, цел на Унијата е: **(а)** зголемување на продуктивноста, **(б)** обезбедување добар животен стандард на земјоделската заедница, **(в)** стабилизирање на пазарите, **(г)** обезбедување расположивост на материјали, **(д)** разумни цени за потрошувачите. Реформите на општата земјоделска политика и прилагодувањето на организирањето на единствениот пазар продолжува согласно препораката на Европскиот Парламент (февруари 1997), во правец "да се создадат рамки кои ќе овозможат и ќе ја засилат одговорноста на земјоделските производители да произведуваат здрава храна користејќи ги поддржаните методи на одгледување". Во таа смисла, Заедницата: ќе примени поефикасна политика во контролата на квалитетот и етикетирањето; ќе го подобри земјоделското практикување во полза на човековата околина; ќе ја подобри урамнотеженоста помеѓу актуелната побарувачка и снабдувањето со аграрни стоки; ќе стимулира иновации кои ќе ја зголемат компетитивноста со поддржани методи; соодветно ќе ги наградува фармерите за зачувување на околината и природата; ќе воведе разноликост во приходите на фармерите и ќе го подобри вработувањето во руралните области; ќе ги одржува буџетските расходи со финансиските можности; ќе ги компензира фармерите во случаи на штетите предизвикани со промените на аграрната политика; ќе оддели средства за директни плаќања на фармерите; аграрната политика

да биде поедноставна и поразбирлива за фармерите; ќе ги зајакне заедничките правила, со што би се избегнало изопачување на конкуренцијата; ќе ги интегрира фармерите во целосниот контекст на развојот на руралните области. Но, особено внимание и понатаму ќе биде материјата на ветеринарни и фитосанитарни мерки. Во однос на проширувањето спрема истокот, реформите на САР ќе бидат насочени кон намалување на интервенциите преку поддршка на цените во полза на директните плаќања.

## 4. Што очекува ЕУ од кооперативните и асоцијативните земји - идни членки на Унијата, и обратно

Основен предуслов за целосно вклучување во Унијата на трети земји, кои се во кооперативен и асоцијативен однос со ЕУ, е нивното **прилагодување** кон стандардите на ЕУ - генерално. Спогодбите се клучната рамка низ кои преку соработка и со поддршка и помош на Унијата се вршат подготовките за воспоставување на слободна трговија со Унијата. Посебно со Белата книга се создаваат услови за систематско усогласување на законодавствата на земјите кандидати (придружни членки), потребно за нивно целосно вклучување во заедничкиот пазар. Комисијата на ЕУ го донесе овој документ како дел од предпристапната стратегија, која се потпира на два главни инструменти: европските (асоцијативните) спогодби и структуиран однос помеѓу придружните земји и институциите на Европската Унија. Структурираниот дијалог би требало да придонесе за развојот на практичната соработка помеѓу Земјите членки и придружените земји.

Европската Унија на земјите од Централна и Источна Европа гледа како на значаен производен потенцијал во аграрот. Во наредниот период, таа очекува од овие земји **раст на аграрното производство**, но тој ќе биде забавен заради: **(а) процесот на сопственичка реконструкција**, која би требало да резултира со зајакнување на малите фарми кои во долг период ќе бидат додатен извор на приходи, но истовремено ќе ја отежнат модернизацијата на секторот; **(б) недостигот на капиталот** за поддшката и модернизацијата на производството и за подобрување на руралната инфраструктура (ниската профитабилност на гранката е со негативно влијание врз атрактивноста за користење на кредитите, јавната финансиска поддршка е ограничена, а капацитетите не се способни за самофинансирање, нерасчистените сопственички права ја одлагаат можноста земјата да биде предмет на колатерала и купопродажни односи, што дирекно го намалува интересот за инвестиции особено странски, во аграрот); **(в) забавени структурални промени** во прехранбената индустрија поради недовршениот процес на приватизација, државната заштита која е со монополската тенденција, недостиг на странски инвестиции, недоволна странска конкуренција; **(г) ограничениот раст на производни цени** поради ограничената куповна моќ заради економската рецесија (во иднина ќе биде надминат со порастот на приходите, зголемена потрошувачка, поголем стандард на квалитетот и заштитата на границите во рамките на ГАТТ).

Согласно Белата книга, напредок во областа на земјоделството се огледа со создавање на компатибилност на законите релевантни за внатрешниот пазар (во областа на ветеринарната и зоотехничката легислатива, фитосанитарната и исхраната на билките и животните, ветеринарната инспекција, здравствената инспекција на билките и во областа на земјоделските производи што потпаѓаат под посебни стандарди во нивниот пласман, како што е виното, тутунот, ...) и внимателно следење на заинтересираноста на Унијата

за посебни производи. Земјишните реформи, приватизацијата и подигање на нивото на заштита на границите, согласно спогодбата на ГАТТ, се приоритети во процесот на прилагодување.

Во економската сфера, па и во аграрот, Република Македонија од процесот на прилагодување кон Европската Унија (сега во кооперативната фаза, а перспективно гледано и во асоцијативна) ги очекува следните придобивки, кои се од стратешки карактер: **(а) пристап** на македонското стопанство кон внатрешниот пазар на Унијата; **(б) зголемување** на трговската размена, и со тоа раст на домашното производство и вработеноста; **(в) зајакнување** на конкуренцијата на домашниот пазар којашто треба да ги мотивира македонските стопански субјекти да ја зајакнат компетитивност преку развојот на нови производи и услуги, модерназиција на технологијата и намалување на трошоците; **(г) поголем пристап** до капитал, опрема, знаење и технологија, примена на стандарди и технички прописи, деловни и организациски техники; **(ѓ) отворање** на нови можности за образование, обука и вработување.

Патот до реализацијата на наведените придобивки ќе биде исчекорен со финансиска и техничка помош од Унијата.

## 5. Резиме

**1.** Проширувањето на соработката на Европската Унија со трети земји е **процес** којшто се остварува **скалесто** - преку **спогодби** и тоа секторски, трговски, спогодби за соработка, асоцијативни спогодби и можно потполно членство во Унијата.

**2.** Преференцијалните спогодби се **развоен инструмент** на ЕУ со кој се поттикнуваат и обезбедуваат економски, социјални и политички реформи кои придонесуваат во подготовките на трети земји за можни **интеграции** со и во Унијата.



**3.** Република Македонија, со склучување на Спогодбата за соработка со Европската Унија, во областа на аграрот, треба да го забрза општиот **развој** во овој сектор преку процесот на прилагодување кон производствените и пазарните услови на Унијата - со нејзината поддршка.

**4.** Согласно Спогодбата, земјоделски производи со потекло од Република Македонија имаат **преференцијален** пристап на внатрешниот пазар на Унијата, и со непречена можност да бидат **рефундирани** во извозот.

**5.** Висината на кванитативните ограничувања во однос на преференцијалниот увоз во Унијата за одделни земјоделски производи со потекло од Република Македонија треба да бидат мотив за **планирано зголемување на производство**, како што се вишни, вино, јагнешко и говедско месо, ...

**6.** Обезбедување на **компатибилност** на домицилната **легислатива** со онаа на Унијата во областа на ветеринарната и зоотехничката легислатива, фитосанитарната и исхраната на билките и животните, ветеринарната инспекција, здравствената инспекција на билките и во областа на земјоделските производи што потпаѓаат под посебни стандарди во нивниот пласман, како што е виното, ...

**7.** Примена на стандардите **ISO 9000** (управување со производни процеси) и **14000** (управување со производни процеси согласно со законодавството за заштита на човековата околина и производство на еколошки и рециклирачки производи) во земјоделското производство ќе ја зголеми нивната конкурентска способност на внатрешниот пазар на Унијата.

**8.** Усогласување на методите на пакување, етикетирање и складирање на земјоделските производи согласно барањата на Унијата.

**9.** Подигање на нивото на царинската заштита преку усогласување на Законот за царинска тарифа со истиот законски документ на Унијата (воведување на **EA, ADS/Z i AD F/M**, сезонски царински стапки и царински плафони).

**10.** Воведување на рефундирање на извозните земјоделски производи на начинот на кој тоа се применува во Унијата.

**11.** Преференцијалните спогодби за соработка со земјите од Југоисточна Европа, според стандардите на европските договори би ја отвориле можноста за барање за ползување на дијагоналната кумулација на стоки, што директно би го стимулирало зголемувањето на производството.

**12.** Придобивките од примената на Спогодбата ќе бидат во правопропорциална зависност од технолошката, техничката и еколошката оспособеност во производството и на пазарот.

* * *



***Литература:***


1. *"**Европската** Унија - наш партнер" -
Стопанска комора на Македонија*, Скопје, 1995

2. *"**Brittan** Memorandum" on European Union Preferential Agreements - Europe Documents, Buleltin Quotidien Europe No 2025, 27.02.1997.*

3. ***Билатерална** Спогодба за соработка меѓу Европската Заедница и Поранешната југословенска Република Македонија, Сл.весник на Р. Македонија бр. 37/97*

4. ***Council** Regulation (EC) 70/97 concerning the arrangements aplicabel to imports into community of products originating in the Republics of Bosna-Herzegovina, Croatia, FR of Yugoslavia and the FYR of Macedonia and to imports of wine originating in the Republic of Slovenia, OJ L 356/97*

5. ***Commission** Regulation (EC) No 1734/96 of 9 September 1996 amending Annex I to Council Regulation (EEC) No 2658/87 on the tariff and statistical nomenclature and on the Common Customs Tariff, OJ L 238/96*

6. ***Eropean** Parliament. written Questions with answer, (P-0673/97). OJ C 367/97*

7. ***The Agricultural** Situation in the European Union 1995 Report - European Commision*

8. ***Основите*** *на стратегијата на Република Македонија за стекнување на статусот - Придружна членка на Европската Унија - Влада на Р Македонија.*1997

9. ***Комисија*** *на ЕЗ, Бела книга. Европски документационен Центар,* Скопје, 1996



*Проф. д-р* ***Јорде Јакимовски,***
*Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје*

## СОСТОЈБА И РАЗВОЈ НА СЕЛОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1. Состојба и тенденции во руралниот простор

Една од значајните карактеристики на досегашниот развој на македонското село е миграцијата во правец село-град и премин на населението од земјоделска во неземјоделска дејност.

Миграцијата и деаграризацијата ја менуваат економската и социјалната структура на населението и влијаат врз развојот на земјоделството и целокупното стопанство во Република Македонија.

Во досегашниот општествено-економски развој, и покрај постигнатите резултати во земјоделството и на село, миграцијата и деаграризацијата се одвиваа стихијно. Тоа доведе до демографско **празнење** на многу селски населби, но и до значително демографско **полнење** на градовите, посебно приградските населби. Од досегашните истражувања на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања се доаѓа до констатација дека, миграцијата и деаграризацијата на населението се одвивале значително побрзо отколку што тоа го дозволувала индустријализацијата и урбанизацијата на градовите и механизацијата на

индивидуалниот сектор во земјоделството. Особено негативни последици има врз оддалечените ридско-планински села. Поради лошите сообраќајни врски, жителите немале можност како дневни мигранти секојдневно да патуваат до работното место, па најчесто се одлучувале за купување на плац во неурбанизирани населби и граделе куќи.

Во периодот 1948-1981 година, во најголем број од населените места населението се намалувало (58,05%), односно во 4,96% не живее ниту еден жител.

Меѓутоа, пописот на населението од 1994 година, покажува дека 121 село е раселено, односно во 34 села повеќе отколку во 1981 година не живее ниту еден жител. Се претпоставува дека во периодот 1981-1994 година се зголемиле и селата со минимален број на жители кои се наоѓаат пред целосно раселување.

Како трајно доселени во градските или приградските населби, тие биле принудени да го напуштаат земјоделското занимање или недоволно да ги користат земјоделските капацитети (земјоделски површини).

Напуштањето на ридско-планинските селски подрачја од страна на работоспособното население доведе и до напуштање на околу 150.000 ha обработлива земјоделска површина и неквалитетно обработување на поголем дел од преостанатата земја, како и до драстично намалување на сточниот фонд. Тоа доведе и до значително намалување на земјоделското производство (поледелско, овоштарско и сточарско), кое се произведуваше во овие подрачја.

Со динамичната и неконтролираната демографска деаграризација се очекуваше пресврт и во селските домаќинства, во смисла на смалување на бројот на индивидуалните земјоделски стопанства, односно наголемување на нивниот земјишен посед и парцелите, но за жал овој процес изостануваше. Иако домаќинствата на село се ослободуваат од вишокот на работната рака, сепак истите не се откажуваат од земјиштето (Ј. Јакимовски 1993). Така, на пример, во Република Македонија, бројот на домаќинствата кои имаат индивидуално земјоделско стопанство се зголемува од 156.676 во 1960 година на 178.087 во 1994 година, или за 13,7%.



Појава, за нас посебно интересна, е, значителната **"упорност"** неземјоделското население да го задржува и наследува земјишниот посед. Само за илустрација: според пописот од 1981 година 38,5% од вкупниот број на домаќинства кои имаат индивидуални земјоделски стопанства, немаат активен земјоделец (работна сила која работи на имотот).

Причини поради кои неземјоделците не се ослободуваат од земјата и не ја отстапуваат на вистинските земјоделци се: **големата несигурност во дејноста во која се вработени** (постои можност да се вратат на земјоделството) и **ниската продуктивност** (ниските примања) во неаграрните дејности. Според тоа, слободно можеме да констатираме дека, досега поседувањето на земјоделска површина и организирањето на производството стануваше условно речено, **стил на живот на село**, како на еден од елементите на квалитетот на живеењето на село. Имено, функцијата на земјоделството во економијата и животот на село, значително се менуваше и тоа од исклучително пазарно ориентирани домаќинства, се појавуваат и други видови на домаќинства, каде што односите на релација индивидуално земјоделско стопанство-домаќинство не можат да се објаснат само со стандардна агроекономска анализа. Тоа особено оди од **"економиката на домаќинството до сферта"** на **"начинот на живеење"**, како еден од елементите на квалитетот на живеењето на село.

Ваквите промени имаат значајно влијание врз користењето на производните капацитети, а оттаму, посредно и непосредно, врз вкупниот развој на селото.

Со опаѓањето на стапката на наталитетот на земјоделското население и масовното вработување на младите во неземјоделските дејности, доаѓа до зголемување на релативно старите лица, односно до стареење на земјоделското и во извесна мера и на селското население; во некои ридско-планински подрачја биолошко-генетската способност на селското население до таа мера е ослабната што се заканува опасност од изумирање на селата, па дури и цели подрачја.

Процесот на стареењето на земјоделското население покажува, дека социјалните и економските проблеми на село, посебно кај земјоделските домаќинства постојано се зголемуваат, така што земјоделското производство доаѓа во сериозна криза.

Отсуството на соодветна развојна политика на село, како процес на изградба на инфраструктура (комунална, општествени дејности, преработувачки капацитети) претставува голем негативен елемент на вкупната развојна политика на Република Македонија. Многу села денес се надвор од досегот на општествено-економскиот развој, нивната демографска структура се влошува, а социјално-економскиот живот полека се гаси.

Досегашните општествени и политички прилики во нашата земја, и покрај интензивните настојувања што се превземаат во транзициониот период, доведоа до драстично влошување на општата материјална и социјална сигурност на домаќинствата на село, кои во неразвиените подрачја се препуштени сами на себеси, при што како резултат на општата негрижа се наоѓаат на работ на егзистенцијата.

Во истражувањето на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања; **"Стратегија, политика и управување со развојот на руралните средини во Република Македонија"** се дојде до сознание дека, основен социјален проблем со кој се соочуваат домаќинствата во руралните подрачја претставува **"материјалната состојба во домаќинството"**[12] Со оглед на социо економските карактеристики на руралните средини, јасно е дека во конкретниов случај станува збор за материјална загрозеност на домаќинството, при што е доведена во прашање и нивната елементарна социјална сигурност. Ваквата состојба ја налага неопходноста од ефикасно делување на соодветните институции за социјална заштита.

Со цел да се добие поцелосна слика за присутноста и интензитетот на социо-економската положба на домаќинствата во руралните средини, во истражувањето е поставено прашањето: **"Колку сте задоволни од вкупните годишни приходи во Вашето домаќинство од земјоделството?"**

Дистрибуцијата на одговорите за кои се определиле анкетираните домаќинства е следната:

| | % |
|---|---|
| - Потполно задоволен | 1,6 |
| - Делумно задоволен | 21,6 |
| - Воопшто не задоволен | 36,1 |
| - Нема приходи од земјоделството | 40,2 |
| - Не дале одговор | 0,5 |
| Вкупно: | 100,0 |

Очигледно е дека доминираат домаќинствата кои воопшто не се задоволни од приходите од земјо-

[12] Во истражувањето, на поставеното прашање "Кои проблеми се најприсутни во вашето домаќинство", две третини од 1600 анкетирани селски домаќинства се изјасниле за "влошена материјалната состојба во домаќинствата".

делството. Ако на оваа се додадат и оние кои немале приходи од земјоделството, произлегува дека повеќе од три четвртини од анкетираните се незадоволни од приходите од земјоделството на село.

Таму каде што населението се иселува, земјоделските капацитети остануваат (земјиштето) неискористени, а таму каде што селата се премногу населени, земјоделската површина е релативно ограничена. Доаѓа до неурамнотеженост во распространетоста на населението и земјоделската површина, што претставува посебен социо-економски феномен.

Од претходно изнесеното можеме да констатираме, дека во земјоделството имаме сектор на приватни земјоделски домаќинства кој е различен од другите, па и од секторот на малите стопанства. Иако сопственоста е приватна, начинот на стопанисувањето е поинаков (нашите индивидуални земјоделски стопанства се разликуваат од приватните фарми во Европа и САД, бидејќи се заостанати со својата деловна преобразба).

Тие се карактеризираат со **мал и испарцелисан земјишен посед, во просек, со две условни грла добиток по домаќинство, со заостаната технологија, и без редовни контакти со пазарот.**

Индивидуалните земјоделски стопанства, бидејќи не биле национализирани, не се зафатени со процесот на промена на сопственоста, но се зафатени со деловна и техничка трансформација. Меѓутоа, овој процес тече бавно и спонтано т.е. без мерки на економската политика.

Иако членовите на домаќинствата кои имаат индивидуално земјоделско стопанство имаат нешто посигурен статус во поглед на економските и политичките промени, нивната социјална положба не е подобра од граѓаните кои егзистираат од приватен сектор во малото стопанство, крупното стопанство и јавниот



сектор. Особено не се доволни приходите во домаќинството, а поради пазарните и климатските фактори не се ниту стабилни.

Имајќи ја предвид постојната состојба во земјоделството и на селото, на една страна природниот потенцијал, а на друга страна населбите - нивната опременост со инфраструктурните објекти и населението - неговиот демографски и социјален состав, како императив се наметнува потребата од **интегрален рурален развој**. Затоа, треба да се инсистира на целосно искористување на постојните производни потенцијали, како значаен извор за иднината на селото. Потребен е таков концепт кој не би ја нарушил природната рамнотежа, односно би ги уважил вредностите на хармоничен развој кои тешко можат да се мерат само со економските ефекти, и би го стимулирал регионалниот локален развој, а со тоа би се смалила емиграцијата во општинските и индустриските центри. Новиот концепт за рурален развој бара специфични напори во поглед на мобилизацијата на расположивиот производен потенцијал на село и во носењето на нова аграрна политика. Селото може да има иднина доколку има население и доколку се достапни сите оние елементи кои имаат општоцивилизациски карактер (струја, пат, вода, превоз и сл.)

Во таа смисла, потребно е да се промени односот кон селото. Имено, на селото му е потребен сестран стопански, социјален и културен развој, т.е. планско разместување на стопанските субјекти, општествените установи и други инфраструктурни објекти, кои би овозможиле приближни цивилизациски услови, а со тоа и поквалитетен животен стандард на населението.

**Според тоа, за развојот на селото е потребен и мултисекторски пристап**, но прилагоден на можностите во просторот. Особено внимание треба да се посвети на недоволно развиените подрачја, во нашиот

случај: Козјачија, Мариово, Малесија и слични ридско-планински подрачја. Доколку не се преземат брзи и соодветни мерки може да се очекува, и во услови на динамичен стопански развој, да се задржат негативните тенденции во економско-демографскиот развој.

## 2. Каков концепт на развој е потребен

**Прво**, концептот за развој на селото треба да се темели врз осмислена популациона политика, при што би се отстранила постојната демографско-регионална нерамнотежа. Станува збор за редистрибутивна политика, која би ги ослободила големите урбани центри од прилив на население и создавање на гравитациони селски центри.

Корисно е да се укаже дека, популационата политика треба да се конципира и спроведува заедно со политиката на општиот развој. При обликувањето на популационата политика треба да се синхронизира политиката на биорепродукција со миграциските процеси на подрачјето.

**Второ**, треба да се напушти концептот на **развој** на **"општинските центри"** и да се премине на концептот на развој на **"просторот"**. Во тој случај, до потполн израз би дошол вкупниот потенцијал (природен и човечки) во поширокиот простор. Имено, во некои средини, во развојниот модел, во прв план нема да дојде економскиот растеж (пораст на општествениот производ), туку порационални и пооптимални би биле еколошките ефекти (производство на здрава храна).

Во подрачјата каде што постои голема разреденост на селските населби потребно е да се изберат локални центри на селската мрежа. Тоа се села кои многу брзо можат да се развијат во населби со градски обележја, и со тоа можат да ги задоволат основните



потреби на населението во околните села. Изградбата на локални или гравитациони центри претставува значаен модел за задржување на населението во руралните подрачја. При конципирањето на Развојната политика на Републиката сериозно треба да се размислува и за проблемите во селските населби, како и за нивната ревитализација, при што треба да се настојува за комплементарен однос на сите корисници на просторот.

**Трето**, посебно внимание нашата Република мора да посвети на примарното земјоделско производство, со максимално користење на расположивиот потенцијал во селските подрачја.

Аграрната политика треба да се засновува врз: **"афирмација на пазарниот концепт на стопанисување; уважување на специфичностите во земјоделското производство; поттикнување и афирмирање на структура и обем на земјоделско производство кое гарантира економска ефикасност и рационална употреба на расположивите ресурси; изедначување на индивидуалните земјоделски стопанства како економска единица со останатите економски субјекти; стимулирање на производството преку поволни кредити; организиран откуп и даночна политика; подобро пензиско и здравствено осигурување на земјоделците и сл.**

Руралните средини имаат иднина ако земјоделството има иднина (A.Schuh 1996).

Програмата за развој на селото не треба да влијае на оддалечувањето на селото од земјоделското производство, туку повеќе да влијае врз преобразбата на самото аграрно производството. Во земјоделството, особено во индивидуалниот сектор, сѐ уште постојат недоволно искористени потенцијали, и во услови на попродуктивно и порационално користење може да се

издвојат финансиски средства за изградба на самото село.

Меѓутоа, самото земјоделство не може да го поднесе и да го носи товарот на интегралниот развој на селото. Земјишниот посед сведен просечно на 2 ha во некои подрачја (особено во ридско-планинските) не може да обезбеди храна за самото домаќинство, а камоли доход за други потреби и за вложување во изградбата на инфраструктурните објекти. Во тој случај, неземјоделските дејности сè повеќе мора да станат извор на инвестиции за развој на селото. Значајно е во оваа прилика да укажеме на повеќестраната производна врска на земјоделството со индустријата и нивната меѓусебна зависност. Имено, од една страна земјоделството е голем корисник на машини - орудија за работа како и големи количини на вештачко ѓубре, средства за заштита индустриски подготвена сточна храна, од друга страна, земјоделството овозможува голема експанзија на прехранбената индустрија, која има долга традиција и која сè повеќе го проширува доменот и облиците на преработката на примарното земјоделско производство. Во тој случај, земјоделството заедно со индустријата од која прима и на која дава свои производи, претставуват значаен производен комплекс. Со постојано ширење во иднина тие имаат повеќестрано економско оправдување, како во задоволувањето на потребите на населението, така и како голема можност за вработување на расположивата работна сила на село.

За понатамошниот развој на земјоделството и неговата улога во развојот на селото, значајна улога има и осмислената производствена програма. **Програма** со која ќе се добие повисок доход и обезбеди поголема сигурнсот на земјоделскиот производител. При конципирањето на политиката за рурален развој потребно е селективен пристап, т.е. корисно е да се



поттикнува професионалното земјоделство, каде што постои можност за двојно занимање **"земјоделец-работник"**.

Во рамничарските подрачја во Републиката кои имаат земјоделски потенцијали, политиката на развојот на селото корисно е, по можност, да биде насочена кон развој на земјоделското производство, но и на ширење на неаграрните стопански дејности. Тука земјоделството ќе претставува основна стопанска дејност, при што треба да се искористат сите потенцијали за производство на храна, со оптимална продуктивност по единица обработлива површина и број на грла. Во овие подрачја земјоделското производство ќе се стимулира преку: изградба на систем за наводнување, кредитирање и инвестирање на индивидуалниот сектор, развој на задругарството на нови основи, организирање на поефикасна служба за развој на земјоделството и селото, материјално поттикнување на земјоделското производство и сл.

Едно од значајните прашања за развојот на селото претставува давањето поддршка на селското население со **"двојно занимање"**, посебно на категоријата **"земјоделец-работник"** или **"мешовито домаќинство"**. Според податоците, услови за модерно и ефикасно земјоделско производство во Републиката имаат само околу 3% од индивидуалните земјоделски стопанства (стопаства со над 8 ha земјишен посед). Бидејќи земјишниот посед е доста уситнет (67% од вкупниот број на домаќинства до 2 ha земјишен посед), реалноста, за која треба да се размислува е таа, дека мешовитите домаќинства треба да се сфатат како трајна категорија. Овие домаќинства одржуваат демографска стабилност, особено во подрачјата со многу уситнет земјишен посед, со висока аграрна населеност и со лош квалитет на земјиште, односно во подрачјата каде што постои опасност од депопулација.

Развојот на земјоделството зависи и од разните научни и стручни институции, кои го зголемуваат знаењето на земјоделците, ги испитуваат можностите за примена на нови сорти, го испитуваат педолошкиот состав на земјиштето итн. Такви се институтите кои ја третираат земјоделската проблематика, центрите за унапредување на земјоделството и други.

**Четврто**, самиот факт дека општествено-економскиот развој на селото, причинско-последично е цврсто поврзан, упатува на основниот правец на влијание во надминувањето на неповолната состојба на село. Според тоа, треба да се размислува за концепт на стопански субјекти, во кој во прв план треба да бидат малите и средните претпријатија. Иако од потребата за мали и средни индустриски погони постои начелна согласност, спорно е прашањето околу нивната структура. Затоа, при локацијата на индустриски погони на село, мора внимателно да се анализираат особините на подрачјето и тоа: демографските аспекти, квалификацијата на потенцијалната работна сила, прометената инфраструктура и сл.

**Петто**, за поцелосен развој на селото потребно е поттикнување на малото стопанство, туризам и др. Во селските подрачја, значајно е да се развиваат микроекономските модели, односно претприемаштвото во домаќинствата од поширок спектар: **"од традиционалните занаети до кооперација со модерната индустрија"**. Развојот на домашното занаетчиство е интересно за селските домаќинства, и тоа особено кога е во прашање економскиот интерес. Досегашните проучувања на можностите за развој на ваквите активности укажуваат дека секоја од нив има голема шанса, со оглед на неискористеноста на природните потенцијали во дадената околина, капацитетите и времето (во период кога нема земјоделска активност).



**Шесто**, во новите услови на стопанисување, развојот на задругарството ќе претставува објективна потреба за опстанок на земјоделските домаќинства, за нивен успешен економски развој и развој на селото. Задругите имаат можност да создадат објективни услови за организирање на интензивно, ефикасно, и квалитетно земјоделско производство и современ развој на селото.

Успешниот развој на селото може да се постигне со различни видови и облици на задружно организирање.

Така, на пример, штедно-кредитните задруги се одлични институции за надминување на проблемите во финансиската поддршка на земјоделското производство и на селото.

Особено, нивното локално значење и врска со своите членови им овозможува во најдобра мерка да ги препознаат потребите на земјоделците и нивните можности за задржување на село.

**Седмо**, треба да се формира стратегија за развој на земјоделството и селото во Република Македонија, која врз база на научни и стручни согледувања, би востановила кои производи имаат:

а) компаративна предност во однос на конкурентските странски производи, односно кои земјоделски производи, со овие климатски, хидролошки и педолошки својства, со кои се карактеризира Македонија, со механизацијата, инфраструктурата и нивото на сознанија на земјоделците во однос на овие култури кои тука ги поседуваме, би донеле најголем профит со релативно најмала потрошувачка на енергија и средства; и

б) стратешка предност, односно такви производи кои може и да не бидат најконкурентни на странскиот пазар, но со чија помош

Република Македонија би можела да опстане во случај на неповолен политички развој на односите со некоја соседна држава или, општо, производи кои и носат поголема политичка сигурност.

1. Вака формираната стратегија треба да се операционализира преку утврдување на приоритети, значи треба да се востанови поголем фонд за стимулирање на производството на култури кои имаат компаративна или стратешка предност, во однос на останатите култури. Со тоа, и секој земјоделски производител и секој земјоделски институт би добил јасна претстава во која насока да ги развива своите потенцијали;

2. Со цел, со вака широко поставената концепција да се делува ефикасно, би требало да се формира тим или **"Национално тело"**, кое би помагало и во конципирањето, и во формирањето и во операционализацијата на ваквата стратегија. Ова Национално тело за развој на земјоделството и селото, би било составено од истакнати стручњаци во областа на аграрот и агроекономијата, значи агрономи, економисти и други слични профили, кои би биле именувани од страна на Владата на Република Македонија. Основните функции на ова тело би биле советодавни, но исто така, тие би можеле да бидат мост помеѓу Владата и разни научни и стручни организации, со цел, преку проекти, кои би можеле да бидат дизајнирани од нив, да побараат решенија за конкретни проблеми во земјоделството и селото.

* * *



***Литература:***

1. ***Alfred Schuh:*** *"Odgovornost politike za poljoprivredu i za ruralni prostor" - Sociologija sela, 3/4,* Zagreb, 1996

2. ***Јорде Јакимовски:*** *" Мултисекторска компонента као основа руралног развоја" - Зборник, Оживљавање села, САНУ,* Београд, 1992.

3. ***Јорде Јакимовски:*** *"Актуелни проблеми и перспективи на село во Република Македонија" - Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања,* Скопје, 1993.

*Доц. д-р* ***Драган Ѓошевски,***
*Земјоделски факултет - Скопје*

# КРЕДИТИРАЊЕТО НА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА АГРОКОМПЛЕКСОТ

## 1. Вовед

Земјоделското производство поради ниската акумулативна способност (лит.6 стр.143: "Просечната акумулативна способност на примарното земјоделско производство, изразена како акумулација во однос на новосоздадена вредност е многу ниска, и таа во однос на индустријата е пониска за четири пати") релативно заостанува зад општиот развој на стопанството, поради што е неопходно потребна државна интервенција. Кредитирањето претставува првостепена мерка на државната економска политика во земјоделството. Со комбинација на висината на каматата, рокот на отплата, висината на сопственото учество, видот на гаранцијата, намената на користење и сл. државата ја одредува целта на кредитирањето како инструмент на својата аграрна политика. Кредитите може да бидат употребени за општ развој на земјоделското производство, за забрзување на развојот на одредени гранки и производи, за забрзан развој на одредени подрачја и територијална разместеност на земјоделското производство, за промена на аграрната структура, за воведување на нови технолошки постапки, за подобрување



на квалитетот на производството, за освојување на нови површини итн.

Првиот взаемен (меѓусебен) кредит во земјоделството (лит.4, стр.69) бил доделен во Германија, во XIX век, а како основач се смета Raifeisen, при што важечки биле шест основни принципи и тоа: **(1)** ограничена област на делување (парохија, општина), а локалните фондови ја сочинувале базата на кредитната мрежа; **(2)** неограничена одговорност на членовите на друштвото; **(3)** основање на резервен неотуѓив фонд; **(4)** забрана на дистрибуција на дивиденда; **(5)** доделување на кредити само на членовите на друштвото; и **(6)** почесни и неплатни функции на администрацијата. Како и во кооперативите, еден член можел да има само еден глас во генералното собрание, со цел да му се даде на селото интерпрофесионална поддршка помеѓу потребата и понудата на капитал.

## 2. Кредитирање на земјоделското производство во Р Македонија во изминатиот период

### 2.1. Почетоци на кредитирање на индивидуалниот сектор

Земјоделското производство, како една од стопанските гранки која не ја задоволува побарувачката на домашниот пазар важи за недоволно развиена. Најзначајна улога во развојот на земјоделството во Македонија имала инвестиционата активност, односно кредитирањето. Кредитирањето во изминатиот период го карактеризира нагласеност кон општествениот сектор, а многу малку во индивидуалниот сектор.

За прв пат во Р Македонија индивидуалните земјоделци се кредитирани во 1974 година (лит. 2), со сума во износ од 7,8 милиони долари или 132,6 милиони динари (во оваа сума Меѓународната банка од

Вашингтон учествува со 50%, Стопанска банка со 30% и 20% кредитокорисниците), во рамките на агроиндустрискиот проект "Македонија". Уште на самиот почеток на проектот индивидуалните земјоделци покажаа многу голем интерес за користење на кредит, при што во првата фаза се одобрени кредитни барања на 1043 индивидуални земјоделски производители, преку 39 организации на здружен труд и земјоделски задруги како носители на кредитот.

По реализацијата на кредитите извршена е набавка на 412 крави, 10397 овци, 231 свиња, 633 трактори со приклучна механизација, а подигнати се 81 ha лозови насади и 67,7 ha овошни насади и др. Условите за кредитирање биле следни: рок на враќање 14 години со грејс период од 1 до 3 години, каматна стапка од 6,75% за носителите на кредитот и 8,25% за корисниците, сопствено учество на корисниците од 20%.

Основни проблеми што се јавија во овој период за реализација на кредитите беа: незаинтересираност на комбинатите и задругите да бидат носители на кредитот, постапката за интабулација, односно висината на таксата што се плаќа при интабулирање на имотот, долго чекање за решавање на кредитните барања, неможноста од набавка на квалитетен добиток на пазар и др.

## 2.2. Инвестициона активност во период од 1981 до 1995 година

Во изминатиот период кредитната активност во земјоделството, како што напомнавме, беше насочена во општествениот сектор. Покрај оваа карактеристика, второ важно обележје на инвестициите во земјоделството е тоа што овие инвестиции по обем заостануваа во споредба со другите стопански гранки. Ваквата констатација може да се види од податоците прика-



жани во табела број 9, кои се однесуваат на компаративната анализа помеѓу остварениот општествен производ и реализираните инвестиции во земјоделството од една страна, и општествениот производ и вкупните инвестиции во Р Македонија од друга страна.

Општествениот производ во РМ изразен во постојани цени од 1972 година има многу силен тренд на опаѓање во анализираниот 15-годишен период 1981-1995 (графикон број 1).

***Графикон 1:*** *Тренд на општествениот производ во Република Македонија*




Исто така и трендот на општествениот производ создаден во земјоделството има негативен тренд, со таа разлика што опаѓањето е со помал интензитет и во одреден временски период (1985-1987) има благ пораст. Единствено позитивна тенденција на пораст на

општествениот производ се забележува кај индивидуалниот сектор (графикон број 2).

***Графикон 2:*** *Тренд на општествениот производ од индивидуалниот сектор во земјоделството*




Што се однесува до инвестиционата активност вкупно на ниво на Р Македонија може да се забележи дека во испитуваниот период доаѓа до голем пад на инвестициите, а истата појава се забележува и кај инвестициите во земјоделството (графикон број 3 и графикон број 4).

Релативното учество на инвестициите во земјоделството во однос на вкупните инвестиции во Р Македонија е многу ниско и во просек за испитуваниот период изнесува 7,97%, со максимум во 1984 година од 11,52% и минимум во 1995 година од само 5,19%. Во истиот период учеството на општествениот производ



создаден во земјоделството во вкупниот општествен производ на Р Македонија изнесува 19,04% во просек.

***Графикон 3:*** *Тренд на инвестиции во земјоделството*




***Графикон 4:*** *Тренд на инвестиции во индивидуалниот сектор во земјоделството*



Општествениот сектор во земјоделството во вкупниот општествен сектор на Р Македонија во просек учествува со 6,99%, со благ пораст во последните години, што е резултат на побавниот процес на приватизација во земјоделството. Многу големо е учеството на општествениот производ од приватниот сектор на земјоделството во општествениот производ од приватниот сектор во Р Македонија, и во просек за испитуваниот период изнесува 75,65%. Оваа учество во првите години од испитуваниот период е поголемо во однос на годините при крајот на испитуваниот период. Ваквата појава е одраз на процесот на приватизација во Р Македонија при што сѐ поголем е делот на приватниот сектор во создавањето на општествениот производ на ниво на Р Македонија.

Во однос на статистичките податоци пресметани во табела број 9, а кои се однесуваат на коефициентот на варијација на испитуваните појави, може да се констатира дека со најголем коефициент на варијација се карактеризира општествениот производ создаден во земјоделството со вредност на коефициентот од 7,21%, а највисока вредност има коефициентот на варијација на инвестициите во земјоделството, и тоа 46,88%.

### 3. Моментална состојба со кредитирањето во земјоделството во Р Македонија

Во текот на 1996 и 1997 година започна процесот на поинтензивно кредитирање на примарното земјоделско производство од повеќе извори на средства. Кредитирањето на земјоделството се одвиваше преку комерцијалните банки од Р Македонија, а карактеристично беше тоа што средствата беа наменети за индивидуалните производители и за оние претпријатија од областа на земјоделството на кои во сопстве-

*Табела 9. Компаративна анализа помеѓу општествениот производ и инвестициите во Република Македонија по цени од 1972 година*

| Година | Општествен производ по цени од 1972 година | | | | | | | | | Инвестиции по цени од 1972 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Република Македонија | | | Земјоделство | | | | | | | | |
| | Вкупно | Општ. сек. | Индив. сек. | Вкупно | | Општествен сектор | | Индивидуален сектор | | Вкупно | Земјоделство | |
| | динари | динари | динари | динари | % | динари | % | динари | % | динари | динари | % |
| 1981 | 21.716 | 18.601 | 3.115 | 3.667 | 16.89 | 1.251 | 6.73 | 2.416 | 77.56 | 6.352 | 524 | 8.25 |
| 1982 | 21.992 | 18.886 | 3.106 | 3.889 | 17.68 | 1.439 | 7.62 | 2.450 | 78.88 | 6.061 | 560 | 9.24 |
| 1983 | 21.538 | 18.749 | 2.789 | 3.390 | 15.74 | 1.249 | 6.66 | 2.141 | 76.77 | 5.282 | 552 | 10.46 |
| 1984 | 22.211 | 19.245 | 2.966 | 3.660 | 16.48 | 1.349 | 7.01 | 2.311 | 77.92 | 4.322 | 498 | 11.52 |
| 1985 | 22.051 | 19.141 | 2.910 | 3.402 | 15.43 | 1.122 | 5.86 | 2.280 | 78.35 | 3.411 | 284 | 8.34 |
| 1986 | 23.605 | 20.307 | 3.298 | 4.124 | 17.47 | 1.390 | 6.84 | 2.734 | 82.90 | 3.585 | 251 | 7.00 |
| 1987 | 23.303 | 20.150 | 3.153 | 3.881 | 16.65 | 1.256 | 6.23 | 2.625 | 83.25 | 3.308 | 350 | 10.57 |
| 1988 | 22.547 | 19.533 | 3.014 | 3.612 | 16.02 | 1.190 | 6.09 | 2.422 | 80.36 | 3.963 | 310 | 7.83 |
| 1989 | 22.980 | 19.805 | 3.175 | 3.772 | 16.41 | 1.190 | 6.01 | 2.582 | 81.32 | 3.745 | 290 | 7.75 |
| 1990 | 20.802 | 17.701 | 3.101 | 3.387 | 16.28 | 1.073 | 6.06 | 2.314 | 74.62 | 3.363 | 274 | 8.15 |
| 1991 | 18.731 | 14.857 | 3.874 | 3.983 | 21.26 | 1.079 | 7.26 | 2.904 | 74.96 | 3.416 | 192 | 5.62 |
| 1992 | 16.392 | 12.301 | 4.091 | 4.000 | 24.40 | 1.038 | 8.44 | 2.962 | 72.40 | 2.703 | 203 | 7.51 |
| 1993 | 13.954 | 10.338 | 3.616 | 3.184 | 22.82 | 744 | 7.20 | 2.440 | 67.48 | 2.512 | 156 | 6.21 |
| 1994 | 13.723 | 9.809 | 3.914 | 3.439 | 25.06 | 792 | 8.07 | 2.647 | 67.63 | 2.177 | 128 | 5.88 |
| 1995 | 13.275 | 8.538 | 4.692 | 3.580 | 26.97 | 750 | 8.74 | 2.830 | 60.32 | 2.504 | 130 | 5.19 |
| Просек | 19.921 | 16.534 | 3.388 | 3.665 | 19.04 | 1.127 | 6.99 | 2.537 | 75.65 | 3.780 | 313 | 7.97 |
| | | | | | | | | | | | | |
| Станд. девијација | 3.596 | 4.040 | 517 | 364 | 3.79 | 214 | 0.88 | 235 | 6.17 | 1.213 | 147 | 1.81 |
| Коефици. на варијација | 18.05% | 24.43% | 15.26% | 7.21% | 19.92% | 18.95% | 12.54% | 9.27% | 8.15% | 32.09% | 46.88% | 22.76% |

ничката структура доминанто место завзема приватниот капитал, минимум 51%.

Во однос на условите за кредитирање се појави одредена шареноликост, така што се нудеа кредити со каматна стапка од 8 до 14%, со рок на отплата од 1 до 8 години, со грејс период до 2 години и сопствено учество од 20 до 50%.

Проблемите околу кредитирањето што беа изразени уште при првото кредитирање во 1974 година се повторија и сега, а се однесуваа на незаинтересираноста од страна на банките за кредитирање на индивидуални земјоделски производители, краткиот рок на враќање, долгата постапка за одобрување на средствата, неусогласеност на временските потреби на земјоделското производство (на пр. кредити за комбајн за жетва беа одобрувани во октомври и ноември), неможност за набавка на квалитетен добиток и др.

Позначајни кредитни линии во текот на 1996 и 1997 година беа:

**1.** Најголем интерес кај земјоделските производители предизвика кредитот од Светската банка кој се дистрибуира преку пет комерцијални банки од Република Македонија, и тоа: "Радобанк", "Македонска банка", "Комерцијална банка", "Тутунска банка" и "Стопанска банка" од Битола. Вкупната сума за оваа кредитна линија изнесува 5.000.000 DM од што 20% (или 1.000.000 DM) е сопствено учество на кредитобаратели, а 80% (или 4.000.000 DM) е кредитот. Општите услови за пласман на кредитите до непосредните земјоделски производители се 5 години рок на враќање, со максимум 2 години грејс период и 8% каматна стапка.

**2.** Од јуни месец 1996 година, Германската банка за порамнување (Deutsche Ausgleichbank - ДтА) од Бон, врз основа на Проект-спогодбата помеѓу Владите на Македонија и Германија отвори канцеларија во

Скопје и започна со кредитната програма во висина од 20.000.000 DM. Оваа сума е од средства на Македонската и Германската Влада, а се однесува на повратници кои живеат во Германија и изразиле желба да се вратат во Македонија. Со вториот дел од оваа програма се опфатени и македонски граѓани кои не живееле во Германија под исти услови, и тоа: каматна стапка од 9%, грејс период до 2 години, рок на отплата до 8 години. Кредитите во принцип се за сите економски активности со производствена или преработувачка дејност. Имплементацијата на кредитната линија се одвиваше преку "Алмако банка" од Скопје.

**3.** Хуманитарната организација "Можности", која е партнер на хуманитарната организација "Opportunity international" од САД, во текот на 1996 година исто така започна со доделување на кредити за развивање на микро бизниси, а во рамките на тоа и на земјоделски производители. За оваа намена се одобруваат заеми во износ до 25.000 DM со рок на враќање до 3 години, грејс период од 1 до 6 месеци, каматна стапка од 12 до 14% и сопствено учество од 30 до 50%.

**4.** Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) е исто така хуманитарна организација која своето дејствување во Република Македонија го изведува преку две програми. Првата програма се спроведува на територијата на целата Република, а основна цел е да им се помогне на иницијативи со кои се помага околу вработување на жени и хендикепирани лица. Втората програма е "Програма за селски иницијативи". Основна цел на оваа програма е поддршка на опстанокот на селата, демократските процеси и меѓуетничките комуникации, преку развивање и поддршка на економските можности во етнички мешаните области. Реони на делување во рамките на оваа програма се населените места околу следните градови: Прилеп, Велес, Македонски Брод, Дебар и Гостивар. Големината на инвестициите се движи од 10.000 до 70.000 DM, рокот на отплата е 3 години, каматна стапка 8% годишно и сопствено учество минимум 30%.



**5.** Фондацијата "Сорос" во Република Македонија претставува канцеларија на Институтот Отворено општество од Будимпешта, која од 1996 година има отворено кредитна линија наменета за малите земјоделски стопанства. Тоа се краткорочни кредити со мал износ на средства, до 5.000 $, рок на отплата до 12 месеци и каматна стапка од 10%. Реализацијата на средствата се врши преку Извозно-Кредитна Банка - АД Скопје.

**6.** Кредит од IFAD (International Fund for Agricultural Development - Меѓународен фонд за развој на земјоделството). ИФАД кредитот ќе почне со реализација во почетокот на 1998 година и ќе биде наменет за ревитализација на ридско - планински и погранични места, односно неразвиени подрачја во источните и југоисточните делови на Р Македонија. Општите услови за кредитот се: каматна стапка до 7%, со сите банкарски и административни трошоци, намена - во почетокот за поледелство, лозаро-овоштарство и сточарство, а наредните години и за мало стопанство, висина на средства максимум 25.000 US $, време на отплата - зависно од намената 3 до 4 години и грејс период 1 до 2 години.

## 4. Кредитни системи во земјоделството во САД и Франција

### 4.1. Кредитен систем во земјоделството во САД

Од 1917 година кредитниот систем во земјоделството (Farm Credit System) е најсигурен извор на кредити и други финансиски сервиси за фармери, ранчери и нивните кооперативи (лит.3). Тоа е систем со феде-

рален карактер, но во сопственост на приватни банки, асоцијации за заем и сервисни единици организирани како кооперативи, со цел да ги обезбедат со кредит или други финансиски услуги земјоделските производители и нивните кооперативи во САД. Институциите на Farm Credit System се уредени и контролирани од земјоделска кредитна администрација, независна агенција во извршната власт на Владата на САД.

Од 1980 година и на почетокот на 1990 година кредитниот систем во земјоделството во САД претрпел голема структурна реорганизација. Од 1 јануари 1994 година овој систем е уреден во 8 реонски банки за кредитирање на земјоделството, 3 банки за кооперативи и 238 локални асоцијации за заем. Организационата структура на кредитниот систем во земјоделството во САД е прикажана во слика 1.

Деловите на системот за кредитирање на земјоделците се:

**Farm Credit System** - систем во приватна сопственост на институции за заем кои се под федерална контрола, а се опфатени со фарм кредит актот од 1971 година.

**Farm Credit Administartion** - федерална владина агенција со регулаторна одговорност за фарм кредитниот систем.

**Farm Credit Banks** - овие банки даваат директни долгорочни земјоделски кредити за недвижности или ги обезбедуваат со краткорочни, среднорочни и долгорочни фондови за заем Federal Land Credit Associations, Production Credit Association i Agricultural Credit Associations.

**Farm Credit District** - територија опслужена од Farm Credit Banks.

**Federal Land Bank Associations** - асоцијации кои собираат барања за долгорочни заеми за недвижности за кредитните банки.






***Слика 1.** Организација на кредитниот систем во земјоделството во САД*

**Federal Land Credit Associations** - даваат директни долгорочни заеми за недвижности со фондови кои се обезбедени од Farm Credit Banks.
**Production Credit Associations** - даваат краткорочни и среднорочни заеми со фондови обезбедени од Farm Credit Banks.
**Agricultural Credit Associations** - асоцијации кои даваат краткорочни, среднорочни и долгорочни заеми со фондови обезбедени од Farm Credit Banks.
**Banks for Cooperatives** - овие банки даваат кредити од сите видови (земјоделство, рибарство, шумарство) и други кооперативи во руралните области.
**Farm Credit System Insurance Corporation** - ова е владина федерална корпорација создадена првенствено за осигурување на навремена наплата на главнината и каматата на Farm Credit Banks.
**Federal Farm Credit Banks Funding Corporation** - оваа корпорација е во сопственост на Farm Credit Banks за сигурност во подигањето на фондов заем.

## 4.2. Кредитен систем во земјоделството во Франција

Кредитниот систем во земјоделството во Франција е организиран на три нивоа, и тоа: локално ниво - со 2986 локални фондови, регионално ниво - со 94 регионални фондови и на национално ниво претставен преку Credit Agricole.

Помеѓу локалните фондови и националниот фонд (кој е јавна институција), посредна позиција имаат регионалните фондови. Регионалните фондови се основани во секој департмент и тие ги групираат прилозите добиени од заштедите на локалните фондови, а исто така вршат и распределба на одобрените средства од националниот фонд. Локалните фондови се






***Слика 2.*** *Структура на Credit Agricole*

членови на регионалните фондови. Администраторите, избрани претставници од земјоделците, во рамките на локалните фондови, формираат "комитет за давање заем" кој дава свое мислење за бараните кредити од земјоделците. Тоа мислење се заснова на директното познавање на кредитобарателот. Одлуката за доделување на кредит донесена на локално ниво, често е разгледувана на регионално ниво. На ниво на регионалните фондови се дефинира регионалната политика за давање заем, имајќи ги предвид националните насоки и банкарските барања.

Во 1987 година Владата го продаде националниот фонд на регионалните фондови, и оттогаш администраторите на регионалните фондови станаа директни администратори на националниот фонд.




***Слика 3.*** *Круг на финансирање на земјоделството во Франција*

На слика 3 прикажан е кругот на финансирање на земјоделското производство во Франција. Најголем дел од потребните средства за нормално одвивање на производствените функции се обезбедува од Credit Agricole - околу 70 до 80%, со 20 до 30% е застапено сопственото учество на земјоделците, и со 10% субвенциите од државата.

## 5. Заклучоци

Имајќи го предвид досегашното ниво на кредитирањето на земјоделското производство во Република Македонија, како и моменталната состојба со кредитирањето, неминовно се наметнуваат повеќе заклучоци, и тоа:



1. Учеството на инвестициите во земјоделството во вкупните инвестиции во Р Македонија во испитуваниот период од 1981-1995 година е релативно ниско и во просек изнесува 7,97%, со нагласена тенденција на опаѓање во апсолутен и релативен износ.

2. Подолг временски период во Р Македонија поголем дел од кредитните средства биле насочувани претежно кон општествениот сектор, а помалку кон индивидуалните земјоделски производители. Ваквата состојба придонела да се јави голем недостиг на инвестиции во приватниот сектор и нивно заостанување од технолошки аспект. Исто така, незадоволителното ниво на кредити на приватните земјоделски производители во изминатиот период резултира со голем интерес од нивна страна за нови инвестиции.

3. Процесот на кредитирање на индивидуалните земјоделски производители, како во минатото така и сега, го следат многубројни проблеми, коишто се одраз на реалната состојба, а посебно на непостоењето на кредитен систем во земјоделството, како што е тоа случај во развиените земји.

4. Од сето погоре кажано, како општ заклучок може да констатираме дека, за решавање на прашањето со кредитирањето на земјоделското производство во Р Македонија неопходно и ургентно е од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се преземат соодветни мерки за изградба на кредитен систем во земјоделството, преку кој Владата на Р Македонија претставена преку Министерство за земјоделство ќе биде во можност да го насочува и следи развојот на земјоделското производство. Вооедно со изградбата на кредитниот систем ќе бидат надминати проблемите што се јавуваат при кредитирање на приватното земјоделство од неговиот почеток па до денес.

* * *

**Литература:**

1. ***Физибилити** студија за индивидуални земјоделски стопанства во С.Р.Македонија, том I, Electrowatt engineering services ltd-Zurich, Универзитет во Скопје-Земјоделски факултет, Институт за економика и организација на земјоделството* Скопје - Zürich-1976 година

2. ***Извештај** за кредитирањето на инвестициите во индивидуалното земјоделство, Републички секретаријат за земјоделство и шумарство,* Скопје, 1977 година

3. **Peter B., Baker C., Paul E., John H.**: *"Financial Management in Agriculture" - Interstate publishers, Inc, Danville Illinois, USA, 1995*

4. **Christophe R.**: *Agriculture, le systeme francais, Syros-Alternatives, Paris-France, 1990*

5. ***Poljoprivredna** enciklopedija, Jugoslovenski Leksikografski Zavod,* Zagreb 1967, Jugoslavija

6. ***Усалески В.**: "Акумулација и акумулативна способност на примарното земјоделско производство во Република Македонија" Докторска дисертација - Земјоделски факултет* - Скопје, 1994

7. ***Статистички** годишници на Р Македонија (1981-1995), Завод за статистика на Република Македонија*



# ДИСКУСИИ

*М-р* ***Киро Докузовски,***
*министер за земјоделство, шумарство и водостопанство во владата на Република Македонија*

## НЕКОИ АСПЕКТИ НА АГРАРНАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Прво, сакам да ја поздравам оваа иницијатива на Друштовото на агроекономистите, чиј член сум. Навистина одбрани се три теми коишто се од најголем интерес во ова време во нашата држава, и така како што се поставени, и како што беа и образложени, даваат солидни правци и насоки за нашето севкупно работење. Сакам да ја искажам мојата поддршка, за стратегијата на развојот, особено заради тоа што таа е конципцирана на две сценарија. Едното сценарио кое значи развој во услови на отсуство на економски мерки кои порано постоеја во аграрот, (субвенции, регреси, премии, стимулации, компензации и слично), и второто - развој во услови ако повторно се вратат тие мерки во аграрот во Македонија. Ова го прифаќам заради тоа што дава можност, јас денес како одговорен за земјоделството, а утре и други, што ќе дојдат да не мотивираат да се залагаме да вратиме некои од овие напуштени мерки, кои Европската Унија ги применува. Сигурно секој сака да остварува повисок развој, а стратегијата тоа го покажува - како и каде би се

нашле ако го примениме тој модел на повисока стапка на растеж.

Јас, исто така, се согласувам со оценките што беа и во студијата дадени и тука, дека ваквата положба на аграрот е тесно поврзана со судбината на индустријата во целина, значи во целокупната индустрија. Јас го лоцирам прашањето посебно на состојбата на прехранбената индустрија, којашто и го следеше развојот на примарното производство. Исто така, сите оценуваме дека таа многу се рефлектира и врз развојот на примарното производство, особено во претпријатијата со општествен капитал кои сега се трансформираат, бидејќи тие капацитети се лоцирани главно во овие претпријатија кои ги презема поголемиот дел од пазарни вишоци, особено од зеленчук и овошје. Според тоа, судбината на земјоделците и на тоа производство е врзана за овие капацитети. Сегашната неповолна состојба на фабриките за преработка на зеленчук и овошје доста негативно се одразува и врз производството и пласманот на зеленчукот, овошјето и слично.

Состојбите во некои гранки од аграрот се подобруваат, особено со доаѓањето на странски капитал. Кај тутунот тоа брзо се почувствува, бидејќи со странскиот капитал тутунот се откупува и плаќа без проблеми. Странски капитал, знаеме дека учествува и кај подрумите што откупуваат грозје и извезуваат вино без особени проблеми. Постојните млекарници сè повеќе работат пазарно, затоа што се изградија многу нови млекари, потоа капацитети за преработка на месо и слично, што во вакви услови ќе создаде пазарна ориентација и натпревар меѓу претпријатијата. Секако дека тоа треба да продолжи и кај другите дејности. Се согласувам дека ние треба да се залагаме за понагласен развој на прехранбената индустрија, за да биде во функција на развојот на примарното производство.



За спогодбата со Европската Унија, јас само би информирал дека Министерството за оваа тема ќе одржи посебни советувања, не со цел да го повториме ова што беше тука успешно напишано и кажано туку со цел да видиме каква е оспособеноста на институциите и стопанството за Европскиот пазар. Во сферата на прописите ние успеавме да донесеме повеќе закони и да ги сообразиме со Европската Унија. Имаме уште два закона за донесување, со што до крај ќе ја заокружиме правната регулатива, како услов за успешно реализирање на спогодбата со Европската Унија. Затоа и целиот напор на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како што гледате, во последните шест месеци е насочено кон предлагање на закони, бидејќи без нив не можеме да правиме реформи. Во оваа фаза недостасува прашањето на опременоста на нашите институти. Освен Ветеринарниот институт, другите институти се неопремени или недоволно опремени, и од тие причини мораме да бараме средства и опреми, како и примена на стандарди и методологии според барањата на Европската Унија. Институтот за тутун - Прилеп и Земјоделскиот институт - Скопје од нас добија овластување да вршат сертификација на наши производи кои се извезуваат во Европската Унија. Тоа значи дека тие мора да имаат лаборатории на ниво на европските стандарди.

Најклучното прашање во развојот, без оглед дали се работи за Европската Унија, дали за стратегија на развојот, се инвестициите. Според мене прашањето на насочување на инвестициите е условено со завршувањето на трансформацијата на комбинатите и земјишната политика. Од тоа, какви потези ќе извлечеме, ќе зависи и идната судбина на аграрот. Сè друго

мислам дека ќе го решава пазарот, не мислам на стихиен пазар, туку организиран како Европскиот пазар, кој, еве, нуди концепција којашто е јасна, и ако се организираме тоа можеме да го направиме лесно. Чувме доста аргументи за тоа дека приватното земјоделство кај нас има тенденции на ситнење на поседот - што не е случај и во светот. Обратно: меѓународни финансиски институции од светот ни предлагаат концепција за разделување на комбинатите на помали, делови што за мене како министер е неприфатливо. Меѓутоа, сепак упорно се инсистира да се реализираат од порано прифатените концепции за потполно менување на односот на државата кон комбинатите и задругите. Прво што се условува дека треба да се направи е тоа, да се раситнат големите комбинати, а државната земја да биде дозволено да се дава на приватни лица, односно да се распродаде. Во таа насока се надоврзуваат и некои мислења, кога се водеше расправа за Законот за земјиште во Парламентот. Од некои членови на опозиционата партија беше кажано мислење дека државното земјиште треба да се продаде, да се оттуѓи. Ако тоа се прифати, значи да се ликвидираат сите големи комбинати. Кога велам комбинати, не мислам само на тие што имаат земјиште и работат на земјиштето, туку и сета прехранбена индустрија којашто е лоцирана во овие комбинати, исто така да биде предмет на растурање. Зборот растурање го употребувам грубо, меѓутоа тоа е вистината, гледајќи ги состојбите во комбинатот "Струмица" којшто навистина се сведе на растурен комбинат, каде нема ни производство, а влошените односи негативно се рефлектираат директно и кај индивидуалните земјоделци. Зборувам вака критички за да ја потенцирам потребата, без оглед од која позиција зборуваме, дека треба со стручни аргументи да настапуваме и кога разговараме и со странските партнери, бидејќи тие се речиси



секогаш присутни во стопанството, па и во науката, и од тие контакти ги предлагаат своите мерки. Бидејќи кога се правени овие концепции за трансформација во минатото за еден ваков пристап во аграрот, се користени кадри од нашите научни и други стручни институции, тие оценки сега со ништо не можеме да ги измениме, особено и заради тоа што тие се веќе верифицирани од бордови на меѓународни институции.

Дали може да се сопре оваа определба или да се направи да добие вистински текови, останува да се види. Со Законот за земјиште, кој ја мина првата фаза, ние се определивме за концептот, земјоделското земјиште во државна сопственост да може да се дава на концесии на домашни, граѓански и правни лица, вклучувајќи исто така еднаква можност до него да дојдат и странски граѓански и правни лица. Тоа подразбира користење на земјиште на концесија на период од 40 години за овошни и лозови насади и до 20 години за нивски култури, односно за сточарството. Сметаме дека со такви одредби ќе се создаде конкуренција - сите да можат да конкурираат за земјиште, за да го обработуваат. Концепциски, со Законот не предвидуваме можност за продажба на државното земјиште, иако некои концепции од Законот се критикувани и од Светската банка; особено се критикува дека пренагласено е форсиран државниот сектор, односно условно речено се бара да се процени овој концепт. Нашите аргументи се, дека приватниот сектор не е спремен ниту е оспособен, ниту има интерес да се занимава со земјоделството - заради неговата старосна структура, навики, опременост и сл.; потоа, дека државната земја не е создадена со одземање земја од земјоделците, туку е создадена со агромелиорација, освен еден мал дел кој ќе биде вратен со денационализацијата - кога ќе биде донесен законот. Тоа значи, дека во Република Македонија нема анта-

гонизам меѓу правниот и оној што го викаме општествен сектор, и не очекуваме да се појави. Во Законот предвидуваме преодно решение со кое земјоделските комбинати кои користат државно земјиште ќе можат по завршувањето на својот процес на трансформација, со договор со државата да го регулираат натамошното користење на земјиштето под услови пропишани со закон. Во секој случај, и тие ќе плаќаат закупнина за тоа земјиште, со што ќе бидат изедначени со индивидуалните земјоделци кои сега плаќаат данок за своето земјиште. Сметаме дека со тоа што ќе заврши приватизацијата на комбинатите, и со обврската да плаќаат рента (зафаќање) како закупнина, тие се изедначуваат во условите на пазарот со приватните земјоделци.

Се поставува прашањето: која е таа земја што ќе биде достапна за земјоделците? Достапна ќе биде онаа земја којашто во нашите комбинати се користи нерационално. Ние тоа сега го правиме, и ќе го правиме и во иднина. Секаде каде што има необработена земја ја даваме на земјоделците под закуп, односно на користење, а по Законот тоа ќе се дава на концесија. Република Македонија има 10% вкупно земјиште коешто е во државна сопственост, а кое и досега не го користеле комбинатите, туку оставено е на општините кои го давале под закуп и слично. Меѓутоа, така како што е поставен концептот на условувањето од Светската банка - да се одземе од прва до трета класа во услови на наводнување и со решена инфраструктура, значи директен атак врз земјоделските комбинати. Кој е излезот од ова? Ние за ова прашање сме обврзани да го донесеме законот. ќе одржиме нова расправа на која ќе поканиме познати стручњаци, странски експерти, досегашните корисници за да видиме кои се тие можни излезни решенија што треба да ги направиме, меѓутоа, пак, тргнувајќи од нашите специфики коишто се и тенденциите. Ако во една Америка по еден фар-



мер отпаѓаат 185 ha, со тенденција на пораст, логично е и ние да бараме да имаме слични тенденции. И во тој дел имаме позитивни примери. Пелагонија е еден од големите комбинати кој се трансформира, и ја заврши постапката. Потпишан е договор, и тој чин е завршен и претставува позитивен пример. Ќе повторам: Струмица е лош пример каде што се примени моделот на разделување на четири, па на дванаесет и сега не знам ни колку ќе има делови, бидејќи има предлог за стечај на сите негови делови. Во овој дел ние сметаме дека треба да дојде до разделување, меѓутоа никако со кабинетски решенија, со директиви, туку претпријатијата сами да најдат можност, некои делови коишто навистина не треба да бидат во состав да можат заедно да работат, да се одделат. И во овој правец сакам да укажам, дека Законот дава можност претпријатијата и по завршувањето на процесот на приватизацијата да прават повторно преструктуирање на делови кои што значат распарчување, спојување и сл. Бидејќи практиката покажа дека, некои комбинати што веќе се поделија и натаму прават процеси на нивно трансформирање.

Во однос на прашањето на инвестициите, не би говорел. Сега сме во зачетокот на давање кредити за приватните земјоделци. Морам да кажам, тоа се остварува со тешки маки, и затоа многу не ги афирмираме кредитните линии, бидејќи не зависи од министерот дали кредитот ќе биде одобрен. Тоа е препуштено на самостојното банкарство, кое засега тешко одобрува кредити. Ние направивме што направивме. Тие се правни субјекти и самостојни во своето решавање. Едно наше реагирање до банките за побрзо решавање беше оквалификувано како мешање во работата на банките, и дека не треба тоа да го правиме. Засега општествениот сектор не може да смета на кредити без да ја заврши трансформацијата, и тоа приватиза-



Bonn

цијата да е завршена до 51%, и втор услов е, да не покажуваат загуба во рок од две години наназад. Дотогаш, додека трае трансформацијата, мислам дека тешко ќе можат да користат кредити, а 1998 година е таа кога трансформацијата треба целосно да заврши и да се донесат сите битни закони во земјоделството.

*   *   *



*М-р **Санде Џамбазовски,***
*пратеник во Собранието на*
*Република Македонија*

## *СОРАБОТКАТА МЕЃУ НАУКАТА И ПРАКТИКАТА*

Господа Претседателство, дами и господа присутни. На почетокот морам да кажам дека сум задоволен од стратегијата за долгорочен развој на целокупното стопанство. Денеска, бидејќи расправаме за развојот на аграрот, сметам дека таа претставува едно глобално претставување на работите коишто не очекуваат, и коишто попрофесионално треба да ги извршуваме. Сигурно дека оваа стратегија перманентно ќе се следи во нејзиното остварување. Сигурно дека ваквите собири како денешниот, сигурен сум има и други, од други области, ќе бидат добар пример како треба да се проучува ова стратегија и како понатаму треба да се реализира оваа стратегија, бидејќи секоја стратегија која нема докрај да се реализира нема да е добра. Оценката за тоа колку е таа добра, а мислам дека засега е добро, барем од она што можев да видам, меѓутоа колку навистина е таа добра и успешна ќе се види на крајот, кога ќе можеме да дадеме конечна оценка, односно тогаш кога таа ќе се реализира. Во секој случај, денеска кога зборувавме за земјоделството, воведничарите што ја презентираа стратегијата, во зависност од нивното расположиво време, ги изнесоа глобалните размислувања околу спроведување-

то на стратегијата, па би сакал околу тоа малку да кажам едно свое размислување, овој пат како агроекономист повеќе.

Во секоја земја каде што има промена на економскиот систем, нормално е да има промена и во производството, да има потреси во производството, во целокупното производство. За среќа или несреќа, со оглед дека ние имавме едно комбинирано земјоделско производство, а тоа е приватно и општествено, барем до скоро, изгледа дека тие потреси вака поблаго ги поминавме, благодарение на она што имавме еден голем дел на приватен сектор. И затоа, ако забележавте, во стратегијата стои дека најмал пад на производството од сите гранки е кај земјоделското производство, така што дури во просек го подобрува падот на целокупното производство во стопанството, односно како што реков е резултат на земјоделското производство. При промената на економскиот систем беше неминовно да се промени законската регулатива, за да може тој нов економски систем подобро да се реализира. Морам да кажам, министерот малку загатна, јас само ќе дополнам, дека во овој период се донесени поголемиот дел на системски закони, не само системски туку и оние други придружни закони, коишто ќе овозможат во наредниот период порационално, односно подобро да се спроведува она што сме го зацртале во стратегијата за долгорочен развој.

Од што ќе зависи спроведувањето на стратегијата? Мислам, кога размислуваме во глобала, дека најмногу стратегијата ќе зависи од тоа колку ние ќе имаме земјоделско производство и колку од тоа ќе успееме успешно да го пласираме, што значи ќе зависи од производството и од пазарот. Мораме да се сложиме дека производството, односно успешноста на земјоделството нема да се мери само преку зголемувањето на производството. Барем ние како агроекономисти мораме во тоа да се сложиме, бидејќи за мене успешно производство, не само земјоделско туку било кое, е она кое е најекономично. Ние досега, сакале или не, се задоволувавме, барем во социјализмот, со тоа кој колку производство ќе остварува по единица површина или по единица мера. Помалку водевме сметка колку тоа производство е економично. Ние како агроекономисти, сакале или не, ќе мораме да се согласиме да ја достигнуваме онаа висина на производство која е најрентабилна, најоптимално рентабилна, односно да имаме најдобар сооднос меѓу давањата и примањата од тоа производство.



Овде воведничарите спомнаа што значи излегување во Европската Унија, која е главна цел на нашата Република, а посебно денес кога разговараме за аграрот. Едниот дел зависи од политиката која треба да ги средува, односно ги средува тие односи - дали е тоа демократијата, дали се тоа човековите права итн. Меѓутоа, во еден дел воведничарот кажа дека и зголемувањето на производството е еден од условите за влегување во Европската Унија. Значи, тој дел зависи од нас како стручни кадри, зборувам за денеска во аграрот. Сигурно тоа ќе се зборува за индустријата и другите гранки. Меѓутоа, влегувањето во Европската Унија ќе зависи и од зголемувањето на земјоделското производство. Денеска ние во Република Македонија имаме производи коишто се вишок, коишто ги извезуваме, односно произведуваме повеќе од тоа што е потребно на домашниот пазар, и оние производи коишто ги произведуваме и се недоволни за домашниот пазар. Има разни теории, имаме слушнато разни теории од одредени стручњаци за тоа каде треба да посветуваме поголемо внимание: дали кај она што ни недостасува, па да произведуваме повеќе за да не увезуваме или да произведуваме она што ќе извезуваме, па да можеме со тој извоз да увезуваме? Мис-

лам дека тука, мое лично размислување, треба да произведуваме она што најдобро можеме да го произведеме, без оглед дали е тоа за извоз или за домашен пазар. Добро треба да произведеме нешто што произведуваме, нешто што е повеќе од сопствените потреби и тоа ќе оди за извоз. Тогаш многу лесно можеме да го увеземе она што ни недостасува. Оваа компарација мораме да ја бараме во сè она што е најмногу економски оправдано и она што најлесно можеме да го произведуваме. Ние многу пати зборувавме дека имаме ресурси, предуслови за високо земјоделско производство итн. Сите тие ресурси за мене не значат сами по себе ништо, ако ние докрај не ги искористиме. Температурата, почвените услови итн. не значат ништо ако ние не посееме, ако не извршиме правилна технологија, она која гарантира едно високо производство во тие ресурси, кои како природни ресурси ги имаме. Времето покажа дека засега, мораме да признаеме, докрај не ги искористивме доволно сите тие ресурси и дека треба науката, се разбира заедно со практиката далеку повеќе да вложат заеднички напори, сè со цел да се надмине оваа состојба и да може да се реализира, односно да можеме да добиеме повисоко производство.

Значи, како заклучок сакам да укажам на ова, дека соработката меѓу практиката и науката, јас лично сметам, не ги задоволува потребите не е на она ниво на кое треба да биде, на она коешто е во светот, во развиените земји, таму каде што има развиено стопанство. Мислам дека науката и производството тука треба да бидат во далеку подобра корелација, а посебно сега кога веќе имаме приватно земјоделско производство, каде што фармите немаат ниту техничари, каде што немаат ниту дипломирани агрономи, каде што немаат од тој кадар, стручен кадар, којшто може многу да влијае врз зголемувањето на производството. Значи, посебно сега треба таа поврзаност да биде многу повисока, односно треба да се најдат модели како таа поврзаност треба да се направи, за науката да има поголем удел во практиката.



И уште една работа сакав да прокоментирам. Овде се спомна приватен сектор каде што се произведува за сопствени потреби. Мислам дека е добро да разграничиме што значи тоа, производство за сопствени потреби. Ако приватниот сектор произведува пченка или јачмен за да ги прехрани своите животни, односно за да го продаде млекото или јајцето или не знам кој друг производ, тогаш не е за сопствени производи. Тоа е едно приватизирање на производството, тоа значи производство за пазар. Јас тоа така го гледам. Меѓутоа, за тоа производство немаме доволна евиденција. Статистиката, имам впечаток дека нема добра евиденција за тоа производство кое ние го крстивме како производство за сопствени потреби. Значи, јас лично сметам дека и тоа е за пазар, производство за пазар, само во една преработена форма, така што и тоа треба да се евидентира како производство - за да имаме прегледност што значи тоа производство за сопствени потреби. Мислам дека треба да посветиме поголемо внимание на поинтензивното производство. Ние сакале или не, јас тоа овде го зборувам затоа што овде има присутни и од практиката и од науката и агроекономисти и агрономи од другите области, мислам дека имаме една застарена технологија за која, сакале или не, министерот спомна дека има и такви прилики коишто ќе ја подобрат - пред проектирањето ќе се подобри, ќе се обнови таа техника со која ќе може рационално да се извршува технологијата, а со тоа да се подобри продуктивноста, рентабилноста итн. Мислам дека тука како агрономи треба да направиме напор за да можеме да обезбедиме повисок степен на механизираност на работните

процеси. Доколку продолжиме со овој степен на механизираност на работните процеси, секогаш ќе имаме скапо производство. Тоа е една работа. Друга работа за којашто лично сметам дека треба да се заложиме, е демонополизацијата на пазарот. Во одредени гранки, односно во одредени сегменти ние сè уште имаме монополи. Како пример ќе спомнам само неколку, а Вие сигурно ќе сфатите дека има и повеќе од тие што ќе ги спомнам. Ние во Република Македонија имаме само една фабрика за вештачко ѓубриво, која кажува колкава ќе биде цената на вештачкото ѓубре. Значи, немаме конкуренција во државата. Или, имаме само една фабрика која произведува хемиски средства. Значи и тука тешко да има конкуренција. Единствена конкуренција е сега што се дозволува увоз на овие средства и тоа е добра конкуренција. Меѓутоа, мораме да сфатиме дека во моментот сè уште не е развиена таа надворешно-трговска размена итн. којашто не може да ја оствари онаа вистинската конкуренција. Секоја земја создава, се бори или донесува закони за демонополизација на цените на производите. Јас тоа го спомнав за репроматеријалите. Сигурно дека ќе има и за готовите производи.

И да завршам: мислам дека треба максимално да се заложиме за поголем степен на финализација на земјоделските производи. Тешко дека ќе можеме да конкурираме на пазар со ова производство што денеска го произведуваме, бидејќи пазарот е ригорозен во однос на квалитет, во однос на стандард на производи итн. Мислам дека како стручњаци треба да се заложиме за една далеку поголема финализација, со што ќе го поевтиниме производството и ќе можеме полесно да го пласираме; нема да бидеме врзани со време - да мораме денеска или утре тоа да го продадеме, туку може после пет дена, после десет итн., во зависност од технологијата што ќе ја користиме. Еве



со ова сакав, да не го прекршам времето, да нафрлам некои работи за коишто сметам дека како агрономи, како агроекономисти треба да се заложиме во наредниот период.

*        *        *

*М-р **Вангел Гагачев**,*
*директор на ЗК "Пелагонија" - Битола*

## ПОТРЕБА ОД КАПИТАЛ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Се одлучив да зборувам, дали е потребно прво, второ, трето или четврто сценарио. Јас, пред сѐ, го поздравувам почитуваното претседателство, почитуваните учесници на ова советување, и изразувам искрена благодарност што бев поканет да присуствувам, да чујам интересни размислувања. Секојпат, и како студент и како работник во практиката и како раководител сум ја почитувал науката која разбранува на нови размислувања и упатува на нови решенија. Меѓутоа, исто така, и науката треба да прима информации од практиката. Исклучително вака го подразбирам ова советување.

Иако јас имав концепт што да зборувам, после претходните дискутанти, морам да кажам, дека ваквите дискусии вистински ме разбрануваа, ме стимулираа да кажам по обратен редослед одредени видувања и размислувања. Прво, благодарам за укажувањето дека треба да го развиваме поледелско-сточарското производство. Истовремено укажувам дека во последните седум години сум борец практично таа реализација да биде присутна во подрачјето на Пелагонија, а уште попрецизно во земјоделскиот комбинат "Пелагонија". Таа концепција ни овозможи да работиме стабилно, да исплаќаме редовно просечни или потпросечни лични доходи и да издвојуваме за инвестиции. Една сме од организациите приватизирани со 51%, при што се судруваме со тешки финансиски обврски кон Агенцијата за приватизација на која во наредните пет години треба да ѝ платиме 14 милиони, а за тековната, односно минатата 1997 година, плативме 3,5 милиони марки. Тоа е цената на приватизацијата. Сѐ што е пишано во законот е нешто дополнително, нешто полесно, нешто подносливо. Ама како да се платат тие 14 милиони марки и да се развива концептот на почитуваниот професор, кој сосема е во право, и кој како да има големо практично искуство, кога станува збор за сточарско-поледелското производство. Тука треба да победи науката, да победи во корелација со државата, со практиката, да даде одговор на тоа прашање. Ако згора на сето тоа се додаде, дека нашата организација, чиј претставник сум овде јас, во '95, '94 и '93 година имаше по основ на субвенции 2,5 милиони марки годишно, а '96 и '97 нема ни марка субвенции, премии и регреси, а Европската унија и понатаму ги негува, како што кажа исто така и успешниот референт од Стопанската комора во својот материјал, се поставува прашањето, која е вистината. Вистината според мене би била следната. Оваа држава има толку колку што има, и како, во оваа имаштина односно немаштина да се одржи еден нормален тренд на развој, а со тоа и тренд на развој во земјоделското производство. Тука повторно повикувам на примената на науката, на практичните и теоретските искуства и сознанија од македонското поднебје и од пошироко. Со ова овој блок на прашања го завршувам. Нешто поконкретно затоа што на оваа тема би сакал на тркалезнава маса да зборуваме многу повеќе и многу послободно, а во 15 минути тешко е човек да се искаже.

 

Нешто поконкретно. Земјишната политика е многу значајна за сигурноста, стабилноста и долгорочноста на земјоделските претпријатија. Посетивме десет фарми во делот на поранешна Источна Германија. Тие кои нас не советуват, тие нас не упатуват, доколку правилно ни пренесувате, како и вам како државни претставници, државни службеници ви укажуват, а вие нас ни пренесувате и не упатувате, таму јас видов нешто сосема друго - во таа поранешна Источна Германија, а сегашна единствена СР Германија. Таму големите фарми технолошки, менаџерски ги реорганизираат. Таму постигнуваат врвни резултати во поледелството и во сточарското производство. Тие тврдат дека бившите социјалистички комбинати, односно организации ќе бидат попрофитабилни и поконкурентни на пазарот на сточарски и полоделски производи, доколку се промени менаџментот, се промени филозофијата на работење, и се промени технологијата преку инвестициони вложувања. Не видов многу повеќе од тоа штó слушнав од моите почитувани професори, од моите почитувани соработници, од овој состав што излезе на оваа говорница. Меѓутоа осознав, дека сето тоа се прави само со паричен капитал, а не со добри намери и идеи. Каде да се обезбеди тој капитал?

Сметам дека, едно од најголемите и најзначајни прашања на нашата економија, иако сум агроном 31 година, од што поголемиот дел на раководно место, е прашањето на трговскиот дефицит, кое пак е поврзано со прашањето на капиталните инвестиции. Тој трговски дефицит мора да се намали, ако сакаме да имаме успешна држава, ако сакаме да имаме успешна економија, а мислам дека големи резерви се кријат во земјоделското производство. И по цена да се произведе она што може да го произведуваме, а не го произведуваме, како што е млекото, како што е месото, како што е маслото, како што е шеќерот, и од другата страна она



што значи извоз за зелени долари - а тоа е градинарското производство.

И на крајно пред да завршам, ќе ја кажам во контекст на овие прашања следнава мисла: Македонија е сепак специфично поднебје. На тоа ги потсетувам професорите кои уште во училишните клупи го научиле тоа, а имам усет и рефлекси тоа да го доживувам и во практиката. Ако Пелагонија одговара за сточарско-поледелско производство, Повардарието апсолутно треба да оди на градинарско производство, лозаро-овоштарско производство, но со квалитет. Тоа се прашања сепак на струката на која и припаѓам. Повеќе би рекол дали сум агроеколог односно технолог. И немојте како економисти да ми замерите за моите размислувања. По сила на местото на кое сум, директор, морам да размислувам и како агроекономист. И на крајот уште еднаш благодарам што ми дадовте шанса да се изјаснам. Му честитам и му благодарам на професор Галев кој ми беше и професор, за многу успешно напишаниот труд. Меѓутоа, ќе беше уште поуспешен ако одредени сегменти од тој труд погласно и попрецизно ги подвлечеше на оваа говорница. Му благодарам на професор Анакиев што ме покани да се искажам пред Вас.

* * *

*Проф. д-р* ***Борис Анакиев***,
*Земјоделски факултет - Скопје*

## КОМПЛЕКСНОСТ МЕЃУ СТОЧАРСТВОТО И ДРУГИТЕ ГРАНКИ

Јас молам само за 2 минути, нешто како реплика.

Мислам дека нема недоразбирање. Што значи неразвиено сточарство? Ние се обидовме да проектираме и врз база на екстраполација на трендови. Нема развој, има стагнација во последните години, и трендот оди далеку под она што е предвидено со проекцијата во сценарио 1. Дајте да видиме дали е тоа доволно. Не може да се компарира сточарството од Пелагонија со истото од Паланечко, Беровско итн. Според тоа, развојот на сточарството во целост на ниво на Република Македонија мора да се гледа комплексно. Но при овие услови и со овој однос на политиката во аграрот кон земјоделството не може да се очекува подобар развој. Ако и треба на државата повеќе млеко и месо нека повели, а со поголеми стимулации и поттикнување, предвидениот развој и очекувани резултати во 2020-та година можат да бидат надминати и според сценарио 2. Но ако остане при сегашната аграрна политика, развој нема да има, како што покажува сценарио 1.

Навистина имаме голем недостиг на добиточни производи, а особено свинско и живинско месо. Тука се надоврзува недостигот на преработки, финални



производи за директни консумации. Јас ќе изнесам само еден пример. Работејќи на проект финансиран од Министерството за наука, во однос на можностите на македонското земјоделство за повисок степен на финализација и извоз, дојдов до податок дека Македонија годишно троши за увоз на колбасичарски производи близу 23 милиони долари. Стои фактот, исто така, дека ние имаме изградени (глобално) капацитети за слични производи кои не се користат. Сигурно е дека сме можеле да увеземе суровини за десетина милиони долари и да ја задоволиме потребата, а дефицитот во платниот биланс да го намалиме.

Сакам да подвлечам дека е можно да се зборува за развој на пообемно сточарство, но мора да се има предвид дека освен во рамничарските региони кои зафаќаат 38,01 % од земјоделските површини и на кои рефлектираат сите интензивни системи за земјоделско производство, пченката во другите региони не може да даде задоволителни резултати и да обезбеди енергија за интензивно сточарство.

Затоа, само за потсетување да кажам дека, проблемите и решенијата мора да се гледат комплексно, не изолирано, па ако така се гледа и се програмира синхронизиран развој на сите гранки и на сите производи, како што и ние сметаме дека вкупното стопанство на Република Мадедонија треба да се развива синхронизирано, не на сметка на агрокомплексот да се форсираат други стопански области, тогаш нема недоразбирање. Сите сегменти на развојот во проектирањето мораат да се поврзуваат, како и сите делови на агрокомплексот.

* * *

***Стојмирка Тасевска,***
*Стопанска комора на Р Македонија*

## ПАЗАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Стопанствениците од АИК, многу години наназад инсистираа на долгорочна стратегија за развој на агроиндустрискиот комплекс. Посебно во периодот кога наеднаш се отворивме, кога наеднаш се либерализиравме и увозот го поплави нашиот пазар. Едноставно, за кратко време домашниот пазар го изгубивме за домашните производители. Без разлика каква е понудената стратегија, за неа ќе се дискутира, некои ќе ја фалат, некои ќе ја оспоруваат, добро е што сепак се донесе, и ја прифаќаме како една почетна основа за донесување на една комплетна стратегија за агрокомплексот. Очекувавме, оваа стратегија за агрокомплексот да биде малку поконкретна во предлогот на мерки, а врз база на тие мерки соодветни инструменти, што ќе условат пораст на производството и пораст на извозот. Сепак, повторувам, тргнуваме од тоа што оваа стратегија ја прифаќаме како појдовна основа за натамошно комплетно изработување на долгорочна стратегија за развој во агрокомплексот, со сите неопходни мерки и инструменти за реализација на истата.

Од сите сегменти што се обработуваат и што треба да се обработат, јас би се задржала на пазарот. Не затоа што сум економист, или затоа што се стопа-



нисува во пазарна економија, туку затоа што, според моите согледувања, пазарот и пазарниот амбиентот за профитабилно работење се клучен сегмент за зголемување на производството. На пример, новата либерализација услови увоз на шеќер по пониски цени, услови увоз на сурово масло, на суров шеќер - со цел поредовно и поевтино снабдување на домашните потрошувачи. Притоа, се поставува прашањето, дали имаме пазар, ако имаме многу производители на шеќерна репа, а само еден откупувач односно преработувач на шеќерна репа? А увозот на шеќерна репа е забранет. Тогаш, јас би рекла дека немаме пазар за суровината. Ако имаме преработувач на сончоглед, на маслодајни семиња, а многу производители што нудат, тогаш исто немаме пазар. Од друга страна, извозот на суровината е забранет, од трета страна исплатата се врши кога купувачот ќе сака и ќе може. Мислам дека тогаш немаме пазар за тие производи. Ако обичниот граѓанин мисли дека овие култури се стратешки или дека државата води сметка, мислам дека не е така. И затоа, производство е намалено, некаде 50 до 60 % од 1989 година.

Да одиме кај грозјето, кај производството на вино. Тоа е на истиот процент како во 1989 година. Ете тука, немавме стратегија на развојот и никој на селанецот не му кажал произведувајте грозје за вино, ама пазарот го направи тоа. Побарувачката на грозјето, извозот на виното без разлика каков-таков, главно во цистерни отколку флаширано, меѓутоа, откупот на грозје направи тоа производство да се одржи.

Во Комората, уште во 1992 година предложивме мерки за регулирање на пазарот. Уште тогаш ги предложивме тие квоти што сега ги гледаме со Спогодбата со Европската Унија. Предложивме индикативни цени, што за секој беа чудни, предложивме референтни цени. Не дека ние ги измисливме, туку затоа

што видовме како Европа го регулира пазарот и се штити на свој начин. Предлагавме соодветен систем на заштита кај нас, меѓутоа, или не сакаа да не разберат, што не верувам дека не не разбраа, или не сакаа да ги спроведат и дојдовме до наглата отвореност, без соодветен систем за заштита, што услови разорување на пазарот кај нас, а производството го стави во хаотична состојба и без перспектива. Толку што се однесува до пазарот.

Што се однесува до Спогодбата со Европската Унија, значајно е што, ете, имаме билатерално склучување на ваква спогодба меѓу Европската Унија и Република Македонија. Но, да се каже дека тоа треба да се посочи како правец за развој, не би се сложила, затоа што овие преференцијали и досега ги имавме. Спогодбата за слободна трговија беше потпишана уште со поранешна Југославија, но со растурањето на поранешната Југославија, таа спогодба со Одлука на Советот на Европската Унија, продолжи и понатаму да важи за Хрватска, за Словенија, за Босна и Херцеговина и за Македонија. што значи, овие поволности и преференцијали ние ги имавме и досега. Е, тоа што ние произведуваме хаотично, без стратегија за развој и не сме ги користеле тие преференцијали, тоа е сосем друго. Затоа, оваа спогодба е важна за нас што е билатерална, значајна заедно со стратегијата за развој да се направи тие преференцијали да се искористат. Од друга страна, значајна е за давање приоритет во кредитирањето, и од трета страна, за мене најмногу важно, да послужи како мостра или како урнек надлежните органи да сфатат како високоразвиените земји и сега сé уште се штитат. Ако така високо развиена земја уште воведува тарифни квоти спрема Македонија, што некогаш им носеше по 4000 тони јагнешко месо, а сега одвај може 1.500 тони, тогаш сфатете колкава е потребата ние да изградиме таков



систем на заштита, посебно во овој период што ни го дава Европската Унија. Посебно во период, во кој ни дава право за повисок степен на стимулирање на нашето производство.

На крајот, Спогодбата покрај правата носи и многу обврски. Пред сé, во почитувањето на сите прописи, чие несоодветно почитување значи забрана за извоз. Тоа го почувствувавме со забраната за извоз на јунешко месо, уште од 1993 год. Затоа, претстојат многу активности од сите надлежни субјекти за почитување и користење на оваа значајна Спогодба.

*  *  *

*Д-р **Душан Бубевски**,*
*Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје*

## ТРЕБА ДА СЕ ИСКОРИСТАТ ПРЕДНОСТИТЕ НА СЕКОЕ ПОДРАЧЈЕ

Јас се извинувам што се јавувам за дискусија на крајот, кога сме веќе заморени, но затоа ќе бидам краток. Предизвикан сум од некои дискусии и поради тоа сметам оти треба да го кажам она што го мислам за некои проблеми. Точно е оти треба, како што предлага професорот Зеленков, да се развива сточарство, меѓутоа не само сточарството, туку според можностите на подрачјето, - треба да се развиваат и другите земјоделски гранки на дејност: тутунопроизводството, лозарството, градинарство итн. Уште во 1987 година имавме иницирано едно истражување со наслов "Потенцијални можности за задржување на населението во селските подрачја на СРМ", односно пред сè во ридско-планинските селски подрачја и во пограничниот појас, бидејќи тогаш тие имаа приоритет. За да бидам краток - ќе прочитам само еден цитат:

"Задржувањето на населението во селските подрачја, особено во ридско - планинските и граничните селски подрачја, не само што има огромно стратегиско значење за општонародната одбрана и општествената самозаштита и за чување на резерви на храна во вид на жива стока, туку може да има и огромно



еконимско значење за задоволување на населението со најразновидни земјоделски производи, посебно за задоволување на населнието во Републиката со месо и млеко. Притоа, треба да се има предвид дека Република Македонија по производството на месо на еден жител е на претпоследно место, а по производството на млеко на последно место во Југославија. Во 1985 година во Македонија биле произведени 22,3 килограми месо на еден жител, просечно во Југославија биле произведени 55,9 килограми, а во Војводина дури 114,3 килограми. Помалку месо на еден жител биле произведени само во Косово, 16,4 килограми. Во истата година во Македонија се произведени 75,9 литри млеко на еден жител, просечно во Југославија се произведени речиси трипати повеќе - 202,5 литри, а во Словенија дури четири пати повеќе - 297,9 литри. За одбележување е дека дури и Косово произвело двапати повеќе млеко на жител (151 литар), отколку што биле произведени во Македонија" (Врз основа на податоци во "СГЈ-86" страна 426, 448, 517).

Тогаш во таа иницирана студија која не се реализираше, ние предложивме, а и го браневме својот предлог во Одборот за земјоделство при Социјалистичкиот сојуз на СРМ, да се донесе и Закон за одгледување на кози, бидејќи во сите останати републики и покраини во Југославија тоа беше дозволено. За среќа, во тој наш предлог бевме поддржани од повеќето од присутните, меѓу кои и од професорите на Земјоделскиот факултет, и покрај тоа што некои професори од шумарскиот факултет се спротивставуваа да се донесе таков закон за одгледување на кози. Зошто тоа го предложивме? Затоа што во Европа и денеска млечните производи од козите се необично ценети и дури за 50 проценти поскапо платени од млечните производи од овците. Значи, за задржувањето на населението во ридско-планинските подрачја, покрај

другото, треба да се иницира и организира и соодветно одгледување на расни кози, мислам на алпски и други кои ќе бидат прилагодени на нашите услови, бидејќи една коза е во состојба да храни двајца старци на село.

Иако и ние се залагаме за развојот на сточарството, односно за развојот на овчарството, козарството, краварството и коњарството, тоа не ни дава за право да ги корнеме лозјата, и на нивно место да создаваме вештачки ливади. Мислам дека секое подрачје си има свои специфични услови и она што е најрентабилно таму - тоа треба и да се произведува.

* * *



*Проф. д-р **Видоја Трпески**,*
*Земјоделски факултет - Скопје*

## АПЛИЦИРАЊЕ НА АГРОМЕРКИТЕ ВО ПРАКТИКАТА

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа колешки и колеги. Би сакал да потенцирам еден сегмент кој е во тесна врска со воведните излагања на денешното мошне важно научно советување. Имено станува збор за меѓусекторски пристап во производството на храна. Проф. Галев во рефератот ја истакна, меѓу другото, хемиската индустрија и врската со земјоделското производство. Јас би сакал да го потенцирам тој меѓусекторски пристап индустрија-земјоделство, конкретно за хемиската индустрија Велес, поточно за фабриката за минерални ѓубрива во Велес, како единствена од таков вид во нашата држава. Господинот Санде Џамбазовски истакна за монополот на фабриката и аспектите од тој монопол.

Освен монополот, има уште еден важен проблем, а тоа е асортиманот на ѓубривата што ги произведува оваа фабрика. Познат ми е асортиманот и апликацијата на ѓубривата, бидејќи тоа е дел од мојата потесна специјалност. Асортиманот е мошне ограничен. Произведува главно PK (комплексни ѓубрива) со постојано исти односи на активна материја, а глобно доминира PK 15:15:15.; од поединечни ѓубрива произведува само едно ѓубриво со амиден азот 2/3 и 1/3

амонијачен, наречено урас, кое не е многу познато во пошироката земјоделска практика. За жал, азотно ѓубриво со нитратен азот фабриката не произведува.

Со долгогодишна примена на унифицирани минерални ѓубрива, особено РК со исти односи на акривна материја, се создава дебаланс на РК во почвата. Дебаланс значи неправилен однос на минералните материи во почвата, а со тоа поттикнување на антагонизам на материите во почвата и преминување на некои елементи од достапна во недостапна форма за растенијата, и во тој синџир на промени во почвата растенијата остануваат недоволно исхранети, буквално кажано растенијата гладуваат.

Нашите истражувања за плодноста на почвата тоа го потврдуваат. Тоа значи, дека агротехничката мерка ѓубрење во голем број случаи е ирационална, приносите незадоволителни, што се гледа од статистичките податоци и излагањето на првиот референт.

Од напред изнесеното, предлагам во студијата за развој на земјоделството да се обрне посебно внимание на аплицирањето на агромерките во практиката и мерките за подобрување. Во врска со мерките, неопходно е воведување на инстиуционална мерка **с и с т е м** на контрола на плодноста на почвите и употреба на ѓубрива. За жал кај нас и после 50 години го немаме воведено. Како резултат на тоа во некои локалитети имаме утврдено ironични состојби некаде за 8-10 пати се изместени вредности на елементи во почвата, освен за азот, фосфор и калиум, за другите 10 елементи не се води никаква грижа итн. Тоа е доказ за талкање во исхраната на растенијата. Тоа е резултат од секторската неповрзаност меѓу фабриката за ѓубрива и земјоделството. Фабриката нема ориентација кои комбинации на комплексни РК ѓубрива да ги произведува, а земјоделските производители купуваат



ѓубрива што ги има на пазарот, особено индивидуалните земјоделци.

Што се однесува до квалитетот на земјоделските производи од морфолошки аспект посебно од аспект за здравствена исправност, биолошки вредности и хемиски состав, ќе мораме да посветиме особено внимание - ако сакаме европски и светски пазар. Европските стандарди за квалитет за кои зборуваше во воведниот реферат госпоѓата од стопанска комора е сосем во ред, и ние треба да влеземе во тој систем. Затоа е потребно во иднина да едуцираме и кадар преку постдипломски студии, односно магистерски студии “управување со квалитетот”. Такви студии веќе постојат на скопскиот универзитет на факултетот за технолошки науки, и на тој план ќе мораме многу да се ангажираме.

Што се однесува до третиот воведен реферат на проф. д-р Јорде Јакимовски, а се однесуваше на руралниот развој во Р Македонија, во целост ги поддржувам неговите размислувања, дотолку повеќе што нашето село треба да биде потенцијален извор на здравствено безбедна храна во високи биохемиски и биолошки вредности, со посебна висока цена на пазарот во странство, а вредностите треба умешно да ги искористиме односно валоризираме. Постојат реални претпоставки, тие се бројни, и бараат организирани форми на приод од повеќе аспекти, почнувајќи од инфраструктурата, асоцијациите по култури, апликацијата на новини од агротехниката, механизација, социјално-пензискиот статус, пазарот и други значајни квалитети за живеење и работење на село.

Предлогот на колегата Јакимовски за формирање на државно тело задолжено за руралниот развој според мене држи. Тоа тело или орган ќе биде под јурисдикција на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Треба да се подржи ини-

цијативата и изработи нацрт програма за работа. Од сериоз-носта во работата на тоа тело или орган ќе зависи успехот во руралниот развој, толку потребен на нашата држава во процесот на ревитализацијата на селото.

*   *   *



*Проф. д-р **Владо Крстевски,***
*Земјоделски факултет - Скопје*

## НЕКОИ ПРОБЛЕМИ ВО ЛОЗАРСКОТО И ОВОШТАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВО

Почитувано работно претседателство, дами и господа, колеги. Слушајќи ја дискусијата што ја водиме во врска со елементите на стратегијата за долгорочниот развој на агрокомплексот во Република Македонија за периодот до 2020 година, сакам да кажам дека го делам Вашето мислење и лично сметам дека претставува значајно и стратешко прашање, не само за правилно насочување избор на најпогодна структура на земјоделското производство туку и за рационално користење на основните средства за работа и работната сила ангажирана во агрокомплексот. Под такви услови, бездруго, непосредните земјоделски производители можат да сметат на профитабилно земјоделско производство, кое непосредно и посредно има влијание врз општиот динамизиран развој на целокупното стопанство во нашата Република.

Покрај првиот реферат (проф. д-р Тодор Галев) врз база на кој беа презентирани елементите на развојната стратегија со квантифицирани капацитети за производство, очекувано можно производство по гранки и финансиски ефекти, исто така и останатите три реферати беа во функција на динамизираниот развој

на агрокомплексот при постојните барања што ги наметнува европскиот и светскиот пазар, состојбата и развојот на нашето село и условите под кои ќе се кредитира идниот развој на профитабилните гранки од растително и анимално потекло.

Во рамките на презентираните реферати, со мојата дискусија сакам да укажам на одредени проблеми со кои се сретнуваат две трудоинтензивни земјоделски гранки како што се лозарство и овоштарството, а тие проблеми и карактеристики се присутни и кај агрокомплексот во целина и пошироко, во постојните услови на транзиција на нашиот општествено-политички систем.

Се раководам од ограниченото време за дискусија, па затоа дозволете во кратки црти, а во рамките на расположивиот фонд на време да изнесам некои познати состојби и проблеми презентирани во седум точки во двете спомнати гранки од аграрот, а кои претставуваат општа карактеристика за стопанскиот развој на Републиката во целина.

**Прво,** постои голем застој во развојната инвестициона политика на агрокомплексот во целина, што од тој аспект особено се чувствува потребата од обртни средства за работа. Лимитираниот износ на обртните средства за работа, особено во сегашно преструктуирање на стопанството, негативно влијае не само врз интензификацијата на лозароовоштарското производство како битен фактор за добивање поголеми просечни приноси на грозје и разновидно овошје на единица површина, туку и врз тековното санирање и обновување на амортизираните овошни и лозови насади со постојните производни линии, а која физичка амортизираност придонесува сегашниот годишен производен капацитет на насадите да се намалува од 2500-3500 ha, а ваквото намалување да не се карактеризира со ист интензитет во подигнувањето на нови насади.



**Второ,** постојната незадоволителна развојна стратегија во агрокомплексот во целина, а во врска со тоа и во организацијата на лозаро-овоштарското производство, се базира пред сè на следните услови врзани со блокираните пазари во рамките на поранешната СФРЈ и успешниот пласман на нашето земјоделско производство на тој пазар. Лимитираниот извоз на примарното лозаро-овоштарско производство и неговите преработки базира во голема мера и врз бавното одвивање на мерките што треба да овозможат преструктуирање и прилагодување на агрокомплексот во пазарни услови на работење, како и мерките што ги применува државата преку општата политика за стабилен курс на денарот, со цел да ја спречи можната тенденција на инфлационите движења.

**Трето,** битен проблем што по мое мислење не го забрзува непосредното инвестирање во трудоинтензивните земјоделски гранки (лозарството и овоштарството), па и во другите гранки на агрокомплексот, се состои во тоа што постои соодветна рестрикција на банковни кредити, а доколку се одобруваат, тие се карактеризираат со висока камата која достигнува годишно ниво и до 20%. При ваква неповолна кредитна политика таа има непосредно дестимулативно влијание врз профитабилните производни линии во аграрот, но факт е и тоа дека банките водат рестрективна политка на кредитирање од причина што повеќе од 60% инвестирани средства во агрокомплексот и пошироко не може да бидат вратени од страна на корисниците на кредити. Оттука, определбата за поголеми инвестициони вложувања и намалување на преголемата задолженост на аграрот, и треба да бидат преземени соодветни мерки со кои ваквата состојба ќе биде релаксирана, а производителите на примарното производство на грозје и разновидно овошје може да обезбедат долгогодишно профитабилно работење и созда-

вање на подобри услови на голем број на работна сила во постојните преработувачки капацитети (винарски визби, фабрики за преработка на овошје и ладилници) и рационално да ги искористуваат своите капацитети.

**Четврто,** проблемот и дилемата сврзана со потребното субвенционирање на земјоделските производителите на грозје и разновидно овошје со лозов и овошен посадочен материјал, по мое мислење, треба да се решат во полза на непосредните производители особено што и најразвиените земји имаат одредена развојна политика за аграрот регулирана со закони или одлуки, па во тој контекст и нашето Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да преземе соодветни мерки. Можните субвенции и други економски олеснувања имаат свое значење и оправданост преку создавање позитивни услови, не само за динамизирање на производните капацитети (лозови и овошни насади) туку и за поголем извоз на лозаро-овоштарски производи. Покрај оправданата потреба и определба да се субвенционира лозовиот и овошен посадочен материјал, заштитни средства, минерални ѓубрива и др., значајно место од тој аспект има и потребата од соодветно субвенционирање и на скапата потпорна конструкција за одгледување на лозовите насади (сврзана со високите цени на столбови, поцинкувана жица, соодветни анкери и др.). Ваквото мое согледување и мислење го базирам врз фактот што вкупните трошоци кои за подигнување на еден хектар лозов насад достигнуваат износ од 400.000 ден./ha, а потребната конструкција има релативно учество со околу 30%.

**Петто**, во услови на пазарна економија и постојната конкуренција што базира врз зголемена понуда на примарно или преработено лозаро-овоштарско производство се наметнува потребата производството да се базира врз бараните стандарди на пазарот, и тоа да



биде економично и со потребниот квалитет. При такви услови на работа и соодветни барања на пазарот се создаваат поволни услови да се обезбеди: лојална конкуренција при непосредниот пласман на поголемо количество стоковно лозаро-овоштарско производство, и на тој начин непосредните производители да остварат соодветен профит, а државата во целина да го подобри негативниот платен биланс во билатерална или мултилатерална размена на земјоделски производи или услуги. За да се обезбедат услови и поставената цел на работење, нужно се наметнува потреба нашето лозаро-овоштарско производство да биде заштитено од надлежните органи од неоправдан увоз на соодветни контингенти земјоделски производи, особено оние сврзани со јужното овошје (банани, портокали, мандарини, цитрони, и др.).

За наши погодни организационо-производни и природно-економски услови на работење, непосредната активност сврзана особено со производството на: трпезно грозје, јаболка и разен асортиман на квалитетни вина има соодвено големо значење не само за динамизирање на извозот на надворешен европски и друг пазар, туку и за преземање конкретни организационо-економски мерки од страна на стопанската комора на Р Македонија и други надлежни субјекти кои ќе го активираат извозот на нашето сопствено производство, односно преку соодветни инструменти да го заштитат производството од неоправдан увоз, особено на јужно овошје. Ваквата заштита може да се обезбеди врз база на зголемени царински стапки при увоз и ограничени контингенти по количество на соодветни производи и време на увоз.

Потребата од воведување високи царински стапки како соодветна одбранбена мерка (и прелевмани) произлегува од фактот што нашите земјоделски производи, а особено лозаро-овоштарските (грозје и

разновидно овошје) го девалвираат трудот на земјоделските производители преку ниските цени, кои се одраз на накупци и прекупци и сè уште недоволната организираност на формираната агроберза.

Меѓутоа, ако се појде од оценката дека државата е таа што исклучиво треба да го заштитува сопственото лозаро-овоштарско производство, тогаш таквата заштита би била во голема мера контрапродуктивна - ако ја надминува границата на таканаречените високи трошоци на производството што ги создаваат непосредните производители од субјективен карактер.

Со други зборови речено, соодветно лозаро-овоштарско или друго производство може, на пример, да биде предмет на заштита со 15 или 30%, меѓутоа ако тоа е нерационално организирано и се карактеризира со висока цена на чинењето, а особено ако тие трошоци имаат тенденција на пораст, тогаш генералната постапка на државата да го штити сопственото аграрно производство од увоз, создава можности оправдано да се сфати и оцени дека и оној субјект што не работи рационално исто така е добар производител.

Од изнесеното произлегува општиот заклучок кој упатува на сознание дека секое неоправдано штитење на соодветно производство од страна на државата, (а кое се базира врз воведување зголемени царински давачки, во тој случај постојат сите услови и определби непосредните лозаро-овоштарски производители или други субјекти од агрокомплекстот, да заборават дека треба да ги користат своите сопствени механизми за заштита. Успешното функционирање на сопствените механизми и решенија за заштита на своето производство треба да базираат пред сè врз: рационален избор на асортиманот на лозаро-овоштарско производство, врз правилно димензионирање и користење на производните капацитети, а особено на



сите видови основни средства за работа и работна сила, како и примена на сите научни методи и принципи кои овозможуваат економично производство со одредени стандарди и потребен квалитет, кој во пазарни услови на стопанисување обезбедува, бездруго, соодветно профитабилно работење, особено ако пазарот е предмет на постојано проучување од страна на квалификувани стручни лица за таа цел (маркетинг-менаџери).

**Шесто,** исто така во наши производствени услови постојат соодветни проблеми во организацијата и економиката на лозаро-овоштарското производство, кои произлегуваат од големите разлики во паритетниот однос помеѓу примарното производство на грозје и разновидно овошје во полза на користените репроматеријали (минерално ѓубре, заштитни средства и др.) и набавка на механизација која по својата намена се користи во извршувањето на работните процеси во производството.

Високите цени на репроматеријалите и на средствата за работа не се тие кои придонесуваат за зголемена интензификација на производството и профитабилно работење, туку напротив, високите цени ги дестимулираат производителите за организирано динамизирање на лозаро-овоштарското производство, бидејќи непосредно и посредно го обезвреднуваат нивниот вложен труд и го поскапуваат производството.

Ако се има предвид овој факт, тогаш скапите репроматеријали го губат своето значење и улога што ја имаат во функција да се добијат поголеми просечни приноси на производство на грозје и разновидно овошје на единица површина и вкупно ако тоа е скапо произведено. Затоа, зголемената интензификација има своја економска оправданост, ако цените на репроматеријалите се во границата на толерантен однос со цените на реализација на примарното производство на

грозје и соодветен вид овошје на внатрешниот или надворешниот пазар.

Спротивно на ова, ако продолжат тенденциите на пораст на цените на репроматеријалите и постојните малверзации од страна на поединци и фирми, кои ја искористуваат неорганизираноста во непосредниот извоз на овој вид квалитетно лозаро-овоштарско производство, тогаш не само што се обезвреднува трудот на непосредните производители, туку на нивна сметка поединци и фирми остваруваат и многукратно поголеми приходи (приход) без вистинска работа и вложување во наредниот производствен циклус во лозаро-овоштарското производство.

Со оглед на сето погоре изнесено во врска со постојните проблеми со кои се сретнуваат субјектите, чија основна дејност е производство на грозје и разновидно овошје, треба да се истакне и тоа дека за нивното санирање или ублажување треба постојната групација за лозарство и овоштарство при Комората на Р Македонија успешно да се организира и да презема соодветни мерки за отстранување на негативните последици.

Исто така, за општиот развој на агрокомплексот во Републиката првостепено значење има и надлежното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р Македонија. Ова Министерство, преку својата развојна програма и стратегија, која треба да обезбеди општ подем и динамизирање на земјоделското производство од агрокомплексот, треба да превземе соодветни мерки во правец кон корекција или дополнување на постојните закони и донесување нови кои треба да се во функција на водење правилна царинска политика при извоз и увоз на земјоделски производи, создавање соодветни поволни услови сврзани со субвенционирањето на лозаро-овоштарското производство, за обезбедување потребни обртни средства што се во функција на успешна работа на земјоделските производители, особено ако се воспостават паритетни односи на разумно ниво помеѓу користените репроматеријали и средствата за работа од една страна, и финалното примарно или преработено лозаро-овоштарско производство, од друга.



Со такви организациони мерки и економски односи што се базираат врз позитивни законски прописи, одлуки или уредби, како и нивната ефикасна апликација во практиката, се создаваат сите позитивни услови рационално да се искористат постојните земјишни капацитети и работна сила за зголемен обем на стоковното земјоделско производство, вклучувајќи го и лозаро-овоштарското, од кое ќе имаат непосредна корист, не само непосредните земјоделски производители, туку и пошироката општествена заедница во Републиката.

**Седмо,** редовното следење на цената на чинење на примарното производството на грозје, винопроизводството, а од овоштарската гранка производството на јаболки, исто така ќе биде од корист да се осознаат вистинските трошоци што ја формираат цената на чинење на овие производи, било да се предмет на следење и анализа соодветни општествени земјоделски претпријатија (Комбинати) или избрани стокови производители на грозје и овошје од приватни производители. Ваквата определба и согледувањето на ова прашање добива на значење особено во услови на пазарна економија, каде што вистинската цена на чинење претставува база за правилно креирање на развојната политика на лозарството и овоштарството од страна на надлежното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р Македонија, особено што погодните природни и економски услови во Р Македонија овозможуваат зголемен обем на овој вид производство, кое споредено со другите земјодел-

ски производи обезбедува позитивни финансиски резултати, профит на непосредните земјоделски производители.

Решавањето на горе наведените проблеми преку законска и друга регулатива и правилниот приод кон организацијата на здраво и висококвалитетно примарно или преработено земјоделско производство, како што е производството на грозје, вино, разновидно овошје, се создаваат поволни услови за поголеми извозни аранжмани од нашата држава. Зголемениот обем на извоз на примарно лозаро-овоштарско производство од постојните производни линии, обезбедува непосреден прилив на парични средства, кои овозможуваат директно намалување на нашиот негативен платен биланс во однос спрема другите држави, кои повеќе увезуваат кај нас отколку што ние извезуваме наши земјоделски производи од агрокомплексот на надворешниот пазар, а особено производството на квалитетно трпезно грозје, вино и производство на јаболка.

Почитувани колеги! Сметам дека со мојата дискусија дадов скромен придонес да се согледаат определени проблеми во агрокомплексот, и определбата како тие проблеми, по мое мислење, треба да бидат во долгорочната развојна стратегија надминати. Со ова би завршил, и Ви благодарам на вниманието.

* * *



*Доц. д-р* ***Симеон Карајанков,***
*Земјоделски факултет - Скопје*

## ПРОБЛЕМИ ВО ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО

Почитувано претседателство, почитувани колешки и колеги. Во интерес на времето и трпението, јас би се задржал само на Република Македонија, а тоа е тутунот. Какви се можностите за зголемување, односно за развојот на производството на тутун во Република Македонија. Познато ви е дека последните години производството на тутун бележеше еден рапиден пад, за во оваа (1997) година, производството да се стабилизира и почне да се движи по еден нагорен пат. Така, годинава се очекуваат, според последните информации од теренот, некаде цирка од 28.000 тони тутун.

Тутунот како стратешка култура на нашата земја, заслужува, покрај другите култури, да му се посвети поголемо внимание и да му се обезбеди и поадекватно место. Тутунот како извозен артикал, обезбедува, како што овде беше претходно кажано, висок девизен нето ефект којшто ниедна друга култура кај нас не го дава. Во стратегијата е предвидено во наредниот период до 2020 година тоа производство да изнесува 33.000 тони. Меѓутоа, мое мислење е дека тоа производство ќе го достигнеме веќе во наредната 1998 или за две години, односно 1999 година. Мотив за

тоа постои, постои и расположение, а треба да се искористат и компаративните предности во нашата земја коишто овозможуваат производството на тутун да се зголеми. Така, од сегашните, околу 20.000 хектари површини под тутун, само со промена на сортната структура би се обезбедило на истите површини, со истиот број на производители, производство од околу 50.000 тони тутун.

Меѓутоа, какво производство? На надворешниот пазар денс има "глад" за тутун, не било каков тутун, туку квалитетен тутун, односно квалитетна тутунска суровина, особено од ориенталските тутуни. Само таквото производство е гаранција дека ќе го продадеме, односно ќе оствариме соодветен нето девизен ефект. Секако, за ова да се постигне, во наредниот период не мора да чекаме 20 години, туку помалку. Сите научни достигнувања од областа на селекцијата и производството на тутун треба да најдат примена во практиката. Да се искористи мотивот, постоечкото расположение кај производителите, коишто имаат долга традиција со векови на производство на тутун, како и да се примени подобра организација во производството на тутун. Понатаму, потребно е да се обезбеди соодветно чување на исушениот тутун од страна на производителите, а не како досега чување на тутунот на класичен начин во низи - петици, затоа што таквиот начин на чување го лимитира производството на тутун и овозможува апсорпција на поголема влага на тутунот во текот на чувањето, и како резултат на преголемата влажност тутунот потемнува, каталазната активност се зголемува, а со тоа се влошува квалитетот на тутунот, односно се зголемува манипулативното кало и се намалува учеството на повисоките класи (Уник 1-3) по технолошката обработка на тутунот.

Менувањето на начинот на чување на тутунот кај производителите од низи - петици во истиве ќе



овозможи сместување на поголемо количество тутун по единица простор и ќе се исклучи негативното влијание на надворешните услови врз кондиционалната, здравствената состојба, како и врз квалитетот на тутунот.

Значи, во наредниот период треба сите заеднички, науката со практиката, да настојуваат сите овие позитивни движења и резултати да се искористат за да се зголеми производството на тутун во Република Македонија, за што постојат и реални можности. Поголемото производството на тутун ќе придонесе за поголемо ангажирање на работната сила, создавање на висок нето девизен прилив и поголем национален доход, а сето тоа ќе придонесе за побрз развиток на општеството во целост.

* * *

*М-р* ***Христо Халески,***
*Земјоделско стопанство "Славеј" - Прилеп*

## КРЕДИТИРАЊЕТО ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Сите четири реферати изнесени на ова советување, за мене оставаат простор за повеќе прашања и тоа од аспект на производството, кредитирањето и воопшто од аспект на економиката - прашања кои секое за себе заслужуваат посебно внимание. Меѓутоа, јас би се задржал само на прашањето на кредитирањето во земјоделството и тоа:

**Прво**, какви ни се состојбите во областа на кредитирањето. Мое мислење е дека состојбите ни се крајно лоши и тешки, особено во општествените претпријатија кои не се трансформирани. Во последните три-четири години има една состојба да не се врши кредитирање за проширена репродукција, па дури ни за проста репродукција. Има механизација којашто е во лоша состојба, секако дека има два или три комбинати во кои се врши редовна обнова, но во повеќето комбинати тоа го нема. Ако претпоставиме дека еден комбинат има 100 трактори и со амортизациска стапка од 10 до 15%, тоа значи дека годишно треба да се набавуват 7 до 9 трактори за да се обезбеди само замена, односно обнова на постојниот машински парк. Неколку години наназад во повеќето земјоделски претпријатија нема обнова и моментално машинскиот



парк е навистина во една многу лоша и тешка состојба. Затоа ова претставува една од главните причини за опаѓање на производството, поради ненавремена и недоволна обработка на посеаните површини, а исто така присутна е и една состојба на недоволно користење на обработливите површини, така што еден поголем дел од обработливите површини остануваат како угари.

**Второ**, тековното производство, исто така, не се следи, односно кредитира со потребните средства. Затоа имаме состојба каде не се врши ѓубрење со вештачки ѓубрива (или недоволно се врши), како и несоодветна заштита на посевите и долгогодишните насади од болести, штетници и плевели. Посебно кредитирањето претставува проблем кај лозовите и овошните насади во делот на обнова и замена на старите насади. Сметам дека веќе сме соочени со проблемот на стари насади, поради што имаме една состојба на зголемени производствени трошоци, а остварување на помало производство. Наскоро ќе се соочиме со прашањето за подигање на нови насади заради задржување на постојното ниво на производство на грозје и овошје. За оваа состојба секако постојат причини, а една од главните причини е прашањето на приватизацијата, заради кое постојат одредени ограничувања. Затоа сметам, дека тој процес на трансформација и приватизација треба да се заврши што побрзо, за да престане процесот на намалување на производството и да се овозможи и создадат услови за кредитирање, односно да се создадат поповолни услови за користење на постојните производствени капацитети.

Ограничувачки фактор претставува и износот на средствата за кредитирање кои се нудат од домашни и странски извори. Сметам дека тие средства се недоволни и затоа треба повеќе да се потпреме на средствата од домашни извори.

Неодамна прочитав еден податок, дека преку 1,5 милиони долари од домашни извори не се во функција на стопанството, и тоа околу 800 до 1.000 милиони долари се средства кои се наоѓаат по домовите на граѓаните, околу 300 милиони долари се во сивата економија и околу 200 милиони долари се депонирани во странство. Тоа се пари на ова држава, а не се во функција на стопанството и земјоделството. Сега гласно размислувам: кога би се создале поволни услови и само 30% од овие средства да се активираат во земјоделството, тоа се околу 450 милиони долари. Ако се стават овие средства во сооднос со сеидбените површини од 300.000 хектари, тоа значи дека можат да се кредитираат 1.000 до 2.500 долари по хектар. Оваа математика не мора да биде точна, но сепак ценам дека има некоја корелација и извесна реалност.

**Третото** прашање е користењето на кредитите. Денес, а и понатаму ќе биде присутен овој проблем, бидејки користењето на кредитите се поврзува со хипотека на недвижен имот и кредитирање на вистинските земјоделски производители. За да се отстранат овие дилеми, се залагам и предлагам воведување на една картотека на земјоделците во Република Македонија. Тоа го има во Германија, каде со закон е кажано, која е таа категорија на граѓани кои добиваат статус на земјоделец. Со закон е кажано дека статус на земјоделец ќе добие оној граѓанин којшто поседува одредена обработлива површина или долгогодишни насади, одреден број на сточен фонд и друго. Ако некој има помалку од тие утврдени критериуми не добива статус на земјоделец, не може да користи поволни кредити и субвенции и други бенифиции кои се предвидени и наменети исклучиво за земјоделците. Според статистичките податоци, евидентирани се околу 700.000 земјоделски домаќинства. Мене не ми е познато кои критериуми ги користи статистиката, меѓу-



тоа, сметам дека еден од основните критериуми е живеењето на село, па ако има и малку земјоделска површина истиот се смета како земјоделец. Затоа се залагам да се постават вистински критериуми за наши услови, со кои ќе се каже кој може да добие статус на земјоделец. Се залагам за ова заради тоа што утре кога ќе се создадат поповолни услови за кредитирање на земјоделството да може да се кредитираат само земјоделци и да се води соодветна социјална политика и грижа за земјоделците. За мене не е земјоделец граѓанин кој живее на село, а поседува еден декар земја, или една крава или неколку кози, тој не може да добие статус на земјоделец и да има исти третман во делот на кредитирањето и другите бенефиции. За овие прашања во светот, а посебно во Германија, постојат закони и искуства кои можат да се користат и кај нас, и да се донесе соодветна законска регулатива за наши услови.

* * *

*Доц. д-р **Цане Пејковски**,*
*Земјоделски факултет - Скопје*

## ВЕТЕРИНАРСТВОТО И РАЗВОЈОТ НА СТОЧАРСТВОТО

Почитувано претседателство, колешки и колеги. Само за кратко би се осврнал на секторот ветеринарство, кој верувам е ненамерно изоставен на ова советување. Ветеринарната струка како дел од агрономската струка, претставува многу важен и клучен сегмент, како во обезбедувањето на здравствената заштита на животните, така и во севкупниот развој на сточарското производство во нашата земја, вклучувајќи го во сето ова и извозот на производи од животинско потекло, а пред се извозот на јагнешкото месо.

Со оглед на тоа дека вашата секција се занимава со проблемите на менаџментот и на маркетингот во земјоделството, сметам дека проблемите на ветеринарството имаат многу големо влијание врз унапредувањето на сточарството во Македонија, со сите позитивни ефекти што можат да произлезат од тоа.

Вам ви е познато, дека последниве неколку години Македонија не можеше да извезува јагнешко месо во земјите на Европската Унија, а тоа делумно се должи и на пропустите што ги направи ветеринарната служба во нашата земја. За надминување на овие состојби потребно е да се изврши кадровско екипирање на ветеринарната служба во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, што побрзо да се донесе законот за ветеринарство со кој ќе се спроведе процесот на приватизацијата. Сегашната поставеност на ветеринарната служба во Република Македонија е таква што истата не може да одговори на поставените задачи. По мое мислење, и со овој квантум на средства што се издвојуваат наменски, можно е да се постигнат многу поголеми резултати, само под услов да дојде до приватизација на ветеринарната служба и во иднина акцентот да се стави на сузбивањето на паразитските заболувања кај животните и зголемување на бројот на вештачко осеменети крави, свињи и овци, како и воведување, по пат на закон, на нови биотехнолошки методи во сточарството, како што е програмираното јагнење кај овците, интензивниот тов на јагнињa (феномен на двојно поголема добиена количина на јагнешко месо со ист број на овци).

*   *   *

*Дипл. инж.* ***Ристо Волчевски***

## КРЕДИТИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа, Јас сум Ристо Волчевски, дипломиран инженер агроном, а пред тоа и ветеринарен техничар со 25 години работно искуство во ветеринарната и сточарската струка, а сега стечаен работник, бидејќи мојата работна организација отиде во стечај (поточно од "Скопско Поле" кое прво се подели на помали организации, а, и тие, кои порано - кои подоцна, отидоа под стечај, меѓу кои и мојата организација ПОС "Бутел" - Скопје).

Јас ќе се произнесам по програмата на ИФАД, програма за ревитализација на миграционо најзагрозените ридско-планински и погранични места во јужните и источните делови на Република Македонија. За оваа програма се произнесувам затоа што потекнувам од с.Чаниште, Мариово, а тоа е подрачје опфатено со програмата на ИФАД, и сакам да дадам придонес за ревитализацијата на тој крај.

Програмата е објавувана преку информативните средства, за жал со доста нејаснотии, а од нив и јас сум информиран.

Ќе истакнам некои услови што треба да бидат исполнети за побарување на тој кредит:

- *Барателот да не е постар од 60 години;* Господа, па таму помлади и нема, или ако има живее и стопанисува во селото, но не е жител на тоа село, а е жител на околните градови, Прилеп или Битола, со што, иако живее во тоа село, не ги исполнува условите по основ на местото на живеење.
- *Да поседува земја на свое име;* па таму имотно-правните односи по основ на наследство не се разрешени.
- *Барателот да е жител на селото и таму да живеел повеќе од 5 години;* тоа значи дека повратниците не се опфатени, а без повратниците за каква ревитализација станува збор?!
- *Барателот да има плаќано даноци и придонеси, пензиско и здравствено осигурување;* Господа таму нема таков, бидејќи луѓето или се пензионери со минимална пензија по основ на земјоделско осигурување, или има некаква минимална социјална заштита.



Господа, се зборува за ревитализација; јас се прашувам, за каква ревитализација се зборува кога не се опфатени работници и стручни кадри кои сакаат да се вратат и да стопанисуваат таму од каде потекнуваат, а според наведените услови повратниците не се опфатени.

Во програмата стои 11.500 долари, мислам на максималната сума. 20% се одбива за изградени објекти, односно може да се добие сума до 9.000 долари со 6% камата на годишно ниво и грејс период од една година, а рок на враќање 4 години. Во програмата се вели дека овие услови се многу поволни. По мое мислење, овие услови ни најмалку не се поволни; **прво**, сумата е мала за да се почне од почеток да се стопанисува во земјоделството и сточарството; **второ**, 4+1 години враќање на кредитот е краток период, а

исто така и 6% камата - иако на годишно ниво сепак е висока. (По мое мислење, камата поголема од 3% на годишно ниво е висока).

Дами и господа. Оваа кредитна линија беше долго очекувана, а под овие кредитни услови нема да биде искористена, барем не во регионот што јас го познавам - Мариово. Ако не бидат изменети условите, и ако не бидат опфатени стручните кадри кои поради било која причина останале без работа, нема да има ревитализација на тие региони и села. Новина во производството и технологијата во тие региони и села можат да внесат само стручни кадри повратници, а со тоа да дојде и до ревитализација на селото.

Дами и Господа! Без поддршка на стручните кадри како повратници во селото, НИШТО од ревитализацијата.

*　　*　　*



*Проф. д-р* ***Тодор Галев,***
*Земјоделски факултет - Скопје*

## ДИЛЕМИТЕ ПО ОДНОС НА ПЛАНОТ И СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПОИНТЕНЗИВЕН РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ДО 2020-та ГОДИНА

Почитувани гости и колеги. На крајот, верувам ќе се сложите, дека на советувањето покрај рефератот имаше и богата дискусија по проблемите и стратегиите за долгорочниот развој на земјоделството во Република Македонија. Се разбира, имаше и некои, би рекол на видум, несогласувања по однос на предложената алтернатива на идниот развој, како и во голема мерка идентични ставови во однос на аграрнатра политика и мерките за остварувањето на побрз развој до 2020-та година.

Во поднесениот реферат за елементите на стратегијата, разгледани се две сценарија: едното е Проекција базирана врз екстраполација на досегашни трендови во развојот на земјоделството, и второто е Програма која се предлага како глобален оптимален план и стратегија за поинтензивен долгорочен развој на земјоделството до 2020-та година. Беше нагласено, дека Проекцијата на развојот покажува минимална стапка на растеж од само 1% и дека не може да биде цел на стратегија за долгорочен развој на земјоделството во Републиката. Со таков забавен растеж на производството уште повеќе ќе се намали користењето на сите ресурси за земјоделско производство

(земјиштето, земјоделското население и капиталот - инвестициите во развојот). Оттука, Проекцијата беше изработена повеќе за ориентација - да се види каков би бил идниот развој на земјоделството ако продолжат досегашните неповолни трендови во однос на користењето на факторите на развојот, одошто како оптимална алтернатива за долгорочен развој. Затоа, изработувачите на стратегијата се определија за изготување на посебна Програма, со која ќе може да се реализира стратегија на поинтензивен долгорочен развој, одошто тоа го покажуваат досегашните трендови. Притоа, со Програмата се води сметка, да врз основа на усогласени биланси помеѓу можното зголемување на земјоделското производство, согласно компаративните предности и оптималното можно задоволување на домашната потрошувачка и максимално можниот извоз на земјоделски производи и преработки.

Оттука, изработувачите на стратегијата не предлагаат две сценарија за идниот развој, туку само едно, а тоа е Програмата. Со неа се предвидува, до 2020-та година, вредноста на поледелското производство да се зголеми за два, а за сточарското дури за три пати, во споредба со сегашната состојба. Така што, постои недоразбирање од страна на некои од дискутантите кои предложија и некое трето сценарио со кое би се предвидел поголем развој на сточарството и поледелството. Во Програмата не е запоставен и можниот развој на овоштарството, лозарството и градинарството.

При разгледувањето на стратегијата за долгорочниот развој на земјоделството до 2020-година, не можеше да се избегне и дискусијата околу промените во аграрната структура и аграрната политика, со што ќе треба да се поттикнува идниот развој на земјоделството (посебно во постприватизациониот-транзиционен период).



Во однос на промените во аграрната структура, ми се чини дека немаше спротивставени мислења за начинот на кои тие треба да се вршат. Односно, се констатира дека во долгорочниот развој на земјоделството ќе се смета на таква земјишна трансформација помеѓу индивидуалните земјоделски стопанства и земјодлеските претпријатија, така што кај првите нивната големина треба да се зголемува, а кај вторите да се сочува нивната "комасирана" земјишна големина за високо комерцијално примарно земјоделско производство. Окрупнувањето на индивидуалните земјоделски стопанства нема да биде лесна работа. Од презентираните податоци се виде дека емиграцијата на селското население и напуштањето на земјоделското земјиште за земјоделско производство ни оддалеку не запира. Затоа, со аграрната политика државата треба да обезбедува профитабилен амбиент во земјоделската дејност, со што ќе се стимулира ангажирањето и враќањето во селото на помладата популација на население, како семејни бизнис фармери, користејќи поголеми напуштени и необработени земјишни површини. Односно, долгорочнист развој на земјоделството мора да се поддржува со соодветна селективна и флексибилна политика на цени и умерени субвенции што ќе го штити во чекор со секоја промена на пазарот од нелојална конкуренција, било поради монополски однесувања на преработувачите и трговијата на домашниот пазар, а уште повеќе на надворешниот пазар (особено при увозот на прехранбени производи од земји каде што тие високо се штитат). Во рефератот се напомена дека и СТО не предлага целосно укинување на субвенциите во земјоделството, туку постапно намалување (особено во земјите во развој).

* * *

*Проф. д-р **Стефан Костовски**,*
*Филозофски факултет - Скопје*

**ПРОМОЦИЈА НА СТУДИЈАТА:**

## СТРАТЕГИЈА, ПОЛИТИКА И УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Почитувано претседателство. Укажана ми е посебна чест, на овој научен собир, пред овој аудиториум да ја промовирам студијата "Стратегија, политика и управување со развојот на руралните средини на Република Македонија" и можете да се уверите од многу точки, од многу тематски средини, е многу сродна, блиска, со сите оние прашања и проблеми на кои е посветен овој научен собир. Со оглед на тоа, претпоставувам дека книгата многу малку од вас имале можност барем да ја прелистаат, затоа што таа штотуку излезе од печат. Во моите подготовки за оваа промоција одлучив најнапред да ве запознам со описот, структурата и одделните делови на студијата и да дадам кратка анализа на тие делови, а во вториот дел од својата промоција да дадам и едно свое сопствено критичко просудување за нејзините вредности и нејзиното значење.

Студијата "Стратегија, политика и управување со развојот на руралните средини во Република Македонија" претставува експлоративен, корективен труд настанат врз основа на научно-истражувачкиот проект, со ист наслов реализиран од група на автори кои



веќе се спомнати, од Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, под раководство на проф. д-р Јорде Јакимовски и соработниците д-р Душан Бубевски, д-р Илија Тодоровски и д-р Наум Матилов. Студијата обработува пет тематски целини, логички организирани и проблемски поврзани, а тие се: **1.** "Населените места во Република Македонија"; **2.** "Образованието во селските населби"; **3.** "Политиката на развој на управувањето на руралните средини"; **4.** "Политички, институционални и организациони аспекти и стратегијата на развој на руралните средини на Република Македонија"; и **5.** "Научната основна политика спрема семејството на село и положбата и перспективите".

Во рамките на **првиот** дел од трудот, чиј автор е д-р Душан Бубевски најнапред се дава еден кус историски преглед на развојот на човечките населби, за потоа да ги анализира движењата ѝ развојот на селските населби во Република Македонија Во тој контекст, авторот посебно внимание посветува на следниве прашања: движењето на земјоделското и селското население, број на населението во населени места и прашањата, колкава е урбанизацијата на селските населби; и второ, некои аспекти на стратегијата за развој на селските населби во Република Македонија. Во анализата на карактеристиките, движењата и процесите на селските населени места во Република Македонија, авторот на овој дел, користејќи главно показатели до статистиката и некои показатели од анкетните истражувања, успеал да изгради појдовна основа за натамошната анализа на одделните суштински прашања од стратегијата и политиката на развој на селските населби во Република Македонија.

Во **вториот** дел од трудот, од истиот автор, изложени се сознанијата за развојот на школството во селските населби во Република Македонија, и во рам-

ките на тој дел се обработуваат следниве прашања: општи сознанија за развојот на школството во селските населби, состојбата на школството во селските населени места, и трето, образовната структура на селското население.

**Третиот** дел на трудот, чиј автор е професорот д-р Јорде Јакимовски, посветен е на политиката на развојот на управувањето на селските средини. Во рамките на овој дел обработени се следниве прашања: некои основни социо-економски карактеристики и тенденции на село, основни прашања во политиката на развој во руралните средини, развојот на задругарството, стабилизации на селото, мулти-секторски пристап во развојот на селото и размислувањата за управувањето на руралните средини. Иако на релативно мал простор, авторот на овој дел доволно упатно, аргументирано и на мошне пристапен начин ги изложува основните стојалишта на политиката на развој и управувањето на руралните средини и идното организирање и дејствување на село во Република Македонија. Мошне успешна, полезана и употреблива за сегашни политички прилики и третмани на селото и воопшто за односот на општеството кон селото, е критичката анализа што ја дава авторот за несоодветната политика на развојот на аграрот и селото воопшто. Продолжувајќи ја таа критичка оценка за политиката и развојот на руралните средини, авторот ги изнел и негативните последици од таквата политика: напуштањето на земјоделството, а потоа напуштањето на селото, стареењето на земјоделското и селското население, на селото, итн.

Во четвртото поглавје на овој дел - во мултисекторски пристап за развој на селото, и во петото поглавје - размислување за управувањето со руралниот развој, авторот ја истакнува потребата од промена на односот на општеството кон селото. Во тој контекст



го разработува и изложува мултисекторскиот концепт за развој на селото и најновиот модел на управување со руралниот развој.

Во **четвртиот** дел на студијата, чиј автор е Илија Тодоровски, со наслов: "Политички, институционални и организациони аспекти на стратегијата на развој на руралните средини на Република Македонија" се обработуваат следниве прашања: опис на состојбите на стопанската и инфраструктурната компонента, и второ, излезната компонента: посредни и непосредни мерки. Авторот на овој дел од студијата дава сеопфатна анализа на политичките, институционалните и организационите компоненти на стратегијата на руралниот развој на Република Македонија, дава критичка оценка за ефикасноста на делувањето на органите на власта, државната власт, локалната самоуправа и на разните организации и институции во насочувањето и остварувањето на политиката на руралниот развој во Република Македонија. Тој, оттаму, кажува за нивните слабости и пропусти и на крајот ги посочува конкретните мерки - посредни и непосредни - кои би довеле до радикално подобрување на статусот на селото и земјоделството.

Во **петтиот** дел на трудот, чиј автор е Наум Матилов, се обработуваат следниве прашања: прво, општествената положба на семејството на село; и второ, глобалните научни претпоставки и перспективи за заснование на општествена стратегија и политика на семејството во руралните средини. Во овој дел од анализата, даден е еден сеопфатен приказ на развојот на селското семејство, при што посебно ги анализира социјалните проблеми на семејството на село, општествената заштита на децата, здравствената заштита, пензиското и инвалидско осигурување на земјоделското население итн. Тоа е оној прв дел, којшто, реков,

е опис и анализа на структурнтие елементи на оваа студија.

Вториот дел којшто го подготвив за оваа промоција би го насловил како мои сопствени вредности и просудување, критичка анализа за значењето на оваа студија. Студијата што денес ја промовирам, во целина гледано, е успешен научен потфат за една критичка анализа, но и суверена синтеза на сознајните вредности, во едно повеќедецениско, континуирано истражување во Институот за социолошки и политички-правни истражувања, во една многу значајна област од нашата општествена стварност - селото и селскиот живот. Одредено признание ова дело заслужува и поради тоа што се јавува токму во часот кога, постепено иако бавно, се менува односот на нашето општество кон селото и влијанието на науката во решавањето на прашањата и проблемите од животот и работата на село. Во тој контекст, ја истакнувам свртеноста и поставеноста на делото кон прашањата и проблемите од животната средина на нашето село, од селскиот живот, неговата сложеност, неговата култура и институциите, неговите односи и процеси и фактори на промените. Истражувачките тематизации во студијата, синтетизираните сумирани сознанија и општите согледби на авторот од секој поединечно и сите заедно, во една динамична корелација се дадени во еден жив, автентичен дијалог со нашите состојби, нашата сопствена почва, нашата сопствена средина и нашето сопствено време. Истакнувајки го овој општествен момент во кој се јавува ова дело, го апострофирам и фактот на неговата неподложност на идеолошки содржини и мотиви, односно непромислениот императив на политиката на дијалог, отсекогаш корозивни и негативни искушенија за општествените науки. Кога ги истакнувам теоретските, сознајните вредности на ова дело, во вредните општествени импликации и содржи-



ни, содржани и навестени во него, нужно, барем мене, ми се наметнува и фактот дека постоеше повеќедецениска криза на нашето село. Таа криза не е само економска, не е само политичка, ниту само морална и слично. Тоа е криза на целокупниот начин на живот на село, криза на селото воопшто, неговото опстанување, опстанувањето на селанецот и на земјоделството. Тој факт денес изгледа никој не го порекнува. Меѓутоа, додека се уверивме во тој факт, помина долго време, изгубивме доста време за совладување или барем ублажување на таа криза. Промените во нашето село се премногу длабоки, особено денес. За да може селото, селанецот сами да се прилагодат на тие проблеми и да си го обезбедат своето опстанување, општеството мора да помогне и да ја обезбеди преобразбата, или како што денес повеќепати слушнав, трансформацијата на селото како негов неопходен дел. Се разбира, не е наше, ниту е ова прилика да предлагаме мерки кои треба да се преземаат. Наше е да укажеме на значењето на оваа студија, и на науката воопшто, во преобразбата на селото како нејзина крајна цел. Со оглед на теоретските сознанија, богатата референцијална подлога, како и оптшествените импликации содржани во оваа студија, нашата научна и поширока јавност добива значајно дело чии сознанија можат да бидат од посебна корист за успешно насочување и решавање на други прашања од процесот на трансформацијата на селото за кои ние денес говоревме.

* * *

## SUMMARY

From the whole content of the anthology, in the way it is made, according to the applied conception, few conclusions may be quoted by which the basic problems and tendencies in the agric complex and the village in the Republic of Macedonia could be seen, as well as possible ways of their solution.

The period after the Republic of Macedonia become an independent country; is characterized with dynamic change of the economic structure in which the participation of the agriculture has a continuous tendency of increase.

The participation of the agriculture in formation of the gross domestic product is on a relatively high level of 23,4% within the last years (1991-1995).

The increase of the agriculture in formation of the social product is rather result of the decrease of the participation of the industry than it is in the agriculture.

However, if the structural economic movements in the whole agric industrial complex are seen, where the agricultural products are processed into final products for the consumers, then the significance of the agriculture into the whole economy is growing on a higher technical level.

The contribution of the agriculture to other sectors of the economy, according to Prof. dr.sci. Galev, could be the best explained through the coefficient of so called inverse matrix. According his studies, for a final demand by the agriculture to the amount of 100 denars, production and services should be made and then the same should be sold to the internal sectors of the economy, that in this case is





160 denars (out of which 40 denars are direct contribution and 120 denars is indirect contribution).

By the analysis of the potentials and results from the former development of the agric complex, the realization regarding the factors that effect on the development could be reached, as well as the possible redirecting of the same towards more intensive long term development. In this case, two scenarios for long term development of the agric complex are elaborated.

First scenario: development according to the former trends of the development and insufficient macroeconomic support for the development of the agriculture.

Second scenario: a reasonable more intensive and optimal engaging of the available factors, and more aggressive macroeconomic policy.

The rural development itself represents a development of two important components: the economic and the infrastructural. If an average rural family earns nearly as much as an average urban family, it is the first condition for remaining of the rural residents into their places of birth. And, if the infrastructure of the rural places is similar to the infrastructure of the urban places, the second condition for remaining of the remaining in the rural places will be realized.

Having in mind the constant situation of the agriculture and the village from one side - the natural potential, and on the other side the settlements - equipping of the same with the infrastructural objects, and the inhabitants - the demographic and social composition, the need of integral rural development is an imperative.

Such concept that would not interrupt the natural balance is needed, i.e. which would justify the values of a harmonious development and which could not only be measured by the economic effects, would stimulate the

local development which would reduce the migration to municipal and industrial centers.

The new concept of the rural development requires specific efforts regarding the mobilization of the available potential of the production in the agriculture and the village, as well as in bringing a new agric policy.

The village could have its future if it has inhabitants and if all elements for normal civilized way of living are available (electricity, road, water, transportation means etc.)

In this sense the attitude towards the village should be changed. Namely, the village needs wide economic and cultural development, that is planning before placing economic entities, the socially owned institutions and other infrastructure objects that would enable civilization conditions for better living standards of the inhabitants.

Harmonizing of the main components of the agric policy with those of the developed countries and the European Union countries, as well as provoking of intensive investment cycles is of great importance for realization of the strategic developing aims of the agriculture and the village.

The need of focusing of the global aims and activities in the agriculture and the village is undoubtedly very important element that should affect in a suitable way upon the economic conditions in the Republic of Macedonia.



**Издавач:**
Фондација "ФРИДРИХ ЕБЕРТ"
Канцеларија Скопје

**Адреса:**
Бул. Партизански одреди бр.89
91000 Скопје, Република Македонија

**Техничка обработка:**
Миле Митровски

**Дизајн на корица:**
Ненад Здравковиќ

**Печат и реализација:**
"АМК МАКДИЗАЈН" д.о.о. - Скопје

**Тираж:**
500 примероци

*Според мислењето на Министерството за култура на Република Македонија бр.07-1694/2 од 12.03.1999 година, на овој производ се пресметува и плаќа повластена стапка на данок на промет на стоки во висина од 5%.*

AMK® makdizajn